# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

## Компаративна анализа за работењето на општините за 2004 - 2008

Извештај, јуни 2009

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
ZELS

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-
Скопје

352.075;7[1]:005.584.1(497.7)"2004/08"(047)

352.073.52;005.584.1(497.7)"2004/08"(047)

МОНИТОРИНГ на сроведувањето оа децентрализацијата Ч компаративна анализа на работењето на општините за 2004-2008 : извештај, јуни 2009 / шуредници Фани Каранфиловска-Пановска, Кире Миловски]. - Скопје: Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2009. - 233 стр. : табели, граф. прикази ; 21x30

Тираж 300

ISBN 978-608-218-016-8

а) Локална самоуправа - Урбанизам - Мониторинг - Македонија - 2006-2007 - Извештај

б) Локална самоуправа - Финансирање - Мониторинг - Македонија - 2004-2008 - Извештај

COBISS.MK-ID 79432202

Мониторинг на спроведувањето
на децентрализацијата
Компаративна анализа
за работењето на општините
за 2004 – 2008
Извештај
Јуни 2009

**Издава:**
Фондација Институт отворено општество – Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин, извршен директор

**Уредници:**
Фани Каранфилова Пановска
Кире Миловски

**Лектура:**
Абакус

**Ликовно-графичко обликување:**
Кома

**Печат:**
Бато и Дивајн

**Тираж:**
300 примероци

# Содржина


007 Битола

021 Боговиње

031 Дебар

049 Гевгелија

071 Карбинци

089 Кавадарци

109 Куманово

133 Охрид

147 Осломеј

157 Тетово

181 Штип

209 Шуто Оризари

219 Компаративна презентација на податоците за општините

225 Заклучни согледувања од мониторингот на спроведувањето на процесот на децентрализација во областа на локалното финансирање

227 Заклучоци и препораки од извршениот мониторинг на процесот на децентрализација во областа на урбаното планирање

231 Заклучоци и препораки од извршениот мониторинг на процесот на децентрализација во областа на образованието

# **МОНИТОРИНГ** НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

## Прибирање податоци и подготовка на извештаи:

**Драган Талевски** - Битола
**Мери Петковска** - Битола
**Билјана Тофиловска** - Боговиње
**Едуарда Каја** - Дебар
**Велика Димитрова** - Гевгелија
**Катерина Бејков** - Гевгелија
**Сузана Цветкова** - Карбинци
**Славица Петрова** - Кавадарци
**Даница Милкова** - Кавадарци
**Анета Јордановска** - Куманово
**Наташа Гиевска** - Куманово
**Тони Цветаноски** - Охрид
**Мимоза Поповска** - Охрид
**Љубица Костадиноска** - Охрид
**Бејтула Бајрами** - Осломеј
**Маја Китановска** - Тетово
**Зоран Илиевски** - Тетово
**Верон Бајрами** - Тетово
**Радмила Сандева** - Штип
**Лидија Глигорова Јанкова** - Штип
**Мила Искреновиќ** - Шуто Оризари
**Емануела Есмерова** - Шуто Оризари

# Вовед

## Цели на проектот

Проектот има за цел да поддржи ефикасен, транспарентен и отчетен процес на децентрализација преку следење на спроведувањето на надлежностите на полето на локалните финансии, урбанистичкото планирање и на образованието во 12 општини[1]. Седумнаесет монитори предложени од локалните невладини организации ги следат процесите во општините врз основа на претходно развиена методологија и претходно разработени показатели. Методологијата е развиена од Работната група на проектот составена од домашни експерти[2].

Во периодот јануари – јуни 2009 година, Работната група направи компаративна анализа на извештаите на мониторите за 2008 година и даде свои препораки за измена и дополнување на индикаторите за следење на процесот на децентрализација во 2009 година. На 28 март 2009 година беше одржана работна средба на која Работната група во соработка со локалните монитори ги разгледаа сите отворени и проблематични прашања кои се појавија во следењето на процесот за изминатата година и беа прифатени одредени измени и дополнувања на матрицата во која се внесуваат показателите, се со цел за нејзино подобрување а со тоа и поефикасно следење на процесот на децентрализација.

## Системот за мониторинг на работењето

Предложената методологија за системот за мониторинг на работењето ги следи следните чекори:

1. Дизајн на систем за мониторинг и евалуација според потребите, приоритетите на политиките и постоечкиот капацитет на административната структура.
2. Избор на пакет клучни показатели кои се базираат на политиките и се соодветни на локалната самоуправа да и овозможат континуирано собирање на податоци.
3. Дизајн на база на податоци која е способна за одржување на податоците од показателите, поддржување на идното ажурирање и додавање на ставки за нови податоци од показателите.
4. Развој на постапки за тековно собирање на и управување со податоци за да се поддржат идните лонгитудинални студии, како и евалуациите на политиките.
5. Изготвување извештаи за наодите од анализата на податоците.
6. Изготвување на печатени материјали (периодични извештаи) за дисеминација на

---

1 Битола, Боговиње, Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Карбинци, Куманово, Охрид, Осломеј, Тетово, Штип и Шуто Оризари

2 Катица Димовска Талевска, општина Прилеп, Крсто Андоновски, град Скопје, Бранко Трајчевски, град Скопје, Даниела Адамова, град Скопје, Пламен Георгиевски, Министерство за локална самоуправа, Душица Перишиќ, ЗЕЛС

резултатите. Што се однесува до воспоставувањето на мониторинг систем во поглед на трансферот на надлежностите од централно на локално ниво, за процесот на реализација на надлежностите во областите на финансии, урбанистичко планирање и образование, процесот кој требаше да се следи, а се темели на погоренаведените чекори, беше:

**Задача 1:** Идентификување на областите/програма

**Задача 2:** Целта

**Задача 3:** Идентификување на показатели за инпути, аутпути, ефикасност, продуктивност итн., за областа/програмата

**Задача 4:** Утврдување на цели кои треба да се постигнат

**Задача 5:** Мониторинг

**Задача 6:** Изготвување извештаи

**Задача 7:** Анализа, препораки и натамошни акции

## Агрегираната база на податоци

Овој извештај ги сумира резултатите од задачите за собирање и анализа на податоците. Методолошката алатка која го поддржа изведувањето на компаративната анализа на дванаесетте општини беше воспоставувањето на агрегирана база на податоци. Неа ја сочинуваат два вида на работни табели: компаративни работни табели и агрегирани работни табели. Тие беа класифицирани во согласност со видот на надлежноста што е предмет на мониторингот:

- УРБАНИЗАМ
- ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ
- ОБРАЗОВАНИЕ

Компаративните работни табели се најважните за лонгитудиналаната компаративна анализа и ја даваат реалната слика за еволуцијата на показателот на квалитативен и квантитативен начин. Компаративните работни табели се состојат од следните полиња за секој показател:

- Вреднот на показателот (2004)
- Вредност на показателот (2005)
- Вредност на показателот (2006)
- Вредност на показателот (2007)
- Вредност на показателот (2008)
- Оценка на еволуцијата на показателот
- Тренд
- Коментари/проблеми кои што ги навела општината
- Коментари
- Споредба со другите општини со слична големина/профил
- Препораки

Агрегираните работни табели за конкретна година ја сумираат вредноста на секој показател за сите 12 општини што учествуваат во проектот. Тоа овозможува да се спореди работењето меѓу општините. Се разбира, споредбите се прават меѓу општини со слична големина, профил и карактер.

## Цели и задачи на агрегираниот извештај

Главните прашања од анализата во Агрегираниот извештај (или Извештајот за компаративната анализа на работењето на општините) на кои анализата се обидува да даде одговор преку процесот на мониторинг на работењето се:

- Какво е генералното работење на секоја општина во последните 5 години (2004-2008) во областа (УРБАНИЗАМ, ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ)?
- Какво е генералното работење на секоја општина пред и по децентрализацијата?
- Какво е работењето на општините во текот на 2008 година во споредба со слични општини?
- Кој е трендот на главните показатели?
- Дали има препораки кои би го подобриле работењето?

Извештајот за компаративна анализа на работењето на општините, кој ќе се обиде да даде одговор на овие прашања, се состои од три дела:

1. **Индивидуална** анализа на работењето на општината за секоја од дванаесетте општини во периодот од 2004 до 2007 година.

2. **Компаративна** анализа на податоците за работењето на општините за сите дванаесет општини во периодот од 2004 до 2007 година.

3. **Заклуцоци и препораки** од Работната група на проектот.

# Битола

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2008 год.

## 1. Број на поднесени барања за изводи од урбанистичкиот план

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2004** | 7 | 26 | 18 | 16 | 10 | 9 | 7 | 10 | 12 | 11 | 6 | 18 | 150 |
| **2005** | 14 | 56 | 67 | 66 | 70 | 82 | 0 | 92 | 84 | 87 | 92 | 69 | 779 |
| **2006** | 64 | 90 | 117 | 64 | 93 | 101 | 63 | 84 | 93 | 129 | 214 | 890 | 2.002 |
| **2007** | 763 | 368 | 326 | 214 | 186 | 198 | 132 | 106 | 115 | 134 | 158 | 118 | 2.818 |
| **2008** | 125 | 167 | 201 | 153 | 169 | 160 | 153 | 137 | 191 | 248 | 240 | 357 | 2.301 |






Првиот показател функционира многу добро, а во последните три месеци од 2008 година се забележува значителен пораст на бројот на писмените барања што граѓаните ги поднесуваат до надлежниот орган на Општината, што е знак за зголемениот интерес на граѓаните за градење, односно за согледувањето на планските можности за уредување на конкретен простор. По поднесувањето на барањата, во законскиот рок од 5 дена, општината им издава изводи од урбанистичките планови. Од крајот на 2005 година, кога започна спроведувањето на процесот на децентрализација, резултатите од спроведувањето на самиот процес се одлични. И во натамошниот период се бележи континуирано ефективно и ефикасно функционирање и спроведување на истиот, па бројот на поднесени барања за изводи од урбанистичкиот план во споредба со 2004 и почетокот на 2005 година е драстично поголем.

## 2. Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 26 | 18 | 16 | 10 | 9 | 7 | 10 | 12 | 11 | 6 | 18 | 150 |
| 2005 | 14 | 56 | 67 | 66 | 70 | 82 | 0 | 92 | 84 | 87 | 92 | 69 | 779 |
| 2006 | 64 | 90 | 117 | 64 | 93 | 101 | 63 | 84 | 93 | 129 | 214 | 730 | 1.842 |
| 2007 | 680 | 541 | 362 | 286 | 165 | 208 | 137 | 95 | 131 | 131 | 153 | 119 | 3.008 |
| 2008 | 126 | 144 | 197 | 172 | 134 | 170 | 143 | 192 | 198 | 228 | 227 | 339 | 2.270 |







Овој показател во дното на табелата го достигнал својот максимум во 2007 година, кога се издадени најголем број изводи од урбанистичкиот план (јануари – 680). Евидентно е дека, како и претходниот индикатор, и овој добро функционира и резултира со пораст. По издавањето на изводите од урбанистичкиот план следува изработка на архитектонско-урбанистички проект кој се поднесува до надлежниот орган во општината, заедно со барањето за решение за локациски услови. Од табеларниот приказ може да се забележи дека овој индикатор почнал успешно да функционира кон крајот на 2006 година и во почетокот на 2007 година, кога го достигнува својот максимум, а во натамошниот период бележи мошне избалансирано и континуирано функционирање.

## 3. Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 10 | 27 | 30 | 25 | 36 | 49 | 30 | 24 | 16 | 33 | 47 | 38 | 365 |
| 2005 | 17 | 22 | 28 | 37 | 29 | 43 | 9 | 17 | 15 | 13 | 9 | 5 | 244 |
| 2006 | 10 | 14 | 20 | 18 | 26 | 22 | 16 | 14 | 26 | 25 | 13 | 8 | 212 |
| 2007 | 5 | 18 | 14 | 28 | 29 | 31 | 22 | 20 | 17 | 17 | 24 | 14 | 239 |
| 2008 | 14 | 24 | 16 | 18 | 25 | 31 | 21 | 20 | 29 | 21 | 25 | 25 | 269 |




За разлика од 2007, кога имаше поголеми процентуални промени во неговото движење, показателот за 2008 година укажува дека бројот на поднесени барања за решенија за локациски услови е малку поголем, но со пораспределен месечен биланс, што значи дека граѓаните одлучуваат да ја продолжат постапката за градење. Овој континуитет во функционирањето на сите претходни показатели покажува дека надлежните органи во општината ефикасно ги спровеле промените што ги наметнал процесот на децентрализација.




## 4. Број на позитивно решени барања / издадени решенија за локациски услови

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 10 | 26 | 26 | 24 | 32 | 46 | 28 | 20 | 14 | 30 | 42 | 36 | 334 |
| 2005 | 16 | 20 | 26 | 34 | 26 | 40 | 9 | 14 | 15 | 13 | 8 | 4 | 225 |
| 2006 | 9 | 14 | 20 | 16 | 22 | 14 | 16 | 14 | 26 | 25 | 13 | 8 | 197 |
| 2007 | 5 | 17 | 14 | 26 | 22 | 23 | 30 | 6 | 25 | 24 | 18 | 25 | 235 |
| 2008 | 16 | 15 | 19 | 20 | 21 | 17 | 36 | 22 | 24 | 18 | 27 | 23 | 258 |

Бројот на позитивно решените барања за решенија за локациски услови се поистоветува со бројот на издадените решенија. Во текот на 2008 година има само 3 одбиени или неиздадени барања / решенија, односно во споредба со претходните години во 2008 имаме најмалку одбиени барања, што значи дека граѓаните добро ја запазуваат и ја почитуваат процедурата за поднесување на целокупната потребна документација и дека се добро упатени во целата постапка. Ефикасното функционирање на овој показател се должи на обученоста и на професионалноста на вработените општински службеници, како и на нивната непосредна комуникација со граѓаните. Иако бројот на поднесените барања за решение за локациски услови во 2004 година е најголем, во тој период индикаторот не бил ефективен од причина што за сметка на поголемиот број поднесени барања за решение, има поголем број одбиени барања / неиздадени решенија, што може да се

види од табеларниот приказ, а тоа најмногу се должи на нецелосната и некомплетна документација при поднесувањето на барањето.







## 5. Број на одбиени барања / неиздадени решенија за локациски услови

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 2 | 4 | 1 | 4 | 3 | 2 | 4 | 2 | 3 | 5 | 2 | 32 |
| 2005 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 | 19 |
| 2006 | 1 | 0 | 0 | 2 | 4 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| 2007 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 5 | 2 | 2 | 1 | 21 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |






## 6. Број на поднесени барања за одобрение за градење

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 9 | 16 | 15 | 14 | 27 | 34 | 20 | 33 | 26 | 16 | 26 | 18 | 254 |
| 2005 | 6 | 12 | 20 | 30 | 46 | 35 | 20 | 16 | 30 | 10 | 14 | 40 | 279 |
| 2006 | 21 | 7 | 13 | 23 | 12 | 11 | 9 | 28 | 13 | 17 | 19 | 27 | 200 |
| 2007 | 8 | 19 | 17 | 27 | 15 | 25 | 21 | 21 | 19 | 12 | 21 | 19 | 224 |
| 2008 | 13 | 18 | 35 | 10 | 22 | 19 | 23 | 14 | 17 | 13 | 20 | 18 | 222 |







И кај овој показател, покрај доброто функционирање, се забележува континуитет што започнал уште кон крајот на 2005, а продолжил и во 2006, 2007 и во 2008 година, и ја покажува сериозноста на граѓаните во реализирањето на нивниот план за градење и продолжување на постапката за добивање дозвола за градење.

## 7. Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градење

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 8 | 16 | 15 | 14 | 25 | 32 | 16 | 31 | 26 | 16 | 24 | 18 | 241 |
| 2005 | 6 | 12 | 20 | 28 | 41 | 32 | 20 | 16 | 26 | 9 | 12 | 36 | 258 |
| 2006 | 18 | 6 | 13 | 22 | 21 | 11 | 9 | 28 | 13 | 17 | 19 | 15 | 192 |
| 2007 | 6 | 13 | 15 | 22 | 11 | 13 | 23 | 15 | 26 | 17 | 13 | 14 | 188 |
| 2008 | 9 | 14 | 27 | 23 | 17 | 31 | 21 | 14 | 17 | 18 | 18 | 12 | 221 |

Бројот на позитивно решените и бројот на издадените одобренија за градење е идентичен. Показателот почнал одлично да функционира уште во средината на 2005 година, а бројот е речиси идентичен и во однос на бројот на поднесените барања за одобренија.






## 8. Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градење

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 4 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 14 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 3 | 0 | 0 | 4 | 1 | 2 | 4 | 21 |
| 2006 | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| 2007 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 6 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 7 |

Иако во 2004 и во 2005 година се издадени најголем број одобренија за градење, во тој период индикаторот не бил ефективен од причина што за сметка на поголемиот број поднесени барања за одобрение за градење, има поголем број неиздадени решенија, што може да се види и од табеларниот приказ. Во 2006, 2007 и во 2008 година бројот на одбиени барања за одобрение за градење е мошне мал, што покажува дека е многу мал процентот на граѓаните кои имале некомплетна документација или процентот на граѓаните на кои проектот за градење не им бил во согласност со решението за локациски услови (во споредба со 2004 и 2005 година).







## 9. Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 2005 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 2006 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 2 | 1 | 14 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 3 | 4 | 5 | 4 | 2 | 0 | 22 |
| 2008 | 8 | 4 | 7 | 7 | 2 | 11 | 8 | 6 | 9 | 6 | 8 | 8 | 84 |




Показателот, како што може да се забележи, најдобро функционира во 2008 година, кога има најголем број поднесени барања за одобрение за употреба (вкупно 84), што значи дека имаме добар процент изградени објекти.




## 10. Број на издадени одобренија за употреба

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 2005 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 2006 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 2 | 1 | 14 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 4 | 6 | 2 | 3 | 2 | 21 |
| 2008 | 5 | 4 | 7 | 3 | 3 | 9 | 8 | 9 | 11 | 1 | 11 | 10 | 81 |

Бројот на издадени одобренија за употреба е најголем во 2008 година (81). Бројот на поднесените барања за одобрение за употреба е речиси идентичен со бројот на издадените одобренија за употреба, што покажува како се реализира урбанистичкиот план. Во 2008 година се забележува пораст во функционирањето на овој индикатор, кој резултира со максимална бројка (11) во септември и во ноември, што може да се види од табеларниот приказ.






## 11. Број на одбиени барања за одобрение за употреба

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 |

Во 2008 година се одбиени само две барања за одобрение за употреба, односно речиси сите објекти ги исполниле правните барања за да бидат пуштени во употреба.

## 12. Број на поништени решенија за локациски услови

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Нема поништени решенија за локациски услови.

## 13. Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 2007 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 8 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 7 |

Во 2008 година има вкупно 7 отстапувања од издаденото одобрение за градење.






## 14. Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

Од една страна, показателот покажува добро функционирање во однос на донесувањето на ваквите решенија. Во 2008 година се донесени вкупно 61 решение за уривање, а овој индикатор своето максимално ниво го достигнал во 2007 година, кога се донесени вкупно 84 решенија за уривање на бесправно изградените објекти. Според овој индикатор може да се утврди бројот на нелегално изградените објекти и прекршоците на граѓаните при изградбата на објектите, а од табеларниот приказ може да се утврди дека во споредба со претходните години надлежните органи во општината започнале успешно да се справуваат со дивоградбите.

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 1 | 2 | 0 | 1 | 6 | 1 | 1 | 18 |
| 2005 | 0 | 2 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 8 | 4 | 0 | 23 |
| 2006 | 0 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 3 | 2 | 1 | 30 |
| 2007 | 1 | 2 | 4 | 6 | 2 | 3 | 12 | 18 | 20 | 10 | 5 | 1 | 84 |
| 2008 | 3 | 4 | 4 | 8 | 7 | 2 | 2 | 4 | 3 | 9 | 7 | 8 | 61 |







### Заклучок:

Врз основа на изнесените податоци може да се заклучи дека процесот на децентрализација во областа на урбанизмот и просторното планирање во Општина Битола се спроведува успешно, ефективно и ефикасно, дека роковите за одлучување и донесување на решенијата и одобренијата се скратени, а надлежните органи поуспешно се справуваат со дивоградбите, чијшто број не е занемарлив, дека се донесени голем број промени во законските решенија, а сето тоа оди во полза на граѓаните. Во натамошната работа општината и натаму ќе ги следи прописите од областа на урбанизмот, просторното планирање и уредувањето на градежното земјиште, заштитата на животната средина и комуналните дејности, ќе организира и ќе спроведува постапки за изготвување и донесување на просторните и урбанистичките планови, ќе соработува со другите

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2008

## 1. Број на поднесени даночни пријави за данок на промет со недвижности

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 1167 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 1145 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 1233 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 1429 |
| 2008 | 115 | 108 | 124 | 116 | 103 | 107 | 120 | 125 | 117 | 120 | 125 | 118 | 1398 |

За првиот показател може да се забележи дека функционира мошне добро. Во однос на претходните години овде има навистина забележително зголемување на бројот на поднесените даночни пријави. Сепак, треба да се има предвид дека не постои ажурна евиденција за функционирањето на овој показател, односно за бројот на поднесените даночни пријави во текот на претходните години.







## 2. Број на издадени решенија

Што се однесува до вториот показател - бројот на издадените решенија, од табелата може јасно да се утврди дека бројот на издадените решенија за сите месеци од 2008 е речиси идентичен со бројот на поднесените даночни пријави. На пример, во јуни имаме 107 поднесени даночни пријави, а 105 издадени решенија, во јули се поднесени 120 даночни пријави, а бројот на издадените даночни решенија е 117, во август имаме 125 даночни пријави, а 123 издадени решенија.

Сепак, ако се разгледува во целина, може да се заклучи дека овој показател функционира мошне солидно, бидејќи бројот на поднесените даночни пријави е речиси идентичен со бројот на издадените решенија по тие даночни пријави.

| Год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 110 | 105 | 121 | 116 | 100 | 105 | 117 | 123 | 117 | 120 | 125 | 118 | 1.377 |




## 3. Број на издадени решенија за данок на имот

Бројот на издадени решенија за данок на имот во 2008 година изнесува 34.168, а во 2007 година 33.316. Значи, во 2008 година се јавува одредено зголемување на бројот на издадените решенија за данок на имот.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 15 | 150 | Нема податок | 33.316 | 34.168 |




Ако ги земеме предвид годините пред 2007, веднаш се забележува дека недостига потребната евиденција за движењето на овој показател, податок што уште еднаш укажува на тоа дека последниве две години во Општина Битола е направен навистина голем напредок на тоа поле.

## 4. Опфатеност на сите корисници во проценти

Процентуалната опфатеност на корисниците со данокот на имот во 2008 година е на мошне високо ниво и изнесува 95%, за разлика од 75% во 2007 година и значително пониският процентуален однос на опфатеност на корисниците во претходните години: 20% (2004); 30% (2005); 42% (2006).




| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 20 | 30 | 42 | 75 | 95 |

## 5. Надомест за уредување на градежното земјиште - број на поднесени барања за пресметка

Бројот на поднесените барања за изработка на пресметка во 2008 година изнесува 219. И овде како негативна карактеристика може да се подвлече немањето податоци за функционирањето на овој показател во текот на претходните години.

| Број на барања за изработка на пресметка | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 16 | 6 | 16 | 20 | 22 | 16 | 22 | 20 | 18 | 22 | 21 | 20 |




## 6. Надомест за уредување на градежното земјиште - број на издадени пресметки

Сите барања за изработка на пресметка се реализирани и за секое поединечно вакво барање е издадена пресметка, што укажува на ажурно завршена работа.

За жал, не постојат податоци за претходните години, па не може да се даде издржана оценка за тоа како функционирал овој показател претходните години и дали се направени некои подобрувања во функционирањето на овој показател по спроведената децентрализација.

| Број на издадени пресметки | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 16 | 6 | 16 | 20 | 22 | 16 | 22 | 20 | 18 | 22 | 21 | 20 |




## 7. Надомест за уредување на градежното земјиште - број на склучени договори

Во Општина Битола постојат одредени несовпаѓања меѓу бројот на издадените пресметки и бројот на склучените договори во 2008 година. Општинските службеници укажаа на тоа дека несовпаѓањата се резултат на тоа што склучените договори се однесуваат и на објекти со самофинансирање. Сепак, во последните месеци од 2008 (јуни - декември) се забележува совпаѓање на бројот на барањата/пресметките и бројот на склучените договори. Кај овој показател може да се забележи одредена недоследност. Имено, во февруари, март и во мај бројот на склучените договори е поголем од бројот на поднесените барања за изработка на пресметка за надомест за уредување на градежното земјиште.

| Број на склучени договори | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 9 | 7 | 23 | 20 | 23 | 16 | 22 | 20 | 18 | 22 | 21 | 20 |




## 8. Обврски на општината кон доставувачите - износ на вкупни обврски во МКД

Индикаторот обврски на општината кон доставувачите ги прикажува вкупните обврски на Општина Битола кон доставувачите, кои се презентирани на годишно ниво. Од табелата може да се забележи дека во однос на 2007 година обврските во 2008 година се намалени. Сите обврски во 2008 година се обврски од тековната година, односно тука немаме префрлање на обврските од претходни години.

| Обврски на општината кон доставувачите | Износ на вкупни обврски во денари |
|---|---|
| 2007 | 41.664.474 |
| 2008 | 15.806.000 |




## 9. Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината

Процентот на учество на обврските во вкупниот буџет на Општина Битола варира од година до година, а во 2008 година изнесува 5,73%. Кај овој показател уште еднаш може да се увиди недостигот од расположливи податоци.

## 10. Локално управување со финансиските средства во образованието - износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | 800.000 | 550.000 | Нема податок | Нема податок | 427.016.200 |

Износот на финансиските средства распределени преку наменски дотации во училиштата во Општина Битола за 2008 година изнесува 427.016.200 МКД, што се покажува како недоволен износ за потребите на училиштата во оваа општина. Не постои евиденција за големината на овие средства во текот на претходните две години.

## 11. Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД)

Од табелите може да се види и да се заклучи дека се јавува недостиг од околу 28.000.000 МКД за покривање на реалните трошоци на училиштата. Значи, овој износ од 427.016.200 МКД никако не е доволен за покривање на реалните финансиски трошоци во образованието.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | 100.000 | 200.000 | Нема податок | Нема податок | 455.000.000 |

## 12. Висина на цената на образовните услуги

Овој показател ги покажува сите трошоци што се поврзани со образованието на учениците во основните и во средните училишта во Општина Битола, односно во висината на цената на образовните услуги влегуваат трошоците за превоз по ученик, комуналните услуги по ученик и трошоците за греење по ученик.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | 2.000 | Нема податок | Нема податок | Нема податок | 1.035 |
| Комунални услуги по ученик | 1.100 | Нема податок | Нема податок | Нема податок | 1.635 |
| Трошоци за греење по ученик | 1.500 | Нема податок | Нема податок | Нема податок | |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | 4.600 | Нема податок | Нема податок | Нема податок | 2.670 |




Не постојат поединечни податоци за сите показатели (за основните и за средните училишта), па поради тоа износот на овие трошоци се однесува на основните и на средните училишта заедно. Забелешка се става на немањето евиденција за висината на трошоците за греење по ученик.

# Боговиње

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ЗА 2008

## Урб. 1 Организациска поставеност

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | Не | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | | | | |
| Не | | Не | Не | Не | Не |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл. инженери. архитекти или дипл. градежни инженери)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

Од горeприкажаните табели јасно се гледа дека во наведениот период општината успешно ја решила својата организациска поставеност и како таква успешно функционира во поглед на канцелариските и човечките ресурси.
Во периодот од 2004 година до 1 јули 2005 година Секторот за урбанистичко планирање работел како дел од Општина Тетово, која ја опфаќала и Општина Боговиње, а според Законот за децентрализација од 1 јули 2005 година овој сектор функционира самостојно, само за својата општина.

Општина Боговиње располага со неопходните човечки ресурси, кои се компетентни и имаат капацитет да одговорат на задачите пренесени со децентрализацијата, и постојано да го следат трендот што го налага децентрализацијата. Она што е потребно е да се следи трендот на компјутеризација, бидејќи општината сè уште не располага со компјутер за секој вработен.

# Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 5 | 2 | 13 | 6 | 10 | 14 | 12 | 4 | 9 | 4 | 91 |
| 2005 | 2 | 5 | 9 | 10 | 3 | 3 | 4 | 21 | 21 | 14 | 19 | 16 | 127 |
| 2006 | 12 | 14 | 22 | 15 | 21 | 32 | 16 | 13 | 23 | 10 | 13 | 11 | 202 |
| 2007 | 19 | 25 | 20 | 15 | 21 | 14 | 19 | 14 | 16 | 15 | 15 | 8 | 201 |
| 2008 | 19 | 17 | 20 | 13 | 18 | 12 | 15 | 22 | 13 | 5 | 9 | 10 | 173 |






## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Декем | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 5 | 2 | 13 | 6 | 10 | 14 | 12 | 4 | 9 | 4 | 91 |
| 2005 | 2 | 5 | 9 | 10 | 3 | 3 | 4 | 20 | 18 | 12 | 15 | 14 | 115 |
| 2006 | 11 | 14 | 22 | 15 | 20 | 32 | 16 | 13 | 23 | 10 | 13 | 11 | 200 |
| 2007 | 17 | 27 | 20 | 15 | 20 | 14 | 17 | 16 | 16 | 15 | 15 | 8 | 200 |
| 2008 | 19 | 17 | 20 | 13 | 18 | 12 | 15 | 22 | 13 | 5 | 9 | 10 | 173 |







Изводот од урбанистичкиот план е показател преку кој може да се утврди колку граѓани имаат намера да градат објекти.

Од прикажаното може да се види дека бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е речиси еднаков со бројот на поднесените барања на годишно ниво. Тоа може да се потврди за секоја година поодделно, а истиот тренд се задржува и во 2008 година. Истото е прикажано и на графичкиот приказ, на кој може да се види дека 98% од поднесените барања се позитивно решени, т.е. издадени.

## 2.3 Време на издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2005 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2006 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2007 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2008 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

Според овој показател општината има капацитет да одговори на барањата во законски утврдениот рок и истиот се почитува. Со извршената децентрализација е воведен нов рок од 5 дена, за разлика од претходно, кога рокот изнесуваше 15 дена. Оваа промена и покажаните резултати јасно упатуваат на фактот дека постапката во овој дел е видно

забрзана и успешно функционира. Показателот за вонзаконскиот рок не е наведен од причини што во општината не се регистрирани такви случаи.




# Урб. 3 Решение за локациски услови:

## 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 5 | 2 | 13 | 6 | 10 | 14 | 12 | 4 | 9 | 4 | 91 |
| 2005 | 2 | 5 | 9 | 10 | 3 | 3 | 3 | 14 | 19 | 9 | 16 | 14 | 107 |
| 2006 | 11 | 19 | 21 | 13 | 9 | 22 | 13 | 8 | 19 | 12 | 22 | 15 | 184 |
| 2007 | 20 | 18 | 17 | 15 | 14 | 6 | 9 | 6 | 14 | 7 | 8 | 5 | 139 |
| 2008 | 16 | 3 | 12 | 12 | 8 | 5 | 12 | 8 | 8 | 6 | 7 | 9 | 106 |







## 3.2 Број на позитивно решени барања – издадени решенија за локациски услови

Овој индикатор покажува колку граѓани одлучиле да продолжат со постапката за градење. И бројот на позитивно одговорените барања за решенија за локациски услови е речиси еднаков со бројот на поднесените барања и споредено со годините ја покажува вистинската слика за градењето легални градби во општината, бидејќи со издавањето на решенијата за локациски услови се дефинирани условите за градба на објектите. Изразено во проценти, тоа изнесува 97% од вкупниот број сметано за периодот од 2004 до 2008 година.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 5 | 2 | 13 | 6 | 10 | 14 | 12 | 4 | 9 | 4 | 91 |
| 2005 | 2 | 5 | 9 | 10 | 3 | 3 | 3 | 12 | 18 | 9 | 14 | 13 | 101 |
| 2006 | 9 | 19 | 20 | 13 | 8 | 21 | 12 | 8 | 18 | 9 | 23 | 13 | 173 |
| 2007 | 16 | 21 | 15 | 14 | 15 | 6 | 9 | 6 | 13 | 8 | 8 | 5 | 136 |
| 2008 | 13 | 6 | 12 | 12 | 8 | 5 | 12 | 8 | 8 | 6 | 7 | 9 | 106 |







## 3.3 Број на одбиени барања / (неиздадени) решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | / | 2 | 1 | / | 2 | 1 | 6 |
| 2006 | 2 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | 6 |
| 2007 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| 2008 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 0 |

Овој показател покажува колку од поднесените барања се со неуредна документација или несоодветни на изводот од планот. Во 2008 година нема одбиени барања.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | / | 2 | 1 | / | 2 | 1 | 6 |
| 2006 | 2 | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 4 | 3 | 2 | 16 |
| 2007 | 3 | / | 2 | 1 | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 7 |
| 2008 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 |

Овој показател покажува колку од поднесените барања во тековниот месец останале неиздадени, односно се издадени во текот на наредниот месец, при што е запазен законски утврдениот рок. Од него јасно се гледа дека се работи само за мал број случаи кои општината има капацитет да ги реши во законски утврдениот рок.

### 3.4 Време на издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| 2005 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2006 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2007 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2008 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |




Овој показател потврдува дека општината има капацитет да одговори на барањата во законски утврдениот рок и дека истиот се почитува. По извршената децентрализација е воведен рок од 5 дена, кој е пократок од претходниот (10 дена). Оваа промена и прикажаните резултати јасно упатуваат на фактот дека постапката во овој дел е видно забрзана и успешно функционира.

## Урб.4 Одобрение за градење:

### 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | 10 | 11 | 12 | 14 | 16 | 63 |
| 2006 | 12 | 13 | 15 | 15 | 7 | 26 | 20 | 14 | 19 | 16 | 21 | 16 | 194 |
| 2007 | 18 | 17 | 16 | 20 | 11 | 9 | 8 | 7 | 14 | 7 | 1 | 12 | 140 |
| 2008 | 6 | 11 | 13 | 14 | 8 | 12 | 19 | 14 | 14 | 5 | 6 | 7 | 129 |






Показателот покажува колку граѓани ја продолжиле постапката и имаат сериозна намера да градат, односно сериозно да реализираат одреден урбанистички план. Во 2008 година имало вкупно 129 барања за одобрение за градба.

## 4.2 Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 5 | 2 | 13 | 6 | 10 | 14 | 12 | 4 | 9 | 4 | 91 |
| 2005 | 2 | 5 | 9 | 10 | 3 | 3 | / | 9 | 8 | 10 | 13 | 14 | 86 |
| 2006 | 12 | 10 | 13 | 15 | 5 | 23 | 18 | 7 | 17 | 18 | 19 | 17 | 174 |
| 2007 | 9 | 18 | 13 | 18 | 8 | 9 | 8 | 7 | 13 | 8 | 1 | 12 | 124 |
| 2008 | 5 | 12 | 13 | 14 | 7 | 13 | 16 | 14 | 10 | 5 | 6 | 7 | 122 |







Вкупниот број позитивно издадени одобренија за градење е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за градење, или вкупно 95% се позитивно решени, т.е. издадени во тековната 2008 година.

## 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | / | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 9 |
| 2006 | / | 3 | 2 | / | 2 | 3 | 2 | / | / | / | / | 1 | 13 |
| 2007 | 1 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4 |
| 2008 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 0 |

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | / | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 9 |
| 2006 | / | 3 | 2 | / | 2 | 3 | 2 | / | 8 | 2 | 3 | 1 | 26 |
| 2007 | 8 | 5 | / | 2 | 3 | 1 | / | / | 1 | / | / | / | 20 |
| 2008 | 1 | / | / | / | 1 | / | 3 | / | 4 | / | / | / | 9 |

Овој показател покажува колку од поднесените барања се со неуредна документација или во колку од поднесените барања основниот проект не бил во согласност со решението за локациски услови. Во 2008 год. не е одбиено ниту едно барање.
Што се однесува на показателот за тоа колку од поднесените барања во тековниот месец останале неиздадени, јасно се гледа дека се работи за мал број случаи и дека општината има капацитет да ги реши.

### 4.4 Време на издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Декем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | / | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2006 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2007 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2008 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

Овој показател покажува дека општината има капацитет да одговори на барањата во законски утврдениот рок и дека истиот се почитува. Со Законот за градење е предвиден нов рок за решавање од 7 дена. Оваа промена и прикажаните резултати јасно упатуваат на фактот дека постапката во овој дел е видно забрзана и успешно функционира.

## Урб.5 Одобрение за употреба:

### 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | | | | | | | | | 1 | 1 | | | 2 |
| 2006 | | | | | | | | | 1 | | 19 | / | 20 |
| 2007 | / | 2 | 2 | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 6 |
| 2008 | / | / | / | / | 1 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | 5 |

### 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | / | / | 2 |
| 2006 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 17 | 19 |
| 2007 | / | 2 | 2 | / | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | 6 |
| 2008 | / | / | / | / | 1 | 2 | / | 1 | 1 | / | / | / | 5 |

Во 2008 година се поднесени вкупно 5 барања за одобрение за употреба и истите се позитивно решени. Тоа покажува дека во 2008 година не е забележано ниту едно одбиено барање за одобрение за употреба. Малиот број поднесени барања се должи на фактот дека станува збор за рурална општина.

## Урб.6 Инспекција – Урбанистичка:

### Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| год. | Јан. | Фев. | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Септ. | Окт. | Ное | Дек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 2 | 1 | 7 | 11 | 1 | 1 | 16 | 9 | 4 | 6 | 0 | 59 |
| 2005 | 1 | 2 | 0 | 1 | 8 | 4 | 0 | 2 | 1 | 5 | 7 | 2 | 33 |
| 2006 | 1 | 0 | 2 | 7 | 5 | 13 | 12 | 5 | 9 | 8 | 0 | 1 | 63 |
| 2007 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 3 | 13 | 10 | 4 | 6 | 3 | 24 | 71 |
| 2008 | 7 | 0 | 6 | 11 | 1 | 7 | 0 | 8 | 9 | 2 | 9 | 4 | 64 |

Еден од најголемите проблеми со кои се соочува Општина Боговиње е проблемот на нелегалното градење. Според овој индикатор може да се утврди вкупниот број дивоградби на годишно ниво. Во 2008 година биле донесени 64 решенија за уривање на дивоградби. Проблемот е во тоа што целата постапка завршува тука, а реализацијата на истите во практиката е сосема друга приказна. Самата општина е свесна за овој проблем и постојано работи на негово надминување.







## Заклучок:

Од изнесените податоци јасно може да се заклучи дека Општина Боговиње успешно ги пренела надлежностите во овој домен, на што јасно укажува и самата анализа во однос на поднесените барања и големиот процент позитивно решени барања, т.е. издадени решенија.

Карактеристично е тоа што некои показатели останаа непополнети, пред сè поради фактот дека се работи за рурална општина. Сепак, оваа општина има голем број предмети кои секојдневно ги решава, но и капацитет да ги задоволи потребите на граѓаните - и сега и во иднина.

И натаму останува да се провлекува проблемот на дивоградбите во општината. Меѓутоа, не смее да се заборави дека истиот е детектиран како еден од најсериозните проблеми во оваа област. Самата општина се залага за тоа да го ублажи проблемот во догледно време, доколку не успее во целост да го надмине. Токму затоа и се преземаат мерки во таа насока, односно е засилен инспекцискиот надзор.

Од сево ова може да се заклучи дека мониторингот на процесот на децентрализација во областа на урбанизмот е од особено значење и е поттик за подобрување на соработката меѓу Општината и граѓаните, на начин што позитивно ќе влијае на детектирањето на проблемите во истата. Така ќе се придонесе за подобар и поквалитетен живот на граѓаните, подобра иднина и развој на самата општина.

# Дебар

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2008

## Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план

### 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 1 | 3 | 0 | 2 | 5 | 1 | 20 | 27 | 13 | 9 | 21 | 103 |
| 2005 | 2 | 4 | 18 | 13 | 8 | 15 | 37 | 0 | 3 | 0 | 1 | 1 | 102 |
| 2006 | 1 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 0 | 4 | 6 | 1 | 8 | 9 | 46 |
| 2007 | 3 | 4 | 8 | 9 | 3 | 5 | 5 | | | | | | 37 |
| 2008 | 23 | 21 | 9 | 18 | 21 | 10 | 13 | 17 | 30 | 26 | 47 | 40 | 275 |






Според овој показател, бројот на барањата поднесени во 2008 е значително поголем во однос на претходните три години. Тоа се должи на зголемениот интерес на странките за градба и на добрата информираност на странките од страна на општинските службеници.

## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | 3 | 4 | 17 | 30 | 13 | 9 | 19 | 101 |
| 2005 | 2 | 4 | 14 | 18 | 8 | 16 | 37 | 0 | 3 | 0 | 1 | 1 | 104 |
| 2006 | 1 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 0 | 4 | 6 | 1 | 8 | 9 | 46 |
| 2007 | 10 | 3 | 4 | 8 | 9 | 3 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42 |
| 2008 | 23 | 21 | 9 | 18 | 21 | 10 | 13 | 17 | 30 | 26 | 47 | 40 | 275 |

Според овој показател, бројот на поднесените барања е еднаков со бројот на издадените изводи. Од ова може да се заклучи дека странките имале комплетна документација.






### 2.3 Време на издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2005 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Од овој показател може да се заклучи дека изводите се издадени во законскиот рок (5 дена). Овој рок е ист во сите години опфатени со мониторингот.

## Урб. 3 Решение за локациски услови:

### 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 4 | 10 | 17 | 3 | 4 | 9 | 17 | 5 | 3 | 2 | 3 | 79 |
| 2005 | 2 | 8 | 9 | 8 | 7 | 3 | 11 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 55 |
| 2006 | 1 | 0 | 3 | 2 | 3 | 2 | 0 | 7 | 4 | 4 | 20 | 4 | 50 |
| 2007 | 2 | 5 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 9 | 8 | 4 | 5 | 4 | 51 |
| 2008 | 4 | 3 | 6 | 3 | 3 | 4 | 0 | 0 | 2 | 3 | 7 | 2 | 37 |

Овој показател потврдува дека кај странките постои заинтересираност за градење.







### 3.2 Број на позитивно решени барања – издадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 4 | 10 | 17 | 3 | 4 | 9 | 17 | 5 | 3 | 2 | 3 | 79 |
| 2005 | 2 | 8 | 9 | 8 | 7 | 3 | 11 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 55 |
| 2006 | 1 | 0 | 3 | 2 | 3 | 2 | 0 | 7 | 4 | 4 | 20 | 4 | 50 |
| 2007 | 2 | 5 | 2 | 6 | 2 | 2 | 2 | 3 | 5 | 2 | 4 | 4 | 39 |
| 2008 | 4 | 3 | 6 | 3 | 3 | 4 | 0 | 0 | 2 | 3 | 7 | 2 | 37 |

Според овој показател, бројот на поднесените барања ја продолжил процедурата за да се комплетира документацијата.







## 3.3 Број на одбиени барања / (неиздадени) решенија за локациски услови

Во разгледуваниот период не се регистрирани одбиени барања. Сите барања се позитивно решени, а странките ги исполнувале условите предвидени со ДУП.

## 3.4 Време на издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

По доставувањето на потребната документација од страна на странките, сите решенија за локациски услови се издадени во рок од 5 дена.

# Урб. 4 Одобрение за градење

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 5 | 12 | 17 | 6 | 6 | 8 | 20 | 8 | 7 | 3 | 6 | 100 |
| 2005 | 2 | 10 | 10 | 11 | 12 | 7 | 7 | 0 | 4 | 2 | 2 | 1 | 68 |
| 2006 | 0 | 1 | 3 | 5 | 2 | 2 | 0 | 8 | 2 | 9 | 10 | 3 | 45 |
| 2007 | 1 | 6 | 2 | 5 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 |
| 2008 | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 4 | 28 |

Од показателот произлегува дека сите субјекти кои добиле решение побарале одобрение за да ја продолжат постапката.







## 4.2 Број на позитивно решени (издадени) одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 6 | 8 | 8 | 13 | 9 | 8 | 17 | 8 | 8 | 0 | 3 | 90 |
| 2005 | 1 | 9 | 13 | 4 | 9 | 8 | 7 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 54 |
| 2006 | 0 | 0 | 3 | 5 | 1 | 1 | 0 | 8 | 2 | 9 | 10 | 3 | 42 |
| 2007 | 1 | 6 | 2 | 5 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 |
| 2008 | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 4 | 28 |

Од овој показател произлегува дека во 2008 овој број е поголем за разлика од претходните три години, што е потврда за тоа дека општинските службеници ажурно ја завршуваат својата работа.






### 4.3 Број на одбиени барања – неиздадени одобренија за градба

Нема одбиени барања за одобрение за градба, што значи дека странките кои се заинтересирани за градба се добро информирани за целата постапка.

### 4.4 Време на издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2006 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2007 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2008 | 6 | 5 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Според овој показател, рокот за издавање одобрение за градење во 2008 е од 5 до 7 дена.

## Урб. 5 Одобрение за употреба:

### 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 1 | 5 | 0 | 0 | 2 | 2 | 6 | 5 | 1 | 0 | 3 | 25 |
| 2005 | 0 | 2 | 3 | 1 | 4 | 4 | 15 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 34 |
| 2006 | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 6 | 2 | 6 | 3 | 28 |
| 2007 | 3 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| 2008 | 3 | 1 | 5 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 | 9 | 6 | 30 |







Според овој показател, субјектите поднеле комплетна документација за одобрение за употреба.

## 5.2. Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 3 | 5 | 0 | 0 | 2 | 1 | 7 | 5 | 2 | 0 | 3 | 28 |
| 2005 | 0 | 2 | 3 | 1 | 4 | 3 | 15 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 33 |
| 2006 | 1 | 3 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 6 | 2 | 6 | 3 | 28 |
| 2007 | 3 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 |
| 2008 | 3 | 1 | 5 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 | 9 | 6 | 30 |







Според овој показател, бројот на поднесени барања и издадени решенија во 2008 е еднаков, што значи дека општинските службеници ефикасно ја завршиле својата работа.

## 5.3.Број на одбиени одобренија за употреба

Нема одбиени одобренија за употреба. Сите се во согласност со ДУП.

# УРБ 6. Инспекција /урбанистичка и градежна

Во Општина Дебар постои само еден општински урбанистички инспектор, кој е назначен и задолжен во согласност со Законот за вршење инспекција на издадени решенија за локација и е надлежен за следење на законитоста на постапката за донесување на урбанистичките планови.

## 6.1. Број на поништени решенија за локациски услови

Нема поништени решенија за локациски услови.

## 6.2. Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 7 | 11 | 0 | 6 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 2007 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 8 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |







Во 2008 е регистрирано само едно отстапување од издаденото одобрение за градење.

## 6.3. Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 1 | 2 | 0 | 1 | 6 | 1 | 1 | 18 |
| 2005 | 0 | 2 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 8 | 4 | 0 | 23 |
| 2006 | 0 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 3 | 2 | 1 | 30 |
| 2007 | 1 | 2 | 4 | 6 | 2 | 3 | 12 | 18 | 20 | 10 | 5 | 1 | 84 |
| 2008 | 0 | 3 | 7 | 2 | 3 | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 0 | 26 |




Според овој показател, бројот на донесените решенија за уривање на бесправно изградените објекти во 2008 изнесува од 2 до 7 објекти месечно. Станува збор за објекти кои не се во согласност со ДУП и кои немале одобрение за градба, па затоа било издадено решение за уривање.




### Заклучок:

Генерално, работењето на Секторот за урбанизам и финансии во Општина Дебар во периодот 2004 – 2008 може да се оцени како мошне успешно.

Од горенаведеното може да се извлече заклучокот дека процесот на децентрализација во Општина Дебар се спроведува успешно, дека општината е добро опремена со компјутери, вработените се стручно оспособени, процедурите скратени, а странките задоволни.

Врз основа на сите показатели од Секторот за урбанизам и финансии во четирите години опфатени со мониторингот, може да се констатира дека Општина Дебар има добра основа за натамошен континуитет во работата од аспект на двете области, односно дека општината има капацитет да ги преземе сите надлежности предвидени со Законот за децентрализација. Со спроведувањето на децентрализацијата, постапките за издавање решенија во обете области се скратени - како во поглед на законските рокови, така и во поглед на издавањето на решенијата.

Странките немаат посериозни забелешки за работењето на општинските службеници, кои своите задачи ги извршуваат најпрофесионално, така што странките сите потребни информации ги добиваат на самото место без никакви малтретирања. Општината е опремена со компјутери, па сите потребни информации можат да се добијат без никаков проблем, а целокупната процедура е скратена и поедноставена.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2008 година

## 1. Данок на промет со недвижности

### 1.1. Број на даночни пријави

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 8 | 27 | 8 | 13 | 15 | 8 | 7 | 10 | 2 | 1 | 1 | 107 |
| 2005 | 11 | 12 | 12 | 10 | 15 | 16 | 10 | 20 | 22 | 9 | 10 | 10 | 157 |
| 2006 | 9 | 12 | 24 | 19 | 16 | 17 | 7 | 21 | 14 | 17 | 17 | 15 | 188 |
| 2007 | 0 | 0 | 20 | 15 | 15 | 16 | 20 | 20 | 15 | 15 | 10 | 0 | 146 |
| 2008 | 0 | 12 | 10 | 15 | 13 | 13 | 15 | 13 | 14 | 15 | 15 | 16 | 151 |






Од овој показател може да се заклучи дека бројот на даночните пријави од година во година се менува. Најголем пораст се гледа во последната 2008 година, што е добар знак за тоа дека процесот на децентрализација се реализира мошне успешно.

## 1.2. Просечно времетраење на постапките за издавање решение (законски пропишан рок 30 дена) во денови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2005 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |

Рокот за издавање решение изнесува од 5 до 15 дена. Според овој индикатор може да се заклучи дека издавањето на решенијата се врши во најкус временски рок.







## 1.3. Број на издадени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 8 | 27 | 8 | 13 | 15 | 8 | 7 | 10 | 2 | 1 | 1 | 107 |
| 2005 | 11 | 12 | 12 | 10 | 15 | 16 | 10 | 22 | 22 | 9 | 10 | 10 | 157 |
| 2006 | 9 | 12 | 24 | 19 | 16 | 17 | 7 | 21 | 14 | 17 | 17 | 15 | 183 |
| 2007 | 0 | 0 | 20 | 15 | 15 | 16 | 20 | 20 | 15 | 10 | 10 | 0 | 141 |
| 2008 | 10 | 12 | 10 | 15 | 13 | 13 | 15 | 18 | 14 | 15 | 15 | 16 | 166 |







Според овој показател може да се заклучи дека бројот на поднесените пријави е еднаков со бројот на издадените решенија, што е знак за добрата информираност на граѓаните за процедурата за добивање решение.

### 1.4. Број на обжалени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во последните три години нема обжалени решенија, што значи дека сите решенија се позитивно решени.

### 1.5. Број на позитивно решени обжалени решенија

Нема обжалени решенија во последните три години.

# ЛФ 3. Данок на имот

### Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 3.200 | 3.200 | 3.230 | 3.113 | 3.169 |




Од овој индикатор произлегува дека бројот на издадени решенија секоја година се зголемува.

## Опфатеност на сите корисници (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 80 | 80 | 100 | 95 | 18 |




## Просечен износ на данокот на имот (во МКД)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД) | | | 150.000 | 150.000 | 150.000 |
| Население | 17.500 | 17.500 | 17.500 | 17.500 | 17.500 |
| Вкупно имот (во м$^2$) | | | | | |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | 129 | 150 | 77 | 86 | 86 |
| Просечен износ на данокот на имот по м$^2$ имот | | | | | |

Од овој показател може да се заклучи дека според бројот на жителите на Дебар просечниот износ на данокот на имот по глава на жител е од 77 (2006) до 86 (2008).

## Број на ажурирани решенија за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данок на имот | 3.011 | 3.100 | 3.185 | 3.185 | 3.169 |



Според овој показател, бројот на ажурирани решенија во 2004, пред процесот на децентрализација, изнесува 3.011, додека во 2008 година овој број е поголем и изнесува 3.169.

### Наплата и присилна наплата (во %)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 45 | 50 | 45 | 72 | 80 |
| Присилна наплата (во %) | | | | | |

Наплатата во 2004 година изнесува 45%, а во 2008 - 80%. Тоа е резултат на позитивниот ефект од децентрализацијата.

## ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма

### Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 550 | 521 | 458 | 458 | 410 |




Според овој показател, бројот на издадени решенија за комунална такса во 2004 е поголем во споредба со 2008 година. Ова намалување се должи на фактот дека повеќето од околните села преминале во друга општина, така што обврските на Општина Дебар се преземени.

### Опфатеност на сите субјекти (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | 75 | 75 | 100 | 100 | 80 |




Овој индикатор покажува дека службите на Општина Дебар се подготвени да ја комплетираат базата на даночни обврзници и да постигнат целосна опфатеност на даночните обврзници.

### Број на извршени ажурирања

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршени ажурирања | 410 | 390 | 458 | 450 | 410 |




### Процент на наплата и на присилната наплата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 55 | 55 | 30 | 65 | 70 |
| Присилна наплата (во %) | 0 | 0 | 0 | 10 | 15 |




Процентот на наплата и присилна наплата во 2004 е помал во споредба со 2008, кога се забележува зголемување. Процесот на децентрализација во овој сектор се спроведува мошне успешно, процедурите се скратени, а странките навреме се информираат за тоа кои документи им се потребни, така што нема потреба да се чека со месеци.

## ЛФ 5. Надомест за уредување на градежното земјиште

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 3 | 5 | 2 | 0 | 5 | 1 | 0 | 1 | 0 | 20 |
| 2005 | 1 | 2 | 4 | 1 | 6 | 3 | 2 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 24 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 3 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 |
| 2007 | 0 | 0 | 3 | 3 | 4 | 5 | 5 | 3 | 2 | 4 | 3 | 3 | 35 |
| 2008 | 2 | 2 | 3 | 4 | 3 | 5 | 6 | 4 | 4 | 1 | 3 | 4 | 41 |




Според овој индикатор, во 2004 има 20 пресметки, а во 2008 нивниот број изнесува 41. Од ова произлегува дека ефектот од децентрализацијата е позитивен: странките полесно ги завршуваат работите, а процедурите се поедноставени и скратени.




## Број на издадени пресметки

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 3 | 4 | 2 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 20 |
| 2005 | 1 | 2 | 3 | 4 | 4 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 | 24 |
| 2006 | 5 | 4 | 6 | 2 | 3 | 4 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 30 |
| 2007 | 0 | 0 | 3 | 3 | 4 | 5 | 5 | 3 | 2 | 4 | 3 | 3 | 25 |
| 2008 | 2 | 2 | 3 | 4 | 3 | 5 | 6 | 4 | 4 | 1 | 3 | 4 | 41 |







Според овој показател, бројот на барања за изработка на пресметка е речиси еднаков со бројот на издадени пресметки, што е уште една потврда за стручноста на вработените во општината.

## Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2005 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Според овој индикатор произлегува дека рокот за издавање пресметка во целиот опфатен период изнесува 5 дена.

## Број на склучени договори

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 19 |
| 2005 | 1 | 3 | 3 | 2 | 4 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 25 |
| 2006 | 0 | 0 | 5 | 1 | 3 | 4 | 0 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 29 |
| 2007 | 0 | 0 | 3 | 3 | 4 | 5 | 5 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 25 |
| 2008 | 2 | 2 | 3 | 4 | 3 | 5 | 6 | 3 | 5 | 4 | 5 | 4 | 46 |







Од овој показател произлегува дека бројот на барањата за изработка на пресметка е еднаков со бројот на издадените пресметки. Тоа значи дека граѓаните се добро информирани од страна на општинските службеници.

## 6. 1 Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | | 2.658.190 | 9.604.090 | 38.448.465 | 119.726.609 |




Според овој показател, овој износ во 2008 е поголем во споредба со претходните три години. Ова се смета како резултат на процесот на децентрализација, со кој обврските се префрлени на општината, па оваа бројка е поголема.

## 6.2 Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД) | | 400.000 | 1.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 |




Реалните расходи на училиштата во 2007 и 2008 се исти.

## 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/изведување на надлежностите на општината (во МКД)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на средства за покривање/изведување на надлежноста на општината (во МКД) | 150.000 | 250.000 | 300.000 | 300.000 | 400.000 |

Според овој индикатор износот на средства за покривање на надлежностите во општината за 2008 изнесува 400.000 денари. Овој број е поголем во однос на претходните три години.




# ЛФ 7. Обврски на општините кон доставувачите

## Структура на обврските по старост

| год. | Јан. | Фев, | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 200 | 250 | 300 | 400 | 700 | 650 | 700 | 540 | 300 | 300 | 400 | 260 |
| 2006 | 900 | 700 | 1.000 | 800 | 800 | 900 | 1.100 | 1.100 | 1.100 | 1.400 | 1.500 | 1.700 |
| 2007 | | | | 11.000 | 10.000 | 8.000 | 8.000 | 8.000 | 16.000 | 16.000 | 14.000 | 12.000 |
| 2008 | 11.000 | 1.000 | 8.000 | 9.000 | 9.000 | 8.000 | 9.000 | 12.000 | 15.000 | 9.000 | 8.000 | 9.000 |

Според овој индикатор, структурата на обврските по старост за сите четири години е различна.

## Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 12 | 15 | 15 | 12 | 14 | 13 | 11 | 12 | 5 | 11 | 14 | 13 |
| 2006 | 0,34 | 5 | 4 | 8 | 10 | 12 | 16 | 18 | 20 | 14 | 12 | 10 |
| 2007 | 8 | 6 | 8 | 7 | 6 | 6 | 6 | 6 | 12 | 12 | 7 | 9 |
| 2008 | 80 | 100 | 90 | 80 | 90 | 70 | 90 | 70 | 70 | 70 | 80 | 80 |

Според овој индикатор општинската служба и градоначалникот се покажаа како способни менаџери.

## Заклучок:

Генерално, работењето на Секторот за урбанизам и финансии во Општина Дебар во периодот 2004 - 2008 може да се оцени како мошне успешно.
Од горенаведеното може да се извлече заклучокот дека процесот на децентрализација во Општина Дебар се спроведува успешно, дека општината е добро опремена со компјутери, вработените се стручно оспособени, процедурите скратени, а странките задоволни.
Врз основа на сите показатели од Секторот за урбанизам и финансии во четирите години опфатени со мониторингот, може да се констатира дека Општина Дебар има добра основа за натамошен континуитет во работата од аспект на двете области, односно дека општината има капацитет да ги преземе сите надлежности предвидени со Законот за децентрализација. Со спроведувањето на децентрализацијата, постапките за издавање решенија во обете области се скратени - како во поглед на законските рокови, така и во поглед на издавањето на решенијата.
Странките немаат посериозни забелешки за работењето на општинските службеници, кои своите задачи ги извршуваат најпрофесионално, така што странките сите потребни информации ги добиваат на самото место без никакви малтретирања. Општината е опремена со компјутери, па сите потребни информации можат да се добијат без никаков проблем, а целокупната процедура е скратена и поедноставена.

# Гевгелија

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2008

## 1. Организациска поставеност

Во рамките на Општина Гевгелија функционира Одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи, со следнава кадровска структура: 3 дипломирани инженери архитекти и 1 архитектонски техничар. Инспекторатот функционира одделно, со 2 дипломирани градежни инженери и 1 дипломиран инженер архитект. Нивото на опременост со компјутерска технологија е задоволително. Софтверски пакети за издавање одобренија за градење сѐ уште не се користат, меѓутоа се во фаза на изготвување.

Од наведеното може да се заклучи дека Одделението располага со кадровски и канцелариски ресурси за да ги апсорбира новите надлежности и да ги организира и преземе обврските пренесени со децентрализацијата.

Во однос на географската област, извршени се некои измени со преминувањето од централна на локална власт. Имено, до јули 2005 година оваа служба беше заедничка за следниве општини: Гевгелија, Богданци, Дојран и Миравци. Од јули 2005 година Одделението ги опслужува само Гевгелија и Миравци, кое со новата административно-територијална поделба на Република Македонија во 2005 година престана да биде општина и стана дел од Општина Гевгелија.

Постигнатите резултати се од големо значење и се поттик за учество на јавноста и знак за високиот степен на информирање и известување на граѓаните за сите новини и поволности во работењето на службата, главно преку локалните електронски медиуми и преку дистрибуцијата на печатени материјали.

Прибирањето на податоците за 2008 година се базираше на месечните извештаи што ги изготвува службата. За оваа година кај референтите постои уредно евидентирана документација, исто како и за претходните две години. Мерењата ги вршеа набљудувачот и референтите од Одделението за урбанизам.

# УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## 2. Извод од урбанистичкиот план

### 2.1. Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

Овој индикатор покажува колку граѓани имаат намера да градат или да дознаат што конкретно е предвидено на нивната парцела.

Овој показател функционира мошне успешно. Во 2008 година е забележан огромен пораст на бројот на поднесените барања за разлика од 2006 и 2007 година. Тоа се должи на фактот дека извадокот од урбанистичкиот план е задолжителен чекор во постапката за трансформација на земјиштето, постапка што требаше да заврши до крајот на 2008 година (пред рокот да биде поместен до крајот на 2010 година).

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 11 | 15 | 14 | 11 | 13 | 26 | 6 | 11 | 32 | 25 | 31 | 61 | 256 |
| 2007 | 25 | 47 | 22 | 19 | 26 | 19 | 22 | 16 | 14 | 27 | 32 | 46 | 315 |
| 2008 | 23 | 47 | 90 | 92 | 136 | 91 | 83 | 80 | 77 | 114 | 111 | 127 | 1.071 |







### 2.2. Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

Бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план ја покажува способноста на општината да издаде извод од план, односно покажува дали општината има урбанистички план.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 18 | 15 | 14 | 9 | 11 | 23 | 16 | 15 | 23 | 20 | 33 | 61 | 258 |
| 2007 | 25 | 46 | 20 | 22 | 25 | 18 | 22 | 16 | 10 | 26 | 32 | 45 | 307 |
| 2008 | 21 | 44 | 89 | 90 | 132 | 88 | 76 | 71 | 75 | 109 | 109 | 122 | 1.026 |



Според податоците од табелата, процентот на издадени изводи од урбанистичкиот план во однос на бројот на поднесените барања е задоволителен. Тоа се должи на добрата организација на Одделението за урбанизам, но и на добрата покриеност на општината со урбанистички планови, што според некои податоци изнесува околу 85%.

### 2.3. Времетраење на постапката за издавање извод од урбанистичкиот план

Извод од урбанистичкиот план се издава во пропишаниот законски рок од 5 дена и во најголем број случаи законскиот рок се почитува.

# Урбанистичко планирање - спроведување на урбанистичките планови

## 3. Решение за локациски услови

### 3.1. Број на поднесени барања за решение за локациски услови

Бројот на поднесените барања за решение за локациски услови покажува колку граѓани одлучиле да градат на својата парцела.
Кај овој показател се забележува тренд на опаѓање, што укажува на фактот дека сѐ помалку граѓани одлучуваат да започнат постапка за градење, односно дека се намалува градежната активност.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 14 | 11 | 11 | 7 | 12 | 2 | 4 | 3 | 10 | 8 | 14 | 43 | 139 |
| 2007 | 13 | 24 | 5 | 6 | 11 | 8 | 5 | 6 | 4 | 11 | 7 | 26 | 126 |
| 2008 | 4 | 14 | 5 | 21 | 4 | 7 | 7 | 5 | 3 | 9 | 6 | 12 | 97 |






## 3.2. Број на позитивно решени барања/издадени решенија за локациски услови

Бројот на позитивно решените барања/издадените решенија за локациски услови покажува колку граѓаните можат да продолжат со постапката за градење. И кај овој показател е видлив добар процент позитивно решени барања, пропорционално на бројот на поднесените барања за 2006 и за 2008 година, за разлика од 2007 година. Малиот процент издадени решенија во однос на поднесените барања во 2007 е резултат на неуредната документација, која е несоодветна на изводот од урбанистичкиот план. Веќе наредната година ефикасноста во работењето е видливо подобрена.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 14 | 5 | 10 | 9 | 9 | 7 | 4 | 6 | 7 | 7 | 9 | 42 | 129 |
| 2007 | 3 | 11 | 4 | 4 | 8 | 9 | 5 | 5 | 5 | 9 | 6 | 10 | 79 |
| 2008 | 2 | 12 | 4 | 16 | 10 | 7 | 4 | 3 | 6 | 6 | 8 | 8 | 86 |







## 3.3. Број на одбиени/неиздадени решенија за локациски услови

Бројот на одбиените/неиздадените решенија за локациски услови покажува колку граѓани поднеле неуредна документација, несоодветна на изводот од урбанистичкиот план.

Бројот, пак, на одбиените решенија за локациски услови за 2008 година изнесува 11 и претставува релативно мал процент во однос на бројот на поднесените барања.

### 3.4. Период за издавање решение за локациски услови

Периодот за издавање решение за локациски услови во пропишаниот законски рок од 5 дена се почитува во поголем број случаи.

## 4. Одобрение за градење

### 4.1. Број на поднесени барања за одобрение за градење

Бројот на поднесените барања за одобрение за градење покажува колку граѓани ја продолжиле постапката и имаат сериозна намера да градат, односно да го реализираат планот. Кај овој показател е видливо дека бројот на поднесените барања во 2006 е поголем во споредба со 2007 и 2008 година, а тоа е последица на истекот на рокот за легализирање на бесправно изградените објекти.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 17 | 13 | 10 | 8 | 10 | 10 | 2 | 5 | 9 | 9 | 16 | 52 | 161 |
| 2007 | 6 | 9 | 2 | 6 | 12 | 16 | 4 | 6 | 6 | 7 | 6 | 22 | 102 |
| 2008 | 5 | 13 | 9 | 16 | 12 | 10 | 8 | 6 | 8 | 10 | 7 | 11 | 115 |







### 4.2. Број на позитивно решени /издадени одобренија за градење

Бројот на позитивно решените/издадените одобренија за градење покажува колку граѓани можат да започнат со градба.
Од табелата и од графиконот може да се види дека процентот на издадени одобренија во 2006 година е висок, но истото не може да се каже и за наредните две години, особено не за 2007 година, кога има исклучително мал процент издадени одобренија во однос на поднесените барања.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6 | 7 | 4 | 5 | 3 | 11 | 2 | 0 | 8 | 8 | 8 | 57 | 119 |
| 2007 | 3 | 3 | 1 | 3 | 6 | 6 | 10 | 1 | 2 | 3 | 5 | 7 | 50 |
| 2008 | 2 | 6 | 9 | 8 | 11 | 5 | 3 | 3 | 7 | 8 | 6 | 9 | 77 |







## 4.3. Број на одбиени/неиздадени одобренија за градење

Бројот на одбиените/неиздадените одобренија за градење укажува на неуредна документација или дека основниот проект не е во согласност со издаденото решение за локациски услови.

Бројот на одбиените одобренија за градење за 2008 година изнесува 16 и претставува релативно мал процент во однос на бројот на поднесените барања.

## 4.4. Период за издавање одобрение за градење

Периодот за издавање одобрение за градење во пропишаниот законски рок од 7 дена се почитува во поголемиот број случаи.

# 5. Одобрение за употреба

## 5.1. Број на поднесени барања за одобрение за употреба

Бројот на поднесените барања за одобрение за употреба покажува колку објекти се изградени.

Од табелата може да се забележи значителен пораст на бројот на поднесените барања за одобрение за употреба.

И покрај трендот на пораст кај овој показател, во однос на комплетираните објекти, оспособени за употреба, процентот е сепак мал.

Карактеристично е тоа што ова барање граѓаните го поднесуваат само кога се работи за објекти од општествено значење, комерцијални содржини, индустриски погони и слично, а на другите им се врши само технички преглед.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 13 |
| 2007 | 1 | 5 | 2 | 2 | 2 | 4 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 2 | 24 |
| 2008 | 3 | 9 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 | 2 | 3 | 6 | 36 |






## 5.2. Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 2 | 4 | 13 |
| 2007 | 1 | 5 | 1 | 1 | 2 | 3 | 0 | 2 | 3 | 0 | 0 | 2 | 20 |
| 2008 | 2 | 5 | 4 | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 3 | 6 | 34 |




Бројот на издадените одобренија за употреба покажува колку објекти се пуштени во употреба, односно дека е реализиран дел од урбанистичкиот план.

Видливо е дека постои солиден процент издадени одобренија за употреба во однос на бројот на поднесените барања.




## 5.3. Број на одбиени барања за одобрение за употреба

Бројот на одбиените барања за одобрение за употреба покажува колку објекти не ги исполнуваат сите законски барања за да бидат пуштени во употреба.
За сите досега обработени показатели во категоријата УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ - СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ може да се донесат некои генерални заклучоци:

- Кај различни показатели се видливи различни трендови;
- Во 2008 показателот „извод од урбанистичкиот план“ бележи пораст, а показателот „одобрение за употреба“ бележи рамномерен раст. Огромниот број поднесени барања за извод од урбанистичкиот план е резултат на тоа што овој документ е задолжителен при постапката за трансформација на земјиштето;
- Показателите „решение за локациски услови“ и „одобрение за градба“ во 2006 година имаат поголеми вредности, што се должи на истекот на рокот за поднесување на потребната документација за легализирање на бесправно изградените објекти. Тоа е особено изразено кон крајот на 2006 година, особено во месец декември. Истите показатели во 2007 и во 2008 бележат пад и имаат блиски вредности, што укажува на извесен застој во градежната активност.
- Во 2008 година може да се забележи дека речиси кај сите показатели преовладува тренд на пораст на вредностите во вториот (пред почетокот и во почетокот на градежната сезона), пад во текот на летните месеци и повторно пораст во последниот квартал од годината;

- Конкретни податоци што се однесуваат на неиздадените решенија/одобренија, како такви, не постојат. Би можеле да се добијат како разлика меѓу бројот на поднесените барања и издадените решенија/одобренија, но тој податок не би бил објективен. Тие фигурираат и како нерешени предмети поради неажурност, несоодветна документација и сл., па на граѓаните им се остава простор за комплетирање на документацијата.
- Што се однесува на временскиот период за издавање на решенијата/одобренијата, видливо е значително подобрување за разлика од претходниот период, па документите најчесто се издаваат во законски пропишаниот рок од 5 до 7 дена, а најмногу 10 дена, во зависност од обемот на работата.

# 6. Урбанистичко планирање - инспекторирање

## 6.1. Број на поништени решенија за локациски услови

Бројот на поништените решенија за локациски услови покажува неажурност и нестручност на службите во општината.
Не се регистрирани поништувања на решенија за локациски услови.

## 6.2. Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

Бројот на утврдените отстапувања од издаденото одобрение за градење покажува непочитување на одобрението за градење или лошо планско решение.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 6 |
| 2007 | 1 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 2 | 6 | 5 | 27 |
| 2008 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 21 |







Од табелата може да се види дека бројот на утврдените отстапувања од издаденото одобрение за градење во 2006 година е мал, што значи дека во најголем број случаи се градело прописно. Забележлив е огромен пораст во 2007 и помала вредност за 2008 година. Од една страна, овие вредности укажуваат на ефикасноста на службата, но од друга страна се знак дека релативно голем број граѓани не ги почитуваат условите за градба.

## 6.3. Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

Бројот на донесените решенија за уривање на бесправно изградените објекти покажува дека покриеноста со урбанистички планови не е доволна, дека економската моќ на одредена група граѓани е мошне мала, дека постои голема неинформираност на граѓаните, слаба ефикасност на општинската администрација и недоволна транспарентност во работењето.
За овој показател може да се констатира дека во текот на трите години бележи позитивен тренд на значително опаѓање. Значи, се намалува бројот на бесправно изградените објекти, а решавањето на овој проблем се движи во добра насока.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 4 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 | 3 | 0 | 4 | 28 |
| 2007 | 2 | 5 | 2 | 0 | 5 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 20 |
| 2008 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 3 | 3 | 0 | 0 | 13 |




Од досегашното набљудување на процесот и извршената анализа на движењето на вредностите на показателите од 2006 до 2008 година, може да се забележи подобрување во организационата поставеност, способност на службата да се справи со поголем обем на работа, а притоа граѓаните да добијат поквалитетна услуга за пократко време.




Техничката опременост на Одделението е задоволителна, но сепак постои проблем со недостигот од софтверски пакети за издавање одобренија, како и постоење на база на податоци.
Како еден од проблемите може да се наведе и застареноста на урбанистичките планови, и покрај тоа што Планот се дополнува и се изменува и општината е добро покриена со урбанистички планови. Тука клучна улога има финансискиот аспект, но и немоќта да се предвиди и да се следи комплексниот урбан развој. Треба да се создаде подлога за одржлив развој на урбанистичките планови, да се ревидираат застарените планови, да се согледаат сегашните и да се предвидат идните потреби на граѓаните.
Може да се заклучи дека се постигнати значајни резултати во однос на подобрувањето на квалитативните и квантитативните карактеристики на постапката за градење, со што се создадени појасни насоки за движење, поефикасна реализација и се обезбедени поквалитетни услуги за граѓаните.
Одделението располага со кадровски и канцелариски ресурси за да ги апсорбира новите надлежности, да се организира и да ги преземе обврските и сите надлежности во согласност со Законот за децентрализација.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2008

## ЛФ.1. Организациска поставеност:

### Одделение за буџет и финансии и Одделение за локални даноци и такси

#### Основни податоци

Во рамките на Општина Гевгелија функционираат Одделението за финансии и Одделението за локални даноци и такси. Од досегашниот мониторинг може да се истакне дека и двете одделенија располагаат со капацитет, стручност, техничка поддршка и човечки ресурси за вршење на работите од областа што е предмет на мониторингот.

Одделението за финансии и Одделението за локални даноци и такси ја имаат следнава кадровска структура: советник за буџет и финансии; советник - одговорен благајник; виш референт за комунални дејности; советник за администрација и регистрација на локалните даноци; виш референт за наплата на јавните давачки; самостоен референт; помлад соработник за правни работи; виш референт за благајнички работи; виш референт за комунални работи, и советник за сметководствени работи.

Од наведеното може да се види дека одделенијата се солидно подготвени за навремено и ефикасно решавање на барањата упатени до нив, односно дека имаат капацитет да ги апсорбираат новите надлежности, да ги организираат работите и да ги преземат обврските што им се пренесени со децентрализацијата.

Одделенијата располагаат со комплетирана база на даночни обврзници за данокот на имот и за комунална такса за истакнување на фирма и настојуваат да постигнат целосна опфатеност на даночните обврзници. Тие се комплетно оспособени за навремено и ажурно вршење на надлежностите од аспект на наплатата на комуналната такса.

Од големо значење се и резултатите постигнати во насока на поттикнување на јавноста на учество, но и добрата информираност на јавноста за сите новости и поволности во работењето на самите служби, главно преку локалните медиуми.

Прибирањето на податоците за 2008 година во изминатиот период се базираше на месечните извештаи што ги изготвуваа самите служби. За 2008, како и за претходните две години, постои уредно евидентирана документација кај самите службеници. Мерењата беа вршени паралелно од набљудувачот и од самите вработени во одделенијата.

## ЛФ.1. Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не | ✓ | ✓ | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не | ✓ | ✓ | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | ✓ | ✓ | | | |
| Не | | | ✓ | ✓ | ✓ |

| 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не | ✓ | ✓ | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | ✓ | ✓ | ✓ |
| Не | ✓ | ✓ | | | |

# ЛФ 2. Данок на промет со недвижности

## 2.1 Број на даночни пријави

Во текот на 2004 и до јули 2005 година даночните пријави се поднесуваа во Управата за јавни приходи. Со децентрализацијата овие надлежности се пренесени на Општина Гевгелија, што значи дека во периодот од 2004 до јули 2005 податоците се заеднички за општините Гевгелија, Богданци, Дојран и Миравци. Во овој период се поднесувале по 41 даночна пријава, додека трендот на поднесување даночни пријави во наредните години покажува пораст.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 35 | 32 | 41 | 43 | 32 | 33 | 39 | 37 | 45 | 29 | 57 | 51 | 474 |
| 2005 | 29 | 49 | 42 | 40 | 42 | 36 | 48 | 30 | 15 | 0 | 0 | 0 | 331 |
| 2006 | 39 | 50 | 61 | 43 | 36 | 45 | 26 | 30 | 40 | 39 | 50 | 29 | 488 |
| 2007 | 31 | 17 | 29 | 23 | 31 | 36 | 21 | 21 | 26 | 25 | 31 | 14 | 305 |
| 2008 | 30 | 33 | 31 | 40 | 45 | 25 | 29 | 19 | 21 | 20 | 25 | 33 | 351 |







## 2.2 Просечно времетраење на постапката за издавање решенија- (законски пропишан рок 15 дена)

Од извршените набљудувања на овој показател може јасно да се заклучи дека решенијата се издаваат во законски утврдениот рок, кој изнесува 30 дена од денот на поднесувањето на барањето. Меѓутоа, со законските измени во август 2008 година тој рок се намали на 15 дена.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 2005 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 1 | 5 |
| 2006 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 |
| 2007 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 4 | 3 | 4 | 6 | 4 | 6 |
| 2008 | 6 | 8 | 10 | 10 | 12 | 8 | 5 | 8 | 8 | 8 | 10 | 10 |

## 2.3 Број на издадени решенија

Од извршеното мониторирање на овој показател произлезе дека во текот на 2006 година општинските служби во просек издавале по 40 решенија месечно. Во споредба со 2004 и 2005 година, оваа бројка е зголемена. Што се однесува, пак, на 2007 и 2008 година, бројот на решенијата е видно зголемен.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 35 | 32 | 41 | 43 | 32 | 33 | 39 | 37 | 45 | 29 | 57 | 51 | 474 |
| 2005 | 29 | 49 | 42 | 40 | 42 | 36 | 48 | 30 | 16 | 24 | 12 | 26 | 394 |
| 2006 | 39 | 50 | 61 | 43 | 36 | 45 | 26 | 30 | 40 | 39 | 50 | 29 | 488 |
| 2007 | 31 | 17 | 29 | 23 | 31 | 36 | 21 | 21 | 26 | 25 | 31 | 14 | 305 |
| 2008 | 30 | 33 | 31 | 40 | 45 | 25 | 29 | 19 | 21 | 20 | 25 | 33 | 351 |







## 2.4 Број на обжалени решенија

Во периодот опфатен со мониторингот обжалени решенија има само во 2007 година (6 решенија) и во 2008 година (7 обжалени решенија).

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 6 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 6 |

## 2.5 Број на позитивно обжалени решенија

Не се регистрирани позитивно обжалени решенија.

# ЛФ.3. Данок на имот

## ЛФ.3.1 Број на издадени решенија

Бројот на издадените решенија за данок на имот во 2004 и 2005 година е многу поголем во однос на бројот на решенијата кои се издавале по пренесувањето на надлежноста во Општина Гевгелија. Ваквата слика произлегува од фактот што претходно во ПЕ на Управата за јавни приходи се водела евиденција за четири општини заедно. Во 2008 година бројот на решенијата опаѓа поради отписот на недвижниот имот што се на наоѓа на територијата на Општина Дојран.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 12.300 | 12.350 | 6.230 | 6.230 | 5.794 |




## ЛФ.3.2 Процент на опфатеност на сите корисници

Податоците добиени од мониторингот за петте референтни години покажуваат дека процентот на опфатеност на обврзниците на овој данок бележи тренд на опаѓање, но сепак процентот на опфатеност за 2008 година (90%) е солиден и покажува дека службите се способни да креираат квалитетна база на сите обврзници.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 100 | 100 | 70 | 80 | 90 |




## ЛФ.3.3 Просечен износ на данокот на имот по глава на жител или по м² имот

Овој показател покажува дека просечниот износ на данокот на имот по глава на жител за 2008 во Општина Гевгелија изнесува 282 денари.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД) | 4.256 | 4.302 | 5.894 | 5.432 | 5.794 |
| Население | 35.298 | 35.298 | 22.988 | 22.988 | 22.988 |
| Вкупно м² имот | | | | | |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | 8,3% | 8,2% | 3,9% | 3,9% | 4% |
| Просечен износ на данокот на имот по м² имот | | | | | |

## ЛФ.3.4 Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

Од движењето на бројот на ажурираните решенија може да се констатира дека службите квалитетно и навремено ги извршуваат своите работни задачи.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данок на имот | 0 | 0 | 487 | 234 | 500 |




## ЛФ. 3.5 - 3.6 Процент на наплата и процент на присилна наплата

Процентот на наплата на овој данок за референтните години е во пораст. Двојното зголемување на наплатата на данокот на имот се должи на фактот дека општината спроведе добра медиумска кампања, како и на инструментите за редовна наплата на истиот. Присилна наплата не се применува.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 39 | 29 | 58 | 67 | 75 |
| Присилна наплата (во %) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |




# ЛФ.4. Комунална такса за истакнување на фирма

## ЛФ.4.1 Број на издадени решенија

Од самата табела се гледа движењето на бројот на решенијата кои се издаваат за комунална такса за истакнување на фирма. Лицето кое е одговорно за издавање на овие решенија информираше дека даночните обврзници, односно правните лица, ги задолжува со нивно истакнување на сајтот на Централен регистар на РМ и од сајтот на Управата за јавни приходи на РМ.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 2.124 | 2.124 | 1.698 | 1.901 | 1.636 |




## ЛФ.4.2 Опфатеност на сите субјекти (во проценти)

Според референтот одговорен за мерењето на овој показател, опфатеноста на правните лица изнесува 100%.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |




## ЛФ.4.3 Број на извршени ажурирања

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршени ажурирања | 0 | 0 | 0 | 211 | 87 |




## ЛФ. 4.4 - 4.5 Процент на наплата и на присилна наплата

Од табелата се забележува благ пораст на наплатата од година во година, што зборува за тоа дека постои позитивен тренд во наплатата на оваа такса.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 24 | 24,6 | 39 | 42 | 51 |
| Присилна наплата (во %) | 3,4 | 3,1 | 0 | 0 | 0 |

# ЛФ.5.Надомест за уредување на градежното земјиште

## ЛФ. 5.1. Број на барања за изработка на пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 12 | 9 | 10 | 17 | 8 | 15 | 20 | 19 | 11 | 15 | 13 | 17 | 166 |
| 2005 | 12 | 10 | 10 | 15 | 11 | 10 | 15 | 10 | 16 | 11 | 13 | 18 | 151 |
| 2006 | 25 | 26 | 32 | 34 | 39 | 30 | 28 | 24 | 4 | 4 | 6 | 15 | 267 |
| 2007 | 15 | 17 | 26 | 32 | 11 | 17 | 15 | 12 | 8 | 13 | 14 | 21 | 201 |
| 2008 | 45 | 39 | 43 | 36 | 38 | 31 | 5 | 6 | 8 | 6 | 7 | 7 | 271 |






## ЛФ.5.2 Број на издадени пресметки

Бројот на издадените пресметки соодветствува со бројот на склучените договори.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 12 | 9 | 10 | 17 | 8 | 15 | 20 | 19 | 11 | 15 | 13 | 17 | 166 |
| 2005 | 12 | 10 | 10 | 15 | 11 | 10 | 15 | 10 | 16 | 11 | 13 | 18 | 151 |
| 2006 | 25 | 26 | 32 | 34 | 39 | 30 | 28 | 24 | 4 | 4 | 6 | 15 | 267 |
| 2007 | 15 | 17 | 26 | 32 | 11 | 17 | 15 | 12 | 8 | 13 | 14 | 21 | 201 |
| 2008 | 45 | 39 | 43 | 36 | 38 | 31 | 1 | 3 | 4 | 6 | 7 | 7 | 260 |







## ЛФ.5.3 Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

За издавање на пресметка во просек се потребни 7 дена.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 3 | 5 | 6 | 2 | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 2005 | 2 | 3 | 3 | 4 | 2 | 5 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 |
| 2006 | 2 | 2 | 2 | 4 | 5 | 4 | 4 | 3 | 2 | 4 | 3 | 2 |
| 2007 | 4 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 5 | 4 | 1 |
| 2008 | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 | 4 | 3 | 4 | 2 | 5 | 7 | 5 |



## ЛФ. 5.4 Број на склучени договори

Според показателите, издадените пресметки во сите референтни години се ефектуирани, односно наплатени, што значи дека општината собира приходи по оваа основа.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 3 | 1 | 7 | 10 | 4 | 4 | 11 | 1 | 7 | 9 | 2 | 10 | 69 |
| 2005 | 5 | 4 | 8 | 6 | 5 | 2 | 9 | 2 | 7 | 6 | 3 | 8 | 65 |
| 2006 | 1 | 5 | 7 | 9 | 1 | 9 | 1 | 0 | 4 | 4 | 6 | 11 | 58 |
| 2007 | 7 | 6 | 10 | 7 | 11 | 4 | 9 | 7 | 10 | 13 | 14 | 21 | 119 |
| 2008 | 43 | 36 | 40 | 35 | 34 | 29 | 1 | 3 | 4 | 6 | 7 | 7 | 245 |







# ЛФ.6 Наменска дотација

## ЛФ. 6.1 Износ на наменската дотација за училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | | 5.224.274 | 9.609.970 | 7.417.122 | |

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2008

## ОБР. 1. Организациона поставеност

| **1.1. Дали во општината има одделение или сектор одговорен за спроведување на надлежностите во образованието?** | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | | | | | Да |
| **Не** | | | | | |

| 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Да |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали Секторот/ Одделението за образование е опремен(о) со компјутерска опрема и/или со софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Да |
| Не | | | | | |

## ОБР.2. Локално управување со финансиските средства во образованието

### 2.1 Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации

Наменските дотации за 2008 година изнесуваат 96.703.800 денари.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени преку наменски д отации (во МКД) | / | / | / | / | 96.703.800 |

### 2.2 Локално управување со финансиските средства во образованието

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | | | | | 100.000.000 |

## ОБР.3 Висина на цената на образовните услуги

- Трошоци за превоз по ученик (вкупни трошоци за превоз/број на ученици)
- Комунални услуги по ученик (вкупни трошоци за комунални услуги/број на ученици)
- Трошоци за греење по ученик (вкупни трошоци за греење/број на ученици)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | | | | | 10,5 |
| Комунални услуги по ученик | | | | | 3.087 |
| Трошоци за греење по ученик | | | | | 2.192 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | | | | | 5.546 |

- Трошок за плати за наставниот кадар по ученик (вкупни трошоци за плати за наставниот кадар/број на ученици)
- Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик (вкупни трошоци за ненаставниот кадар/број на ученици).
- Трошок за плати по вработен (вкупни трошоци за плати по вработен/број на ученици)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | / | / | / | / | / |
| Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | / | / | / | / | / |
| Трошок за плати по вработен | / | / | / | / | 22,7 |

## ОБР.4 Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти

| 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | Да |

Процентот на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината изнесува100%.

Просечната старост на училишните објекти во општинската училишна мрежа е 30 години.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Сооднос на бројот на училишта во општинската училишна мрежа (во проценти) | | | | | 0,8 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | | | | | 4 |

### Реализирани инфраструктурни  зафати за помали реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции во училиштата | | | | | 12 |
| Процент на средствата за помали реконструкции утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | | | | | |

**Број на реализирани инфраструктурни зафати за поголеми реконструкции во училиштата и вкупен износ средства за капитални инвестиции во сите училишта, обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл.**

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | | | | |
| Вкупен износ средства за поголеми инвестиции во сите училишта, обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | 20 | | | 22 | |

## ОБР.5

Процентот на деца со посебни потреби во општината кои се интегрирани во системот за основно и за средно образование изнесува 5 проценти.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | | | | | 5 |

## ОБР.6 Учество на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила во согласност со локалните потреби на пазарот на трудот

| 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | Да | |
| Не | | | | | Да |

| 6.2 Дали општината иницирала отворање нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | Да | |
| Не | | | | | Да |

| 6.3 Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за воннаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | Да |

## Заклучоци:

Процесот на мониторинг на работењето на Општина Гевгелија во периодот 2004-2008 година се покажа како мошне успешен, што произлегува од самите резултати, како и од тоа што општината влезе во втората фаза на децентрализацијата.

Спроведувањето на процесот на децентрализација и пренесувањето на надлежностите на Општина Гевгелија подразбира активност и ангажираност на градоначалникот и на општинската администрација. Нивните активности се насочени кон извршување на надлежностите пренесени со Законот за локална самоуправа и кон создавање предуслови за нормално функционирање на локалната самоуправа.

Сѐ со цел да им се излезе во пресрет на барањата на граѓаните, односно да се задоволат нивните потреби, општината беше максимално ангажирана за спроведување на донесените акти.

Од посебно значење за општината е спроведувањето на фискалната децентрализација, која ја наметна потребата од поорганизирано спроведување на законските прописи за наплата на даноците на имот, комуналните такси и надоместоци.

Наспроти реализираните законски прописи, се наметна потребата од оформување и екипирање на посебно даночно одделение. Ова одделение започна да работи во март 2008 година. Самата децентрализација наметна низа барања за давателите на јавни услуги, пред сѐ во образованието, и на културните институции, во насока на обезбедување дополнителни финансиски средства поради нецелосните дотации и неизмирените обврски.

Од претходно извршените анализи и годишни показатели се гледа дека Општина Гевгелија има добра основа и капацитет за целосно преземање на надлежностите пропишани со Законот за локална самоуправа во областа на финансирањето и образованието.

Продолжувањето на мониторингот на процесот на децентрализација во овие области ќе придонесе за подобрување на соработката меѓу општината и граѓаните, како и за подобар и поквалитетен живот на граѓаните, подобра иднина и развој на општината.

# Карбинци

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ЗА 2008 год.

## Л.Ф. 1.1-1.6 Организациска поставеност

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | x | x | x | x | x |

| 1.2 Дали секторот или одделението е само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | x |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | x |

| 1.4 Дали во секторот / одделението се вработени стручни лица (економисти, сметководители, ревизори)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | x |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | x |

Во Општина Карбинци не постои сектор или одделение за прибирање на локалните финансии, меѓутоа кадровски и инфраструктурно општината е опремена за обезбедување финансиски средства за функционирање на надлежностите. Општина Карбинци прави напори да вработи стручни лица (еден дипломиран економист и еден дипломиран правник) кои ќе ја следат состојбата со јавните давачки, и тоа базата на обврзниците и наплатата на даночните приходи од истите. Инфраструктурно, општината е обезбедена со компјутерска опрема, која овозможува имплементација на сите софтверски решенија што се неопходни за поуспешно прибирање на локалните даноци.

# ЛФ 2. Данок на промет со недвижности

## 2.1 Број на даночни пријави

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 8 | 5 | 3 | 4 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 6 | 14 | 47 |
| 2007 | 8 | 10 | 8 | 9 | 8 | 3 | 16 | 3 | 3 | 16 | 21 | 18 | 123 |
| 2008 | 25 | 15 | 17 | 20 | 11 | 14 | 13 | 13 | 17 | 22 | 12 | 14 | 193 |

Од податоците презентирани во табелата и графиконот се гледа поизразена купо-продажна активност на даночните обврзници во текот на втората фаза од фискалната децентрализација, особено во текот на 2008 година, кога гледано по месеци се поднесени значителен број даночни пријави од страна на физички и правни лица за плаќање даночна давачка при промена на сопственоста на некоја недвижност. Со оглед на тоа дека овој данок има најголемо учество во структурата на локалните даноци, може да се каже дека овој показател има позитивно влијание врз успешноста на општината при обезбедувањето сопствени извори на приходи.






## 2.2 Просечно  времетраење на постапката за издавање решение

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 2007 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2008 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |




Од податоците во табелите и од графиконот се гледа дека веднаш по поднесувањето на даночната пријава за плаќање на данокот, општината донесува решение на име на даночниот обврзник, со што покажува исклучително високо ниво на ажурност во постапката за прибирање на приходите.

## 2.3 Број на издадени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 8 | 5 | 3 | 4 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 6 | 14 | 47 |
| 2007 | 8 | 10 | 8 | 9 | 8 | 3 | 16 | 3 | 3 | 16 | 21 | 18 | 123 |
| 2008 | 25 | 15 | 17 | 20 | 11 | 14 | 13 | 13 | 17 | 22 | 12 | 14 | 193 |







Бројот на издадените решенија соодветствува со бројот на поднесените даночни пријави. Сите граѓани кои поднеле даночна пријава, општината ги задолжила со обврската за плаќање данок.

Во периодот опфатен со извештајот е поднесена само една жалба по донесено решение за плаќање данок на недвижности, и тоа во ноември 2005 година, по која министерот за финансии, како второстепен орган во постапката, донел решение во корист на Општина Карбинци. Отсуството на други жалбени постапки значи дека општината работела според законот.

## 2.4 Број на позитивно решени обжалени решенија

Во периодот 2004-2008 нема ниту едно позитивно решено обжалено решение.

# 3. Данок на имот

## 3.1 Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 828 | 828 | 1.468 | 1.030 | 1.736 |




Кај данокот на имот имаме силно изразена динамика на показателот во почетокот на првата и втората фаза од фискалната децентрализација. Општината покажала способност за оформување уредна база на обврзници (физички и правни лица) за плаќање на овој данок. Ова се гледа пред сè од бројката на прикажани обврзници за плаќање на данокот на имот за 2006 и 2008. Опаѓање имаме во 2007 година, затоа што дел од физичките и правните лица кои имаат имот на територијата на Општина Карбинци, а се жители на Општина Штип, се изземени од регистарот на даночните обврзници на Општина Карбинци и се евидентирани со обврска за плаќање данок во Општина Штип.

## 3.2 Процент на опфатеност на сите корисници

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 56,6 | 56,6 | 82,4 | 90 | 100 |

Овој показател е исклучително позитивен бидејќи со фискалното осамостојување Општина Карбинци покажа дека има капацитет да оформи комплетен регистар на даночните обврзници, вклучувајќи ги и сите физички и правни лица кои располагаат со станбен и деловен простор на нејзината територија. Постојано се следи состојбата на теренот, што позитивно влијае врз зголемувањето на приходите на Општина Карбинци.




## 3.3 Просечен износ на данокот на имот по глава на жител или по квадратни метри имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД) | 114.648 | 114.648 | 254.648 | | 362.531 |
| Население | 4.012 | 4.012 | 4.012 | | 4.500 |
| Вкупно $m^2$ имот | | | | | |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | 28,60 | 28,60 | 63,50 | 66 | 80,5 |
| Просечен износ на данокот на имот по $m^2$ имот | | | | | 3 |

Во периодот опфатен со извештајот овој показател е негативен, особено вториот дел од показателот што го дефинира просечниот износ на данокот на имот по квадратни метри имот. Општината нема изработено методологија за пресметка на вкупната површина на имотот што е предмет на оданочување кај сите даночни обврзници. Првиот дел на

показателот го дефинира просечниот износ на данокот на имот по глава на жител, иако тој покажува пораст во текот на анализираниот период. Тој е негативен поради ниската вредност на средствата по жител кои се слеваат во општинската каса.

### 3.4 Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данокот на имот | | | 627 | | 23 |




Показателот е позитивен во 2006 година, кога е извршено главното комплетирање на регистарот на обврзници за плаќање на данокот. Имено, по преземањето на базата од УЈП, која до 30.6.2005 го водеше регистарот на даночните обврзници за двете општини (Штип и Карбинци), Општина Карбинци во текот на првата година од финансиското осамостојување го изврши главното ажурирање на обврзниците за плаќање на данокот на имот. Во наредните 2007 и 2008 општината само тековно ја следеше состојбата на теренот и вршеше усогласување само при промена на сопственоста како резултат на трансфер на недвижности.

### 3.5-3.6 Процент на наплата и процент на присилна наплата

Процентот на наплата во периодот опфатен со извештајот е низок (се движи помалку од 50%), со поизразено намалување во последната 2008 година. Општината не покажала способност за преземање активности со кои преку медиумска кампања или на некој друг начин би покажала колку е важно да се плаќа овој данок.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 41.4 | 45.5 | 39.5 | 40 | 20 |
| Присилна наплата (во %) | | | | | 0 |




Присилна наплата не е спроведена поради висината на трошоците што би се направиле при спроведувањето на постапката за присилна наплата, односно затоа што во текот на постапка би се потрошиле повеќе средства, отколку што би се обезбедиле пари во општинската каса.

## 4. Комунална такса за истакнување на фирма

### 4.1 Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 23 | 23 | 71 | 80 | 81 |

Во втората половина на периодот опфатен со извештајот, односно по финансиското осамостојување на Општина Карбинци, показателот е позитивен. Општината покажува способност да ја следи состојбата на теренот, со постојано задолжување на правните лица за плаќање на оваа комунална давачка.




## 4.2 Опфатеност на сите субјекти во проценти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | | | 100 | 95 | 100 |

Во периодот на финансиското осамостојување показателот е позитивен. Општината успеала да воспостави механизми за целосно опфаќање на потенцијалните обврзници за плаќање на оваа комунална такса. Базата на обврзници е целосно комплетирана со податоци за регистрираните фирми кои се преземени од Централниот регистар, кој е надлежен за регистрација на сите правни субјекти.




## 4.3 Број на извршени ажурирања

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршени ажурирања | 25 | 30 | 39 | 73 | 3 |




Показателот е позитивен. Во периодот опфатен со извештајот, Општина Карбинци покажува заинтересираност за сите промени кај правните лица од аспект на промена на статусот, адресата, промена на фирмата, основање, ликвидација и сл., а сè во функција на зголемување на сопствените приходи.

## 4.4-4.5 Наплата и присилна наплата (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | | | 2,5 | 10 | 40 |
| Присилна наплата (во %) | | | 90 | 70 | нема |




Двата дела од овој показател во анализираниот период од финансиското осамостојување на Општината се негативни. Во периодот 2006-2008 континуирано се провлекува низок процент на наплата и висок процент на присилна наплата на комуналната такса. Во изминатата 2008 воопшто не е спроведена постапка за присилна наплата.

# 5. Надомест за уредување на градежното земјиште

## 5.1 Број на барања за изработка на пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | 3 | 1 | | | | | 1 | 2 | 1 | 1 | | 9 |
| 2005 | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | 5 | 2 | 10 |
| 2006 | 2 | | | 1 | | 2 | | | | | 3 | 6 | 14 |
| 2007 | 1 | 5 | | 1 | 3 | 5 | 1 | 2 | 3 | | | | 21 |
| 2008 | | 1 | | | | 1 | | | | | 2 | | 4 |

Показателот е стабилен во текот на целиот анализиран период, освен во последната 2008, кога бележи значително опаѓање. Бројот на поднесените барања за изработка на пресметка во 2008 година е за 50% помал во однос на претходната година, што значи намалени активности во делот на градежната оператива.






## 5.2 Број на издадени пресметки

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | 3 | 1 | | | | | 1 | 2 | 1 | 1 | | 9 |
| 2005 | | | 1 | 1 | | | | | 1 | | 5 | 2 | 10 |
| 2006 | 2 | | | 1 | | 2 | | | | | 3 | 6 | 14 |
| 2007 | 1 | 5 | | 1 | 3 | 5 | 1 | 2 | 3 | | | | 21 |
| 2008 | | 1 | | | | 1 | | | | | 2 | | 4 |







Исто како кај претходниот показател, од бројот на издадените пресметки по поднесените барања се гледа дека во 2008 има забавена инвестициона активност во делот на градежната оператива, без оглед на тоа дали се работи за поднесени барања од физички или од правни лица.

## 5.3 Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 15 | 15 | | | | | 15 | 15 | 15 | 15 | |
| 2005 | | | 15 | 15 | | | | | 15 | | 15 | 15 |
| 2006 | 15 | | | 15 | | 15 | | | | | 15 | 15 |
| 2007 | 15 | 15 | | 15 | 15 | 15 | 5 | 5 | 5 | | | |
| 2008 | | 15 | | | | 15 | | | | | 15 | |




Показателот покажува дека пресметките по поднесените барања се издаваат во законски предвидениот рок.

### 5.4 Број на склучени договори

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 9 |
| 2005 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 5 | 2 | 10 |
| 2006 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 6 | 14 |
| 2007 | 1 | 5 | 0 | 1 | 3 | 5 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 4 |







Бројот на склучените договори кореспондира со бројот на поднесените барања за изработка на пресметка и бројот на издадените пресметки, што значи дека барањата се ефектуираат во конкретни договори, врз основа на извршените плаќања за издадена пресметка од страна на инвеститорите.

## 6. Наменска дотација за образование

### 6.1 Износ на наменската дотација

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | 1.013.444 | 1.393.251 | 5.003.385 | 12.097.300 | 27.149.600 |




Показателот го покажува движењето на наменската дотација во целиот анализиран период. Средствата кои Министерството за образование ги издвојува за наменската дотација се во континуиран пораст во сите години на поединечно снимање. Општина Карбинци успеа да влезе во втората фаза на фискалната децентрализација во текот на 2007 година. Горенаведеното значи дека во 2007 година делот на средствата прикажани во табелата го содржат износот на блок- дотацијата за месеците октомври, ноември и декември 2007. Исто така, средствата прикажани во табелата и на графиконот за 2008 се однесуваат на блок- дотацијата.

## 6.2 Износ на реалните трошоци на училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД) | 1.489.801 | 1.631.429 | 5.935.985 | 11.540.240 | 27.849.600 |

Реалните трошоци на училиштата во периодот опфатен со извештајот, освен во 2007, се над износот на наменската дотација. Оваа надлежност тешко се финансира од средствата кои се дефинирани во согласност со уредбата на Министерството за образование, што значи дека висината на трошоците што ги одредува Министерството за образование не може да ги задоволи основните потреби на училиштата.




## 6.3 Процент недостиг на средства за надлежноста образование

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент недостиг на средства за покривање/изведување на надлежноста на општината (во МКД) | 476.357 | 238.178 | 932.600 | нема | 700.000 |




Во периодот опфатен со извештајот, освен во 2007, општината покажува континуиран недостиг на средства за финансирање на надлежноста образование. Ова претпоставува неопходна потреба од промена на параметрите во методологијата по која Министерството за образование и наука ги утврдува износите на наменската дотација.

# 7.Обврски на општината кон доставувачите

## 7.1 Износ на вкупни обврски

Во периодот опфатен со извештајот, Општина Карбинци не создавала обврски што би се провлекувале подолг временски период и би извршиле влијание врз стабилноста на нејзиното финансиско работење. Обврските што се прикажани во табелата и графиконот, со состојба 31.12.2005 и 31.12.2006, се подмирени во законски договорените рокови.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2005 | | | | | | | | | | | | 722 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | 746 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2008 | | | | | | | | | | | | нема |

## 7.2 Структура на обврските по старост

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2005 | | | | | | | | | | | | 12 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | 24 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2008 | | | | | | | | | | | | нема |

Показателот е успешен бидејќи општината не создавала обврски кои би се провлекувале подолго време во текот на анализираниот период.

## 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината

Показателот е успешен бидејќи општината нема неплатени обврски спрема доставувачите. Сите обврски што ги создава се тековни и истите тековно се подмируваат.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2005 | | | | | | | | | | | | 3,8 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | 3,34 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | нема |
| 2008 | | | | | | | | | | | | нема |

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ ЗА 2008

## 1.Организациска поставеност

| 1.1. Дали во општината има сектор или одделение одговорен(о) за спроведување на надлежностите во образованието? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | X | X | X | X | X |

| 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | X | X | X | X | X |

| 1.3 Дали секторот или одделението за образование е опремен(о) со компјутерска опрема и/или софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Нема податок |
| Не | | | | | Нема податок |

Органограмот на Општина Карбинци не предвидува организирање на сектор или одделение за спроведување на надлежноста образование. Актот за систематизација на работните места не предвидува место за овластен просветен инспектор. Општината не е опремена со софтверски пакет за следење на состојбата во образованието. Горенаведените показатели се одраз на реалната состојба во општината, која е релативно мала по бројот на жители и по бројот на ученици, кои посетуваат настава само во основно образование.

# 2. Локално управување со финансиските средства за образование

## 2.1 Износ на финансиски средства распределени преку наменска дотација

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | 1.013.444 | 1.393.251 | 5.003.385 | 12.097.300 | 27.149.600 |




Наменска дотација претставува износ на финансиски средства кои од централниот буџет на државата се насочуваат кон општинските буџети за финансирање на определени активности во надлежноста образование. Средствата се строго наменски и не можат да се користат за други намени. Од табелата и од графиконот се гледа континуиран пораст на средствата распределени преку наменска дотација во разгледуваниот период (2004-2008). Посебно е изразено зголемувањето во 2007 и 2008. Овој рапиден пораст на распределените средства се објаснува со фактот дека Општина Карбинци успеа да влезе во втората фаза на фискалната децентрализација, што придонесе, почнувајќи од октомври 2007 па наваму, средствата од централниот буџет на државата да се пренасочуваат кон општината преку блок-дотација. Покрај средствата предвидени за покривање на тековните трошоци во училиштата, блок-дотацијата ги содржи и средствата за исплата на платите на вработените во училиштата.

## 2.2 Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | 1.489.801 | 1.631.429 | 5.935.985 | 11.542.240 | 27.849.600 |




Показателот посочува на потребата од поголем износ на средства за покривање на реалните трошоци. Критериумите што го дефинираат износот на средствата распределени преку наменски дотации создаваат континуиран недостиг од средства за покривање на оваа надлежност.

## 2.3 Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | | 60.000 | | | |

Од табелата се гледа дека само во 2005 година Општина Карбинци интервенирала со минимален износ на средства за покривање на потребите на училиштето.

## 3.1 Вкупни трошоци по ученик

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | 3.557 | 2.510 | 6.002 | 3.607 | Нема податок |
| Комунални услуги по ученик | 288 | 328 | 312 | 610 | Нема податок |
| Трошоци за греење по ученик | 386 | 494 | 544 | 1.949 | 3.512 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | 4.231 | 3.332 | 6.858 | 6.166 | Нема податок |




Вкупните трошоци по ученик се формираат како збир од вкупните трошоци по ученик за превоз, комунални услуги (струја и вода) и трошоците за греење (парно и дрва).

Од табелата и графиконот се гледа дека вкупните трошоци по ученик во периодот опфатен со извештајот се во постојан пораст, со исклучок на 2005 кога сеပониски во однос на 2004. Во 2005 почна имплементацијата на фискалната децентрализација на локалната самоуправа, така што висината на овие трошоци е финансирана преку наменските дотации утврдени според методологијата на Министерството за образование. И со овој показател се утврдува веќе согледаната состојба на недостиг од средства за покривање на реалните потреби на образованието.

## 3.2 Висина на цената за образовната услуга

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | 8.440 | 8.530 | 10.724 | 13.334 | 20.024 |
| Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | 2.318 | 2.420 | 2.232 | 2.575 | 5.195 |
| Трошок за плати по вработен | 10.758 | 10.950 | 12.956 | 15.909 | 25.219 |

Во периодот опфатен со извештајот цената на образовната услуга по вработен е во постојан пораст. Цената на услугата е во пораст пресметано и по наставен кадар и по ненаставен кадар. Особено е изразен порастот на образовната услуга кај наставниот кадар, што е резултат на декомпресијата на платите во јавната и во државната администрација, која етапно се спроведуваше во времето од 2004 до 2008 година. Резултат на оваа декомпресија беше значителното покачување на платите на вработените со високо образование, што предизвика и пораст на образовните услуги по вработен. Се гледа дека порастот на услугата по ненаставниот кадар не е толку рапиден, бидејќи кај оваа категорија вработени, претежно со средно и основно образование, вкупната маса средства за исплата на плати е помала.




# 4. Имотно-правен статус и физичка состојба на училиштата

| 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | Не | Не |

## 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата?

Општина Карбинци нема основано и не води општински регистар. Во општината постои едно централно и осум подрачни училишта кои гравитираат во приградските населби. Состојбата на училишниот имот општината ја следи преку редовните годишни пописни листи што ги изготвува училиштето.

## 4.2 Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | | | | 100 | |

Во текот на 2007, Општина Карбинци изврши пренесување на целиот имот на ЦОУ „Страшо Пинџур“ во нејзина сопственост. Сопственоста над училишните објекти е евидентирана во општинскиот регистар на недвижности во Општина Штип и за истата може да се издаде имотен лист.

## 4.3-4.4 Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | 30 | 35 | 38 | 40 | 40 |




| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Сооднос на бројот на училишта во општинската училишна мрежа (во проценти) | 22 | 22 | 22 | 22 | 22 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |




Од табелата и графиконот се гледа дека неколку децении наназад во општината немало капитални инвестиции во општинската училишна мрежа. Просечната временска старост на сите училишта во општината, сметајќи ги и централното и подрачните, се движи меѓу 30 и 40 години.

Кај соодносот на спортските сали во однос на вкупниот број училишни објекти, ситуацијата е слична како и во претходниот пасус. Општинската училишна мрежа располага со две спортски сали што ги опслужуваат потребите на вкупно 9 училишта.

## 4.5 Реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| Процент на средствата за помали реконструкции, утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | 3,26 | 2,73 | 1,24 | 7,9 | Нема податок |




Од табелата и од графиконот се гледа дека во периодот опфатен со извештајот се реализирани помали инфраструктурни зафати. Овие зафати се реализирани како во централното училиште, така и во подрачните училишта, во зависност од листата на приоритети што ја одредува општинскиот совет.

Зафатите се однесуваат на изградбата на водоводна мрежа во едно подрачно училиште, изградбата на полски вециња во две училишта, бетонирање на училишниот двор во централното училиште, како и помали реновирања на четири подрачни училишта.

Во периодот опфатен со извештајот, општината континуирано ги поддржува трошоците за тековно одржување на сите училишни објекти. Процентуалното учество на трошоците за тековно одржување на училишните згради во однос на вкупниот буџет на училиштето (без плати) е значителен, со оглед на тоа дека се работи за мали реконструкции, чиешто учество се движи од 1 до 8%.

## 4.6 Реализирани инфраструктурни зафати за поголеми реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | 2 | 2 | 1 | 3 |
| Вкупен износ на средствата за поголеми инвестиции во сите училишта, обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | | 2.600.000 | 1.556.612 | 180.000 | 4.960.000 |




Во периодот опфатен со извештајот се реализирани значителен број инфраструктурни зафати за поголеми реконструкции. Реализацијата на истите започнува во 2005 и продолжува по следниов редослед:

- Во 2005 е монтирано парно греење во ЦОУ „Страшо Пинџур“ со површина од 1.800 квадратни метри, со средства од донација од Швајцарската амбасада (50%) и од Министерство за образование и наука (50%), во вкупна вредност од 83.000 евра или 5.200.000 денари.
- Во 2005, со донација од Германската влада реализирана преку КАЕБ-банка (*Програма за социјална инфраструктура)*, е извршено реновирање на ПУ Кучица, во вкупна вредност од 40.000 евра или 2.600.000 денари.
- Во 2006 во ЦОУ „Страшо Пинџур“ - Карбинци преку проектот *Модернизација на образованието* се одобрени средства во износ од 1.556.612 денари за замена на дрвените прозорци со ПВЦ градежна технологија.
- Во 2007 со донација од СОЖМ - Скопје, преку грант од Швајцарската амбасада, се обезбедени 180.000 денари за замена на преостанатите дрвени прозорци со ПВЦ-прозорци.
- Во 2008 од турската донација ТИКА се обезбедени 10 компјутери во вредност од 3.000 евра за ПУ во село Прналија.
- Во 2008 се изведени поголеми реконструктивни зафати во вкупна вредност од 165.000 евра, од кои најголемо учество има инсталирањето на парно греење во следниве училишта: ПУ Балван, ПУ Кучица и ПУ Парналија.

## 5.1, Опфатеност на децата во основното и во средното образование

| Процент од вкупното население (%) | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 78 | 78 | 78 | 77 | 80 |
| Албанци | нема | нема | нема | нема | нема |
| Турци | 21 | 21 | 21 | 22 | 19 |
| Власи | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Роми | нема | нема | нема | нема | нема |
| Друга етничка припадност | нема | нема | нема | нема | нема |




## 5.2 Опфатеност на децата со различна етничка припадност во основното и во средното образование

Од табелата и од графиконот се гледа тенденцијата на константно опаѓање на вкупниот број ученици во периодот 2004-2008. Овој податок кореспондира со официјалните податоци од Државниот завод за статистика, кој континуирано објавува опаѓање на стапката на наталитет на ниво на државата.
Во вкупниот број ученици во општината со најголем процент учествуваат Македонците, по нив се Турците, потоа Ромите и Власите. Високото учество на турскиот етникум е поради нивната населеност во руралните планински населби на падините на планината Плачковица.

## 5.3 Опфатеност на децата со посебни потреби

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | нема | нема | нема | нема | нема |

## 5.4 Опфатеност на децата со посебни потреби во основното и во средното образование

Во Општина Карбинци постои само едно основно училиште со осум подрачни училишта, чиишто програми за наставна работа не предвидуваат образование и воспитание за децата со посебни потреби. Овие ученици се образуваат во училиштата во Општина Штип (едно основно и едно средно), кои располагаат со паралелки за деца со посебни потреби.

## 6.1-6.3 Учество на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила

| 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување на нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Нема податок |
| Не | | | | | |

| 6.2 Дали општината иницирала отворање на нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Нема податок |
| Не | | | | | |

| 6.3 Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за воннаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | X | X | X | X |
| Не | | | | | |

Овој показател е неприменлив за Општина Карбинци, бидејќи истата не располага со сопственост над средните училишта на својата територија и во согласност со горенаведеното, не може да влијае на креирањето квалификувана работна сила.

# Кавадарци

## ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2008 год.

### Урб.1 Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | Не | Не | Не | Не | Не |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл. инженери архитекти или дипл. градежни инженери)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението се опремени со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | Не | | | | |

Во периодот од 2004 до 1 јули 2005 година за урбанистичкото планирање во Општина Кавадарци беше надлежна Регионалната канцеларија за урбанистичко планирање, а според Законот за децентрализација од 1 јули 2005 година овие надлежности се префрлени на Одделението за урбанистичко планирање во локалната самоуправа на Општина Кавадарци. Периодот од 1 јули 2005 година до 1 јануари 2006 година е вакуум период, што настана како резултат на префрлањето на надлежностите, па податоците за потребите на овој мониторинг се некомплетни и недостапни.

Денес во Одделението за урбанизам се вработени соодветни стручни лица (архитекти и градежни инженери), Одделението функционира добро и со својата организациска поставеност, со навременоста во работењето и опремата со којашто располага претставува одличен сервис на граѓаните на Општина Кавадарци. Моментално, во ова одделение се извршуваат и услугите за Општина Росоман.

# Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план:

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 4 | 7 | 4 | 7 | 5 | 7 | 4 | 2 | 10 | 6 | 56 |
| 2005 | 6 | 48 | 50 | 33 | 35 | 42 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 214 |
| 2006 | 33 | 48 | 49 | 24 | 33 | 17 | 18 | 16 | 18 | 38 | 19 | 44 | 357 |
| 2007 | 56 | 60 | 39 | 18 | 33 | 25 | 23 | 17 | 26 | 26 | 43 | 22 | 388 |
| 2008 | 29 | 57 | 57 | 60 | 48 | 28 | 49 | 40 | 31 | 83 | 104 | 92 | 678 |




Според податоците за овој показател, бројот на барања за извод од урбанистичкиот план во 2004 и во 2005 година е помал, а во 2006, 2007 и во 2008 година е многу поголем. Зголемувањето на бројот за поднесените барања се должи пред сè на спроведувањето на постапката за трансформација на сопственоста на земјиштето од корисничко во сопствено право, а за таа постапка е неопходен извод од урбанистичкиот план.




## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 3 | 5 | 2 | 5 | 3 | 6 | 3 | 1 | 7 | 2 | 37 |
| 2005 | 4 | 46 | 41 | 30 | 30 | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 188 |
| 2006 | 31 | 45 | 47 | 23 | 30 | 15 | 18 | 16 | 18 | 38 | 19 | 44 | 344 |
| 2007 | 56 | 60 | 39 | 18 | 33 | 25 | 23 | 17 | 26 | 26 | 43 | 22 | 388 |
| 2008 | 25 | 55 | 63 | 60 | 43 | 33 | 50 | 40 | 31 | 83 | 104 | 92 | 679 |

Од овој индикатор може да се потврди дека бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е речиси еднаков на бројот на поднесените барања на годишно ниво. Тоа значи дека на сите барања се одговара веднаш и дека истите се издаваат во законскиот рок од 5 дена.







## 2.3 Време на издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2005 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |




Запазувањето на законскиот рок од 5 дена за издавање извод од урбанистичкиот план се должи на комплетно доставените барања и на постоењето на нови урбанистички планови, уредна планска документација и сл. Извод од урбанистичкиот план не се издава само доколку нема важечки урбанистички план или ако тој е во постапка на ревизија, т.е. доколку е во тек измена на постојниот урбанистички план. Во тој случај, граѓаните веднаш се информираат, а постапката се одложува.

# Урб. 3 Решение за локациски услови:

## 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 28 | 26 | 30 | 11 | 24 | 14 | 15 | 12 | 15 | 14 | 23 | 12 | 224 |
| 2005 | 20 | 10 | 12 | 17 | 10 | 16 | 0 | 0 | 5 | 4 | 5 | 3 | 102 |
| 2006 | 3 | 8 | 8 | 4 | 5 | 4 | 1 | 8 | 2 | 6 | 5 | 3 | 57 |
| 2007 | 7 | 6 | 1 | 8 | 7 | 6 | 8 | 2 | 6 | 2 | 4 | 5 | 62 |
| 2008 | 2 | 4 | 2 | 5 | 7 | 1 | 2 | 3 | 7 | 2 | 3 | 1 | 39 |

Овој индикатор го покажува бројот на објектите кои и натаму продолжуваат со постапката, сè до добивањето дозвола за градба. Споредено со поднесените барања за извод од урбанистичкиот план, овој број е намален. Тоа потврдува дека најмногу изводи од урбанистичкиот план се бараат заради регулирање на трансформацијата на сопственоста на земјиштето, а многу е помал бројот на барањата за решение за локациски услови. На намалувањето на бројот на барањата за решение за локациски услови влијае и потребата од ревизија или измена на постојните урбанистички планови, бидејќи честопати се јавува потреба од промена на предвидената намена и капацитет на објектите заради задоволување на потребите на граѓаните.






## 3.2 Број на позитивно решени барања – издадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 26 | 23 | 26 | 10 | 21 | 11 | 13 | 10 | 12 | 12 | 17 | 11 | 192 |
| 2005 | 17 | 8 | 11 | 15 | 9 | 14 | 0 | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 84 |
| 2006 | 2 | 6 | 6 | 2 | 5 | 4 | 1 | 3 | 4 | 7 | 5 | 3 | 48 |
| 2007 | 7 | 6 | 1 | 8 | 7 | 5 | 7 | 2 | 6 | 3 | 3 | 5 | 60 |
| 2008 | 2 | 3 | 2 | 5 | 3 | 4 | 4 | 2 | 6 | 2 | 3 | 1 | 37 |

Бројот на позитивно решените барања за решенија за локациски услови е речиси еднаков со бројот на поднесените барања и, споредено со изминатите години, ја покажува вистинската слика за градењето легални градби во Општина Кавадарци, бидејќи со издавањето на решенијата за локациски услови се дефинирани условите за градба на објектите.







## 3.3 Број на одбиени барања / (неиздадени) решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 2 | 3 | 4 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 28 |
| 2005 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 | 1 | 18 |
| 2006 | 1 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бројот на одбиени барања / неиздадени решенија за локациски услови во 2004, 2005 и во 2006 година се должи на нецелосната и некомплетна документација при поднесувањето на барањето, најчесто поради неизвршената трансформација на земјиштето, т.е. немањето документ за сопственост на земјиштето, а често и на потребата од нови детални урбанистички планови. Во 2007 и во 2008 година тоа е сведено на минимум, бидејќи во меѓувреме се изработени многу детални урбанистички планови во општината, трансформацијата на земјиштето е речиси завршена, а доколку недостига некој документ, странката писмено и навремено се известува за тоа и постапката тече понатаму.







### 3.4 Време на издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5 дена)

Издавањето на решенијата за локациски услови во 2004 и во 2005 година се извршуваше во рок од 15 дена, а во 2006, 2007 и во 2008 година тој рок е намален на 5 дена. Овие решенија за локациски услови се издаваат во Одделението за урбанистичко планирање во законски утврдениот рок и не е евидентиран случај на издавање решение надвор од законски утврдениот рок. Тоа се должи пред сè на собирањето комплетна документација при доставувањето од страна на странките и на добрата организираност во работата на Одделението за урбанистичко планирање при локалната самоуправа на Општина Кавадарци.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2005 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |




# Урб. 4 Од обрение за градење:

### 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 5 | 7 | 6 | 5 | 4 | 5 | 5 | 11 | 11 | 9 | 9 | 84 |
| 2005 | 5 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 0 | 0 | 10 | 7 | 8 | 7 | 49 |
| 2006 | 9 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 3 | 6 | 9 | 8 | 2 | 4 | 62 |
| 2007 | 2 | 5 | 7 | 9 | 3 | 4 | 7 | 9 | 3 | 1 | 5 | 1 | 56 |
| 2008 | 4 | 6 | 4 | 6 | 4 | 3 | 5 | 1 | 2 | 6 | 4 | 1 | 46 |







Овој индикатор го покажува точниот број граѓани кои ја завршуваат постапката за одобрение за градење. Во 2004 и 2005 година овој број е речиси за 50% помал од бројот на добиените решенија за локациски услови, додека во 2006, 2007 и во 2008 година овој број е речиси еднаков со бројот на добиените решенија за локациски услови. Тоа се должи на регулираното и навремено плаќање на комуналниот надомест и обезбеденото финансирање и донесување на урбанистичките планови кои одговараат на бараните локации за градба. Тоа не беше случај претходните години, а главен проблем во тоа време беше немањето важечки урбанистички планови и избегнувањето да се плаќа комунален надомест. Сево ова укажува на фактот дека во последните три години граѓаните сѐ повеќе се одлучуваат за легална градба, дека се подобрува покриеноста со важечки урбанистички планови, т.е. дека општината сѐ повеќе изнаоѓа начини за финансиско покривање на ревизиите и изработките на нови урбанистички планови, а со тоа сѐ повеќе ги задоволува потребите и барањата за нови урбанистички локации, за кои интерес покажуваат и индивидуалци, но и стопански субјекти.

## 4.2 Број на позитивно решени / (издадени) одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек: | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 5 | 6 | 6 | 5 | 4 | 5 | 5 | 11 | 11 | 9 | 8 | 82 |
| 2005 | 5 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 0 | 0 | 10 | 7 | 7 | 7 | 48 |
| 2006 | 9 | 8 | 4 | 4 | 2 | 3 | 3 | 6 | 8 | 8 | 2 | 4 | 61 |
| 2007 | 2 | 5 | 7 | 9 | 3 | 4 | 5 | 3 | 8 | 3 | 5 | 1 | 55 |
| 2008 | 2 | 2 | 6 | 8 | 6 | 3 | 2 | 3 | 2 | 6 | 2 | 3 | 45 |




Вкупниот број позитивно издадени одобренија за градење е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за градење. Тоа значи дека Одделението за урбанистичко планирање навремено одговара на сите барања, внимава при доставувањето на документацијата (за таа да биде комплетна), а странките писмено се известуваат за начинот на регулирање на плаќањето на комуналниот надоместок и за потребата од самофинансирање за изработка на урбанистички план, доколку има потреба за тоа. Кога сите овие фази ќе завршат позитивно, постапката продолжува понатаму, односно се започнува со градба на објектот.




## 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 6 | 1 | 2 | 0 | 0 | 12 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |







Бројот на одбиени барања за одобренија за градба е минимален, додека во 2007 година вкупниот број одбиени барања на годишно ниво изнесува 12. Тоа се должи на неисплатениот комунален надомест за градба на објектите и на потребата од промена на Деталниот урбанистички план, т.е. на тешкотиите при финансирањето на измените во Урбанистичкиот план. Во 2008 година овие проблеми се надминати, па затоа не е евидентиран ниту еден случај на одбиено барање за одобрение за градба.

## 4.4 Време на издавање на одобрението за градење - во законскиот рок (7 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 2005 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2006 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2007 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2008 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |

Во 2004 и 2005 година законскиот рок за издавање одобрение за градење бил 15 дена, а во 2006, 2007 и во 2008 година е намален на 7 дена. Овие законски рокови во целост се почитуваат и се спроведуваат во Одделението за урбанистичко планирање, каде што се издаваат ваквите одобренија за градба. Не е забележан случај на непочитување на законски пропишаниот рок.




Во 2004, 2005 и во 2006 година граѓаните најчесто се одлучуваа за нелегална градба од следниве причини: големи финансиски средства за исплата на комунален надоместок; немање доволно важечки детални урбанистички планови; не е извршена трансформација на сопственоста на земјиштето и слично. Во 2007-2008 година во Општина Кавадарци започна да функционира начин на самофинансирање за потребните дополнувања и измени на урбанистичките планови. Тоа се покажа како успешен начин за надминување на проблемот со немање финансии за нови урбанистички планови и е прифатено од страна на граѓаните, сè со цел побрзо и поуспешно да се урбанизира територијата на општината.

# Урб. 5 Одобрение за употреба

## 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 5 | 4 | 13 |
| 2007 | 0 | 0 | 1 | 6 | 0 | 2 | 2 | 6 | 5 | 4 | 3 | 3 | 32 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 15 |







Во 2004 и 2005 година во Општина Кавадарци се поднесени вкупно три барања за одобренија за употреба, а тоа е многу малку ако се има предвид големината на општината. Бројот на нелегални градби во тој период е најголем, а голем е и бројот на започнати објекти, кои поради финансиски проблеми сè уште не се завршени или нивната изградба е во завршна фаза. Постојат и завршени објекти кои не ги задоволуваат техничките услови и пропишаните градежни норми или, пак, бараат пренамена на објектот што со себе повлекува друга постапка. Во 2006, 2007 и 2008 година овој број на поднесени барања за одобрение за употреба е зголемен и тоа претставува позитивен тренд.

## 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 2007 | 0 | 0 | 1 | 6 | 0 | 2 | 2 | 6 | 2 | 4 | 2 | 2 | 27 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 2 | 2 | 0 | 1 | 2 | 2 | 1 | 14 |







Бројот на издадени одобренија за употреба на објектот на годишно ниво во последниве три години е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за употреба. Станува збор за бројот на објектите кои се целосно изградени и пуштени во употреба, во согласност со важечките технички пропишани норми од Законот за градба и градежно земјиште.

## 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба

Во периодот од 2004 до 2009 година речиси нема одбиени барања за одобрение за употреба на објектите, освен регистрираните три случаи во октомври 2007 година. Тоа се, всушност, објекти за колективно домување кои сè уште се градат и не се целосно завршени.

Споредувајќи ги на годишно ниво податоците од почетокот на постапката, па сè до добивањето одобрение за употреба, може да се заклучи дека речиси сите одобренија за употреба во Општина Кавадарци се однесуваат на објекти наменети за колективно домување или на стопански објекти. За индивидуалните градби најчесто воопшто не се поднесуваат барања за одобрение за употреба, туку постапката завршува со добивањето одобрение за градба. Се наметнува впечатокот дека во Општина Кавадарци или многу малку се гради или се гради нелегално!

# Урб.6 Инспекција – Урбанистичка:

## 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во Општина Кавадарци не е евидентиран ниту еден случај на поништено решение за локациски услови, издадено од Одделението за урбанистичко планирање и инспекциски надзор.

## 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во последниве 5 години во Општина Кавадарци нема утврдено отстапувања од издадените одобренија за градба, од проста причина што оние кои се одлучуваат за нелегална градба воопшто не започнуваат постапка за добивање одобрение за градба.

## 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 2 | 0 | 5 | 7 | 7 | 6 | 2 | 6 | 1 | 4 | 5 | 46 |
| 2005 | 0 | 1 | 0 | 1 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 | 32 |
| 2006 | 15 | 3 | 6 | 2 | 13 | 3 | 13 | 4 | 16 | 18 | 11 | 6 | 110 |
| 2007 | 3 | 5 | 8 | 9 | 5 | 8 | 9 | 5 | 2 | 6 | 6 | 5 | 71 |
| 2008 | 1 | 2 | 1 | 6 | 3 | 0 | 5 | 9 | 4 | 5 | 11 | 1 | 48 |

Кога станува збор за урбанистичкото планирање, Општина Кавадарци работи според планираното и во законски предвидениот рок. Но, како и другите општини во Република Македонија, и Општина Кавадарци се соочува со проблемот на нелегалното градење. Според овој индикатор може да се утврди вкупниот број дивоградби на годишно ниво. Најчесто тоа се објекти од типот на доградби, надградби, комплетно нови објекти што никнуваат „преку ноќ", објекти за коишто граѓаните најчесто воопшто не започнуваат постапка за легализација на градбата затоа што не сакаат да платат комунален надоместок или се откажуваат од постапката во моментот кога ќе дознаат дека треба да ја самофинансираат измената или ревизијата на урбанистичкиот план, бидејќи општината нема средства со кои ќе ги финансира овие измени. Тоа се најчестите причини што доведуваат до крајниот резултат – дивоградба.






## Заклучок:

Во 2004 и 2005 година во Општина Кавадарци функционираше Регионална канцеларија за урбанистичко планирање. Во согласност со процесот на децентрализација, од 1 јули 2005 година сите надлежности се префрлија на Одделението за урбанистичко планирање при локалната самоуправа на Општина Кавадарци.

Од мониторингот на процесот на децентрализација во областа на урбанизмот може да се заклучи дека работењето на општината на планот на урбанистичкото планирање од година во година бележи сè подобри резултати и сè повеќе е во функција на граѓаните. Како и другите општини во Република Македонија, и оваа општина има проблеми со нелегалните градби. Во процесот на урбанизација, Општина Кавадарци не заостанува зад другите општини, но не ја зазема ниту лидерската позиција. Решението на проблемот е во ревизијата и донесувањето нови урбанистички планови, како основа за секаков вид градба, односно во изнаоѓањето на потребните финансиски средства за нивна изработка. Во последните две-три години во оваа општина се практикува начинот на самофинансирање при изработката на урбанистичките планови. Тоа наиде на разбирање кај граѓаните и истите го поддржуваат, на тој начин што средствата уплатени на име урбанистички план се компензираат со финансиите потребни за покривање на комуналниот надоместок.

Со донесените законски измени, времето на чекање за потребната документација за легализација на градбите е намалено, сè повеќе се иницираат постапки за легална градба, а со тоа се зголемува и бројот на убави индустриски и економски капацитети.

Од претходно изнесените анализи и годишни показатели за урбанистичкото планирање за 2004, 2005, 2006, 2007 и 2008 година се гледа дека Општина Кавадарци има добра основа и капацитет за целосно преземање на надлежностите пропишани со Законот за локалната самоуправа во областа на урбанистичкото планирање. Пожелно е да се направи целосна анализа за тоа колку луѓе се потребни за навреме да се одговори на поднесените барања на граѓаните, односно колку луѓе се потребни за непречено функционирање на Службата за градежна и урбанистичка инспекција. Потребно е да се работи многу повеќе на терен, да се води општинска евиденција за нелегалните градби и истите навремено и соодветно да се санкционираат, односно веднаш да се дејствува според пропишаните санкции, со што ќе се создадат предуслови за намалување на бројот на нелегалните градби.

Донесувањето нови урбанистички планови, соработката меѓу институциите преку електронски средства, со цел да се намали времето на чекање за добивање на потребната документација за градба, и поголемата ангажираност на локалната самоуправа во изнаоѓањето финансиски средства за изработка на урбанистички планови, се главен предуслов за тоа општината во вистинска смисла да биде сервис на граѓаните.

Продолжувањето на мониторингот на процесот на децентрализација во областа на урбанизмот ќе придонесе за подобрување на соработката меѓу општината и граѓаните, ќе го подобри урбанистичкото планирање на градбите, ќе ја разубави општината и ќе придонесе за подобар и поквалитетен живот на граѓаните, подобра иднина и побрз развој на Општина Кавадарци.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2008

## ЛФ1 Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | x | x | x | x |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | x | x |
| Не | | x | x | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | x | x | x | | |
| Не | | | | x | x |

| 1.4 Дали во секторот/ одделението се вработени стручни лица: економисти, сметководители, ревизори? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | x | x | x | x |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | x | x | x | x |
| Не | x | | | | |

## ЛФ 2. Данок на промет на недвижнини

### 2.1. Број на даночни пријави

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 54 | 59 | 51 | 27 | 49 | 42 | 38 | 42 | 60 | 93 | 114 | 94 | 723 |
| 2005 | 57 | 43 | 72 | 42 | 57 | 43 | 32 | 17 | 44 | 73 | 91 | 57 | 628 |
| 2006 | 36 | 11 | 37 | 25 | 24 | 43 | 62 | 38 | 37 | 53 | 49 | 84 | 499 |
| 2007 | 60 | 52 | 50 | 47 | 55 | 46 | 64 | 39 | 49 | 59 | 116 | 113 | 750 |
| 2008 | 39 | 52 | 52 | 58 | 37 | 58 | 60 | 51 | 58 | 50 | 54 | 117 | 686 |




Од овој показател може да се констатира дека во периодот 2004-2008 година, а особено во последното тримесечје од 2008 година, се поднесени најголем број даночни пријави од

граѓаните на Општина Кавадарци. Во 2004 година биле поднесени 723 даночни пријави, во 2005 година - 628, во 2006 - 485, 2007 - 758, а во 2008 - 686 даночни пријави.




## 2.2. Времетраење на постапката за издавање решение

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 2005 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| 2006 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 2007 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 |
| 2008 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |

Од показателот „време на издавање на решението“ се гледа дека службата го запазува законски предвидениот рок за издавање решение (30 дена), односно дека времето за издавање се движи од 8 дена (2004) до 15 дена (2008).

## 2.3. Број на издадени решенија

| год. | Јан | Фев | Март | Апр | Мај | Јуни | Јули | Авг | Септ | Окт | Ноем | Дек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 54 | 59 | 51 | 27 | 49 | 42 | 38 | 42 | 60 | 93 | 114 | 94 | 723 |
| 2005 | 57 | 43 | 72 | 42 | 57 | 43 | 32 | 17 | 44 | 73 | 91 | 57 | 628 |
| 2006 | 36 | 11 | 37 | 25 | 24 | 43 | 62 | 38 | 37 | 53 | 49 | 84 | 499 |
| 2007 | 60 | 52 | 50 | 47 | 55 | 46 | 64 | 39 | 49 | 59 | 116 | 113 | 750 |
| 2008 | 39 | 52 | 52 | 58 | 37 | 58 | 60 | 51 | 58 | 50 | 54 | 117 | 686 |






Што се однесува до показателот „број на издадени решенија“, во периодот 2004-2008 година тој е речиси идентичен со бројот на поднесените даночни пријави (даночни решенија).

### 2.4. Број на издадени решенија/обжалени решенија

### 2.5. Број на позитивно решени/обжалени решенија

Од извршеното набљудување и од доставените податоци јасно се гледа дека во Општина Кавадарци во периодот од 2004 до 2007, со исклучок на 2008, нема обжалени решенија. Во 2008 има 25 обжалени решенија и истите се позитивно решени. Бројот на издадени решенија во горенаведениот период е еднаков со бројот на поднесените барања. Ваквата ефикасна работа е резултат на солидното и професионално извршување на обврските во ова одделение.

## ЛФ 3.Данок на имот

### 3.1. Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 10.587 | 10.600 | 11800 | 8.985 | 9.776 |




Показателот „број на издадени даночни решенија на годишно ниво“ во периодот 2004-2008 година е различен, со тоа што сè до 2007 во Општина Кавадарци се водеше и данокот на имот за Општина Росоман. Во 2007 година бројот на издадени даночни решенија (само за Општина Кавадарци) изнесува 8.985, а во 2008 година тој број се зголемува на 9.116. Значи, во 2008 година се јавува битно зголемување на овој показател. Во 2008 година во Општина Кавадарци е зголемен и бројот на даночни обврзници по основа на данокот на имот.

### 3.2. Процент на опфатеност на сите корисници

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во %) | 96 | 95 | 98 | 90 | 90 |




Опфатеноста на сите корисници со данокот на имот во периодот 2004-2008 година е на мошне високо ниво и во целиот набљудуван период изнесува над 90%.

### 3.3. Просечен износ на данокот на имот по глава на жител или по $m^2$ имот

Во врска со просечниот износ на данокот на имот по глава на жител или по $m^2$ имот, според добиените информации од општинската администрација, изнесува околу 800 денари.

## 3.4. Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данокот на имот | 10.857 | 10.600 | 7.500 | 4.642 | 9.116 |




Показателот „број на ажурирани решенија за данокот на имот“ во периодот 2004-2008 година е различен и се движи од 10.857 (2004) до 4.642 (2007). Бројот на ажурираните решенија за данокот на имот е најголем во 2004 година, бидејќи данокот на имот за граѓаните на општините Росоман и Кавадарци се водеше во Кавадарци.

## 3.5. Процент на наплата и процент на присилна наплата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата во % | 98 | 95 | 68 | 60 | 29 |
| Присилна наплата во % | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Показателот „наплата и присилна наплата“ покажува дека во Општина Кавадарци нема присилна наплата, додека процентот на наплата е исто така различен: најмал е во 2008 година, бидејќи при собирањето на овие податоци наплатата беше сè уште во тек.




# ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма

## 4.1. Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 1.446 | 1.538 | 1.220 | 1.200 | 2.419 |

Во периодот 2004-2008 година бројот на издадени решенија за истакнување на фирма во Општина Кавадарци, на годишно ниво, е двојно зголемен, така што во споредба со 2004 година, кога беа издадени 1.446 решенија, во 2008 година тој број се зголеми на 2.419 даночни решенија. Тоа покажува дека во општината постои тенденција за зголемување на бројот на фирмите, а тоа е сигнал за развој во економската сфера.

## 4.2. Опфатеност на сите субјекти (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти | 76 | 82 | 90 | 90 | 95 |
| Наплата во % | / | / | 43 | 90 | 70 |

Опфатеноста на сите субјекти (во проценти) на годишно ниво во 2004 изнесува 76%, а во 2008 - 95%, додека процентот на наплата во 2006 година изнесува само 43%, додека во 2007 година имаме речиси двојно зголемување на овој процент.

| Референтна година | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Присилна наплата во % | 0 | 0 | 0 |

Во Општина Кавадарци до денес не е регистриран случај на присилна наплата.




## ЛФ.5 Надомест за уредување на градежното земјиште

### 5.1. Број на барања за изработка на пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 3 | 3 | 4 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 4 | 7 | 7 | 9 | 43 |
| 2006 | 5 | 3 | 6 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 3 | 9 | 9 | 10 | 56 |
| 2007 | 5 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 2 | 2 | 8 | 7 | 8 | 9 | 59 |
| 2008 | 3 | 2 | 3 | 4 | 6 | 8 | 2 | 1 | 5 | 2 | 3 | 4 | 43 |







### 5.2. Број на издадени пресметки

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 3 | 3 | 4 | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 4 | 7 | 7 | 9 | 43 |
| 2006 | 5 | 3 | 6 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 3 | 9 | 9 | 10 | 56 |
| 2007 | 5 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 2 | 2 | 8 | 7 | 8 | 9 | 59 |
| 2008 | 3 | 2 | 3 | 4 | 6 | 8 | 2 | 1 | 5 | 2 | 3 | 4 | 43 |







Бројот на поднесени барања за изработка на пресметки во периодот 2004-2008 година укажува на зголемен обем на барања во однос на претходните години. Бројот на издадените пресметки е еднаков на бројот на поднесените барања, односно за секое поднесено барање е издадено решение, а тоа се должи на ажурното и совесно работење во ова одделение.

## 5.3. Број на склучени договори

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 2 | 1 | 6 | 3 | 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 | 3 | 4 | 35 |
| 2006 | 1 | 5 | 1 | 0 | 1 | 4 | 0 | 1 | 2 | 10 | 3 | 1 | 29 |
| 2007 | 1 | 4 | 1 | 3 | 3 | 2 | 3 | 1 | 8 | 8 | 7 | 4 | 45 |
| 2008 | 4 | 1 | 1 | 4 | 6 | 5 | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 37 |






Во периодот 2004-2008 година во Општина Кавадарци се забележува мало несовпаѓање меѓу бројот на склучените договори и бројот на издадените решенија, но општинските служби објаснуваат дека тоа несовпаѓање се должи на фактот дека дел од склучените договори се однесуваат на објектите со самофинансирање.

### ЛФ.6.1 Наменска дотација за образованието

| Износ на наменската дотација за образованието | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта | | 7. 168.496 | 9.850.970 | 14.896.230 | 14.594.043 |
| Средни училишта | | 3.950.688 | 4.258.420 | 7.323.310 | 8.320.331 |

### ЛФ. 6.2. Износ на реалните трошоци на училиштата во согласност со уредбата на Министерството за образование

| Износ на реалните трошоци на училиштата во согласност со уредбата на Министерството за образование | Основни училишта | Средни училишта |
|---|---|---|
| 2004 | | |
| 2005 | 13.028.788 | 6.994.440 |
| 2006 | 14.109.390 | 7.168.496 |
| 2007 | 16.123.014 | 7. 624.086 |
| 2008 | 14.594.043 | 8.856.037 |

Показателот „наменска дотација на образованието“ е индикатор за тоа каде најтешко и најболно се спроведуваше процесот на децентрализацијата во периодот од 2004 до 2008 година, бидејќи во сите фази постоеше една неурамнотежена состојба меѓу наменските средства и реалните трошоци, како и постојан недостиг од средства за покривање на оваа надлежност. Овој недостиг на финансиски средства за покривање на надлежностите фигурира во целиот период на набљудување на образовниот процес, со таа разлика што во 2007-2008 година процентот и висината на недостигот на средства драстично се намалува и е многу мал.

### ЛФ. 6.3. Износ на средства кои недостигаат за покривање/ изведување на надлежностите на општината

| Процент на недостиг на средства за покривање/ изведување на надлежностите на општината | Основни училишта | Средни училишта |
|---|---|---|
| 2004 | / | / |
| 2005 | 5.860.292 | 3.043.752 |
| 2006 | 4.258.420 | 2.910.076 |
| 2007 | 1.226.784 | 301.398 |
| 2008 | 0 | 53.570 |

## ЛФ:7 Обврски на општината кон доставувачите

### 7.1. Износ на вкупните обврски, процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (%)

| | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на вкупни обврски | | | 2.028.040 | 46.445.316 | 6.995.480 |
| Процент на учество во годишниот буџет на општината | | | 1,1 | 1,20 | 4,1 |

За потребите на овој извештај не располагаме со целосен податок за износот на вкупните обврски во периодот 2004-2008, односно имаме податоци само за дел од долгот во одделни години. Исто така, немаме податоци ниту за структурата на обврските по старост, со тоа што е кажано дека во текот на годината е направен само овој долг. Процентот на учество на вкупните обврски во годишниот буџет на Општина Кавадарци е исто така различен и не е целосно утврден.

## Заклучок:

Во Општина Кавадарци нема поголеми проблеми во врска со спроведувањето на процесот на децентрализацијата на локално ниво, особено по 5 јули 2005 година, од кога процесот се одвива постепено и се спроведува во сите домени, т.е. и во комуналната сфера и во образованието, како и во поглед на надлежностите во доменот на наплатата на даноците од страна на граѓаните. Во почетокот имаше проблеми со финансирањето на образовниот процес, но тие проблеми се веќе надминати, пред сè како резултат на добрата соработка меѓу централната и локалната власт, како и доброто менаџирање на образовните институции.

# Куманово

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2008 год.

## 1. Организациска поставеност

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | √ | √ | √ | √ | √ |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | √ | √ | √ | √ | √ |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | √ | √ | √ | √ | √ |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл.инженер.архитект или дипл. градежен инженер)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | √ | √ | √ | √ | √ |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | √ | √ | √ |
| Не | √ | √ | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | √ | √ | √ | √ | √ |

Секторот за урбанизам при Општина Куманово се однесува само на Општина Куманово и во него е вработен стручен кадар што го сочинуваат дипломирани градежни инженери и архитекти. Во 2004 и 2005 година Секторот не располагал со компјутерска опрема, па издавањето одобренија за градење се вршело мануелно. Подоцна, со цел да се подобри работењето и да се зголеми ажурноста на Секторот, преку програмата TRAIN CARDS во јуни 2006 година се донирани компјутери и инсталирани софтверски пакети за издавање одобренија за градење. Но, за жал, овие софтверски пакети за издавање одобренија за градење сè уште не се користат, со што се намалува ажурноста и ефикасноста на самиот сектор.

# 2. Извод од урбанистичкиот план:

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | / | 1 | 5 | 23 | 14 | 12 | 3 | 19 | 11 | 9 | 9 | 24 | 130 |
| 2005 | 20 | 45 | 41 | 50 | 45 | | | | | | | | 618 |
| 2006 | 88 | 91 | 147 | 118 | 141 | 129 | 121 | 71 | 123 | 170 | 308 | 370 | 1.877 |
| 2007 | 490 | 367 | 304 | 189 | 266 | 334 | 281 | 162 | 205 | 172 | 224 | 200 | 3.194 |
| 2008 | 171 | 219 | 232 | 217 | 148 | 178 | 169 | 145 | 215 | 336 | 301 | 273 | 2.604 |




Бројот на поднесените барања за извод од урбанистичкиот план во набљудуваниот период од година во година се зголемува, а најголем е во 2007 година. Ова се должи на фактот дека сè поголем број граѓани имаат намера да градат објекти и да го решат своето станбено прашање. Меѓутоа, важно е да се каже дека ова зголемување е резултат на тоа што според стариот закон што важеше од 1996 до 2006 година се одеше директно на издавање решение за локациски услови без притоа да се издава извод од план. Откако стапи во сила новиот закон, дојде до зголемување на овој показател. Исто така, освен за градење, извод од планот се издава и за други намени, на пример за трансформација на сопственоста при купопродажба на земјиште во урбанизирана средина и др.

Кога станува збор за овој показател трендот е позитивен и од година во година бележи постојан раст.




## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | / | / | 1 | 23 | 14 | 14 | 3 | 16 | 9 | 6 | 6 | 28 | 120 |
| 2005 | 23 | 41 | 35 | 42 | 45 | | | | | | | | 598 |
| 2006 | 65 | 65 | 138 | 91 | 117 | 101 | 96 | 68 | 126 | 151 | 142 | 264 | 1.424 |
| 2007 | 356 | 272 | 378 | 169 | 272 | 215 | 297 | 127 | 280 | 402 | 296 | 250 | 3.314 |
| 2008 | 161 | 199 | 222 | 214 | 166 | 164 | 85 | 174 | 205 | 330 | 301 | 275 | 2.496 |







Доколку овој показател се спореди со претходниот („број на поднесени барања за изводи од ДУП“), воочлива е идентичноста во нивното движење од година во година, т.е. во набљудуваниот период и двата покажуваат тенденција на пораст, со благо намалување во 2008 во однос на 2007 година. Тоа значи дека Секторот успешно се справува во однос на навременото одговарање на овие барања.

## 2.3 Време за издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Во Секторот не постои евиденција за овој показател, односно нема податоци за тоа колку изводи се издадени во, а колку надвор од законски утврдениот рок. Според одговорните лица во Секторот, сите изводи се издаваат во законскиот рок од 5 дена.




# 3. Решение за локациски услови:

## 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 22 | 27 | 41 | 31 | 37 | 46 | 50 | 20 | 45 | 33 | 33 | 24 | 409 |
| 2005 | 20 | 46 | 52 | 55 | 38 | | | | | | | | 380 |
| 2006 | 17 | 21 | 26 | 25 | 22 | 23 | 20 | 7 | 18 | 14 | 13 | 21 | 227 |
| 2007 | 5 | 15 | 19 | 17 | 16 | 18 | 4 | 10 | 11 | 13 | 8 | 8 | 144 |
| 2008 | 10 | 11 | 19 | 18 | 19 | 18 | 17 | 21 | 16 | 10 | 4 | 4 | 167 |

Овој показател укажува на бројот на граѓаните кои решаваат да продолжат со постапката за градење сè до добивањето дозвола за градење. Во рамките на набљудуваниот период, показателот од година во година се намалува и ако го спoредиме со бројот на поднесените барања за извод од ДУП ќе се забележи негативна корелација меѓу овие два показатела. Тоа го потврдува фактот дека најголем број изводи од ДУП се издаваат за други намени (трансформација на сопственоста, купопродажба на земјиште во урбанизирана средина и сл.). Исто така, негативниот тренд на овој показател се должи и на финансиската состојба на граѓаните, на тоа што голем број граѓани прибегнуваат кон недозволено градење објекти (бесправна градба), како и поради тоа што за некои делови од општината не постојат детални урбанистички планови или пак истите не се ажурирани.






## 3.2 Број на позитивно решени барања – издадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 34 | 23 | 33 | 35 | 31 | 42 | 38 | 23 | 46 | 39 | 39 | 41 | 424 |
| 2005 | 21 | 36 | 43 | 41 | 51 | | | | | | | | 192 |
| 2006 | 8 | 15 | 19 | 13 | 20г | 20 | 9 | 7 | 14 | 12 | 18 | 21 | 176 |
| 2007 | 5 | 14 | 16 | 8 | 12 | 14 | 22 | 6 | 11 | 12 | 13 | 10 | 143 |
| 2008 | 7 | 6 | 21 | 15 | 19 | 18 | 18 | 23 | 20 | 9 | 9 | 6 | 171 |




Овој показател укажува на тоа колку граѓани доставиле уредна документација и можат да продолжат со постапката за градење. Истиот се намалува од година во година и е најнизок во 2007, а во 2008 година се бележи благо зголемување. Овој резултат е речиси еднаков со оној за бројот на поднесените барања за локациски услови и ја покажува вистинската слика за намерата на граѓаните за градење легални објекти.




## 3.3 Број на одбиени барања / (неиздадени) решенија за локациски услови

Во Секторот за урбанизам не постои евиденција за овој показател. Но, постојат жалби до Второстепената комисија, па се претпоставува дека овој показател се изразува преку бројот на тие жалби. Познат е само податокот за февруари 2007 година, кога е поднесена жалба до Второстепената комисија, а бидејќи за преостанатиот период нема жалби се претпоставува дека нема ниту одбиени барања.

## 3.4 Време за издавање решение за локациски услови - во законски утврдениот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2007 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Во Секторот не постои евиденција за овој показател, односно нема податоци за тоа колку решенија се издадени во, а колку надвор од законски утврдениот рок. Според одговорните лица во секторот, сите решенија за локациски услови се издаваат во законскиот рок од 5 дена.

# 4. Одобрение за градење

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 8 | 29 | 27 | 26 | 29 | 32 | 27 | 23 | 43 | 26 | | | 245 |
| 2005 | 22 | 33 | 33 | 36 | 35 | | | | | | | | 207 |
| 2006 | 4 | 17 | 14 | 10 | 27 | 25 | 13 | 10 | 27 | 19 | 16 | 12 | 194 |
| 2007 | 8 | 11 | 17 | 10 | 21 | 15 | 17 | 13 | 10 | 12 | 15 | 12 | 161 |
| 2008 | 4 | 14 | 18 | 12 | 24 | 12 | 19 | 10 | 10 | 20 | 17 | 14 | 174 |

Овој показател покажува колкав е бројот на граѓаните кои доставиле уредна документација и кои имаат сериозна намера да градат. Во текот на набљудуваниот период овој број благо се намалува и соодветствува со бројот на издадените решенија за локациски услови. Тоа покажува дека Секторот може да се справи со бројот на поднесените барања, додека опаѓањето е знак за тоа дека голем број граѓани, поради непостоење на ДУП за некои делови од општината и неможноста да се дојде до одобрение за градење, прибегнуваат кон незаконско градење.







## 4.2 Број на позитивно решени / (издадени) одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 27 | 29 | 19 | 26 | 25 | 35 | 20 | 23 | 40 | 26 | | | 251 |
| 2005 | 21 | 43 | 32 | 16 | 29 | | | | | | | | 171 |
| 2006 | 1 | 3 | 11 | 9 | 7 | 10 | 18 | 4 | 17 | 19 | 15 | 16 | 130 |
| 2007 | 8 | 14 | 17 | 10 | 15 | 10 | 19 | 9 | 8 | 14 | 12 | 10 | 146 |
| 2008 | 18 | 13 | 19 | 11 | 21 | 13 | 10 | 18 | 10 | 13 | 17 | 23 | 186 |






Бројот на позитивно решените барања за одобрение за градење од 2004 до 2006 година се намалува, па во 2006 година е речиси двапати помал од оној во 2004 година. Меѓутоа, во перидот од 2006 до 2008 година истиот бележи зголемување. Споредено со бројот на поднесените барања за одобренија за градење за истиот период, се забележува дека голем број од поднесените барања во 2006 година не се решени или пак се оставени за решавање за наредниот период, што дополнително го зголемува бројот на издадените одобренија во 2007 и 2008 година. Меѓутоа, зголемувањето во последните две години исто така покажува дека Секторот се труди навремено да одговори на сите барања, па може да се заклучи дека што се однесува до овој показател трендот е позитивен.

## 4.3 Број на одбиени барања – неиздадени одобренија за градба

Во Секторот за урбанизам не постои евиденција за тоа колку барања за одобрение за градење се одбиени. Постои само податок за тоа кога е покренат управен спор до Врховниот суд, па се претпоставува дека овој показател се изразува преку бројот на поднесените жалби и покренати спорови. Познат е само податокот за јули 2007 година, кога е покренат управен спор до Врховниот суд, а бидејќи за преостанатиот период нема жалби се претпоставува дека нема ниту одбиени барања.

Секторот треба да започне со евидентирање на овој показател за да може да се добие конкретна слика за заинтересираноста на граѓаните за градење, за тоа дали нивните барања се комплетни, како и за тоа колку Секторот е ефективен и ажурен во работата.

## 4.4 Време за издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

Во Секторот за урбанизам не постои евиденција за тоа колку одобренија за градење се издадени во, а колку надвор од законски утврдениот рок. Според одговорните лица во Секторот, сите одобренија за градење се издаваат во законски утврдениот рок од 7 дена.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2007 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 2008 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |

# 5. Одобрение за употреба

## 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | 1 | | | 2 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 5 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | |
| 2007 | 0 | 7 | 0 | 6 | 2 | 3 | 1 | 3 | 7 | 3 | 0 | 0 | 32 |
| 2008 | 6 | 5 | / | / | 5 | 2 | 1 | / | 1 | 2 | 2 | 4 | 28 |

Показателот го дава бројот на поднесените барања за одобренија за употреба на веќе изградените објекти. Во Секторот не постојат податоци за овој показател за 2004, 2005 и за 2006 година (освен за некои месеци), затоа што според стариот закон не било потребно да се поднесуваат барања за одобрение за употреба, како што е случај со новиот закон, што стапи во сила во 2007 година. Одобрение за употреба се издавало само за некои поголеми објекти. Во 2007 и 2008 година овој број се зголемува, односно Секторот почнува да собира податоци за овој показател и да го евидентира истиот и да бара од граѓаните да поднесуваат барања за одобрение за употреба на веќе изградените објекти, што претставува напредок во поглед на овој показател.







## 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 2 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 3 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | |
| 2007 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 2 | 2 | 0 | 1 | 7 | 1 | 1 | 21 |
| 2008 | 6 | 4 | 1 | 5 | 2 | 3 | 1 | 0 | 1 | 2 | 2 | 2 | 29 |

Показателот го дава бројот на издадените одобренија за употреба на веќе изградените објекти, кои се изградени според важечките законски прописи и норми. Овој број се зголемува во последните две години (2007 и 2008) и не се издава само за некои поголеми објекти, како што беше случај за претходните години од набљудуваниот период. Истиот е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за употреба, од што може да се заклучи дека постои напредок во децентрализацијата од аспект на овој показател и дека Секторот треба да продолжи со овој позитивен тренд.







## 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба

Во Секторот за урбанизам не постои евиденција за тоа колку барања за одобрение за употреба се одбиени во набљудуваниот период. Причина за тоа е фактот што бројот

на поднесените и бројот на одобрените барања за одобрение за употреба почна да се евидентира од неодамна (од 2007 година).

Од анализата на овој показател може да се заклучи дека во Општина Куманово постои напредок во поглед на истиот и дека освен за некои поголеми објекти сега одобренија за употреба се издаваат и за помали индивидуални градби. Секторот треба да продолжи со овој позитивен тренд.

# 6. Инспекција – Урбанистичка

## 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

Во Секторот за урбанистичка инспекција не постои евиденција за тоа дали има и колкав е бројот на поништените решенија за локациски услови.

## 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

Во Секторот за урбанистичка инспекција не постои евиденција за тоа дали има и колкав е бројот на отстапувања од издаденото одобрение за градење. Меѓутоа, сознанијата упатуваат на тоа дека голем број од објектите што се градат во општината се нелегални или пак отстапуваат од законски утврдените прописи и стандарди. Причина за тоа е непостоењето на детални урбанистички планови за некои делови од општината, како и тоа што истите не се ажурирани со години, па поради ваквата независна ситуација граѓаните се решаваат и прибегнуваат кон незаконско градење, надевајќи се дека ќе се вклопат и усогласат со новиот или со измените на стариот ДУП.

## 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградените објекти

Општина Куманово, како и другите општини во Република Македонија, се соочува со голем број дивоградби. Во Секторот за инспекциски работи не ни дадоа податок за тоа колкав е бројот на донесените решенија за уривање на бесправно изградените објекти, меѓутоа постојат сознанија за реалната состојба во општината кои зборуваат за тоа дека се донесени решенија за уривање на некои бесправно изградени објекти (разни доградби, надградби и отстапувања од одобренијата за градење) кои сè уште не се применети и реализирани. Секторот за инспекциски работи треба посериозно да се зафати со решавање на проблемите со кои се соочува општината на овој план.

## Препораки што можат да го подобрат работењето на Секторот за урбанизам

- За некои делови од општината, па дури и за централното градско подрачје, не постојат детални урбанистички планови или пак истите не се ажурирани.

Оттаму потребата итно да се изработат нови детални урбанистички планови според новата законска регулатива. На тој начин сите имоти ќе имаат подеднаков третман. Еден од прилозите кои општината мора да го има во ДУП што ќе го изработи Инспекциската служба за градежништво и урбанизам е евиденција на бесправно изградените градби. Со оваа база на податоци ќе може да се изготви квалитетна стратегија за развој на општината. На овој начин ќе се обезбеди активирање на софтверот за издавање изводи од урбанистичкиот план, со што ќе се растовари Секторот.

- Неопходна е подобра организација на Инспекциската служба за урбанизам и градежништво, што е основен услов за спречување на бесправното градење.

За да може инспекцијата да одговори на потребите за изработка на новите детални урбанистички планови и паралелно да ја извршува својата надлежност, пожелно е да се направи анализа за тоа колку луѓе се потребни за да ги извршат поставените задачи. Со организирање на Инспекцијата за градежништво и урбанизам ќе се зголеми евиденцијата на бесправно изградените објекти и ќе се преземат санкции против сопствениците. Инвеститорите кои ќе сакаат да ги легализираат своите објекти ќе мора да започнат со процедурата за одобрение за градба. Само така бројот на изводите од урбанистичките планови и одобренијата за градба ќе се зголеми. Со зголемувањето на нивниот број ќе се јави и потреба од зголемување на бројот на службениците во одделението.

- Општината има многу мал број поднесени и одобрени барања за употреба на веќе изградените објекти и деловни простории.

За да добие употребна дозвола еден објект треба пред сè да биде легален. Поради неефикасната работа на инспекциската служба се изградени голем број бесправни објекти кои нелегално дел од просторот го пренамениле за комерцијални дејности. Со регулирање на статутот на објектите ќе се регулира и бројот на издадените употребни дозволи за деловните простории.

Од искажаното може да се заклучи дека децентрализацијата успешно напредува од аспект на поголемиот број показатели. Меѓутоа, Секторот мора да продолжи со својата ефикасност и константно да ги подобрува услугите што ги обезбедува за своите граѓани, преку поедноставување и забрзување на постапките, техничко и персонално доусовршување на целокупниот систем на општината, како и користење на она со што веќе располагаат софтверските пакети за издавање одобренија за градење.

### Заклучоци за процесот на децентрализацијата во областа на урбанизмот за општина Куманово

Секторот за урбанизам во набљудуваниот период (2004-2008) бележи подобрување во извршувањето на неговите надлежности.

Соочувањето со проблемите што ги предизвикува зголемениот број ***поднесени барања за извод од урбанистичкиот план*** (од 2004 до 2007, со благ пад во 2008) ја потврдува сè поголемата оптовареност на Секторот, од година во година. Од јуни 2006 година општината има софтверски пакет наменет за издавање на барањата за извод од УП. Но, за да може да се користи потребно е некој да ја обезбеди базата на податоци, што наметнува многу проблеми, а еден од нив е тоа што многу планови се изработени на озолит. Овој софтвер ќе почне да се користи со изработка на новите детални урбанистички планови, кои ќе воведат стандарди во врска со тоа во кој облик треба да му се предадат на инвеститорот од страна на изработувачот. Дотогаш, Секторот ќе продолжи да ги издава барањата за изводи од УП мануелно, со фотокопирање на локациите. Бројот на поднесените барања и издадените изводи од урбанистичкиот план не е најсоодветен инструмент за мерење на заинтересираноста на граѓаните за градење, бидејќи изводи од урбанистичките планови се бараат и за трансформација на земјиштето за купопродажба.

Оттаму, најмеродавна илустрација за заинтересираноста на инвеститорите за градба и за ефикасноста на службата е компаративната слика - од поднесените барања за решение за локациски услови до одобрение за градба.

Кога ќе се анализира показателот „број на поднесени барања за решение за локациски услови“ се добива една сосема поинаква слика за инвеститорите: константно опаѓање на нивниот интерес од 2004 до 2007, додека во 2008 интересот бележи благ пораст и е речиси еднаков со оној во 2006 година. Секторот повторно е оптоварен со работа.

Крајна цел на процедурата е добивање одобрение за градење. Бројот на одобренијата за градење е во константен пад од 2004 до 2006 година, при што оптовареноста на Секторот е намалена, а еден од факторите што придонесуваат за тоа е примената на новиот Закон за градби од 30 јуни 2005 година, кој постави нови правила за добивање одобрение за градба. Во 2007 и 2008 година овој број повторно се зголемува.

Од горенаведеното може да се заклучи дека службата е во позитивен подем кога станува збор за извршувањето на обврските.

Не може да се даде компаративна слика за работата на службата пред и за време на децентрализацијата бидејќи сега се работи според новата законска регулатива, која е различна од претходната, и најмногу време се губи за решавање на имотно-правните состојби, за трансформација на земјиштето, на нумеричките показатели или поради неефикасноста на Катастарот.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2008 год.

## 1.1 - 1.6 Организациска поставеност

Во Општина Куманово има Сектор за буџет и финансирање, администрирање на приходите и локален економски развој. Во споредба со 2006 и 2007 година, кога имаше 13 вработени, во 2008 година има 16 вработени и 4 лица ангажирани по договор.

Во Секторот се вработени:

- еден правник;
- тројца економисти, од кои еден овластен сметководител, и
- внатрешен ревизор, како независен орган.

Во споредба со претходните години, во 2008 година е зголемен бројот на вработените и, покрај гореспоменатите вработени, во Секторот работат и даночен сметководител и даночен извршител.

Секторот е опремен со компјутерска опрема којашто тековно се надградува и се осовременува, со што се зајакнуваат техничките капацитети и се зголемува стручната способност на вработените.

Имајќи ги предвид пренесените надлежности со процесот на децентрализација, може да се констатира дека и покрај зголемениот број вработени Секторот нема доволно човечки и канцелариски ресурси за да ги апсорбира новите надлежности.

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | Да | Да |
| Не | | Не | Не | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | | |
| Не | | | | Не | Не |

| 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението се опремени со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

# 2. Данок на промет со недвижности

## 2.1 Број на даночни пријави

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | 165 | 213 | 195 | 216 | 267 | 1.056 |
| 2006 | 116 | 166 | 209 | 150 | 161 | 181 | 148 | 115 | 140 | 174 | 126 | 242 | 1.928 |
| 2007 | 199 | 217 | 234 | 160 | 112 | 214 | 150 | 132 | 170 | 210 | 224 | 199 | 2.221 |
| 2008 | 80 | 108 | 118 | 82 | 110 | 116 | 114 | 71 | 86 | 136 | 142 | 166 | 1.329 |




Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Во текот на 2008 година Одделението за администрирање на приходите редовно го евидентира бројот на даночните пријави за данокот на промет со недвижности. Графиконот со столбови покажува колку даночни пријави се поднесени секој месец во набљудуваниот период (2006, 2007 и 2008).

**Бројот на поднесените пријави во 2008 година се намалува** во однос на 2007 година. Трендот е негативен бидејќи во 2008 година бројот на пријави е 1.329, во однос на 2007 година кога бројот на даночните пријави е 2.221.




## 2.2 Просечно времетраење на постапката за издавање решение

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 14 | 15 | 16 | 14 |
| 2006 | 14 | 15 | 14 | 18 | 16 | 14 | 15 | 16 | 15 | 17 | 14 | 15 |
| 2007 | 10 | 14 | 16 | 17 | 15 | 14 | 16 | 15 | 13 | 14 | 15 | 14 |
| 2008 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Показателот го покажува просечното времетраење на постапката за издавање решение за данок на недвижности, што според табелата и графиконот изнесува 15 дена. Но, службата не се вклопува во законски пропишаниот рок, бидејќи постојат голем број проблематични купопродажби за кои не се издадени решенија (купопродажби меѓу правни лица).

## 2.3 Број на издадени решенија

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Табелата и графиконот  го покажуваат бројот на даночните решенија по месеци во набљудуваниот период (2006, 2007, 2008).

Графиконот со столбови  го покажува  вкупниот број издадени решенија  во 2006, 2007 и во 2008 година. Одделението за администрирање на приходите ја подобрува својата организираност, па децентрализацијата во овој сектор успешно напредува. Трендот е негативен **бидејќи во 2008 година се издадени 1.399 решенија,** во однос на 2007 година кога се издадени 2.111 решенија.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 96 | 154 | 174 | 158 | 151 | 147 | 145 | 125 | 80 | 152 | 159 | 242 | 1.783 |
| 2007 | 162 | 171 | 234 | 160 | 102 | 214 | 143 | 122 | 170 | 210 | 224 | 199 | 2.111 |
| 2008 | 80 | 108 | 118 | 82 | 110 | 116 | 102 | 75 | 89 | 114 | 190 | 215 | 1.399 |






## 2.4-2.5 Обжалени решенија / позитивно решени обжалени решенија

| година | Број на обжалени решенија |
|---|---|
| 2005 | 5 |
| 2006 | 8 |
| 2007 | 25 |
| 2008 | 33 |




Анализа на показателот: показателот не функционира.

Не се располага со податоци по месеци, туку со податоци на годишно ниво. Малиот број обжалени решенија и позитивно решени обжалени решенија (**3 позитивно решени обжалени решенија за 2008 година**) покажува дека решенијата за данокот на промет со недвижности се подготвени квалитетно, од аспект на законите и утврдената методологија за пресметка на овој данок.

# 3. Данок на имот

## 3.1.Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | | 29.314 | 25.100 | 24.159 | 23.955 |




Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Графиконот покажува дека **во 2008 година се издадени помалку решенија** во однос на 2007, 2006 и 2005 година. Трендот е негативен.

## 3.2 Процент на опфатеност на сите корисници

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | | | 70 | 80 | 85 |

Анализа на показателот: показателот не функционира. Нема податоци за процентот на опфатеност на сите обврзници, но според проценката на вработените тие се движат од 70% (2006), 80% (2007) до **85%** (**2008),** што е висок степен на опфатеност на сите даночни обврзници кога станува збор за данокот на имот.

Главен проблем е тоа што не е формиран Регистар на недвижниот имот и Регистар на движниот имот. Проблемот е делумно надминат со тоа што е формирана база на податоци, но таа сè уште не е комплетирана.




## 3.3 Просечен данок на имот по глава на жител

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Показателите од извршеното мониторирање за 2008 година покажаа дека просечниот износ на данокот на имот по жител за оваа година во Општина Куманово **изнесува 696,50 МКД .**

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД ) | | | | | |
| Население | | | | | |
| Вкупно $м^2$ имот | | | | | |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | | | 104,29 | 103 | 696,5 |




## 3.4 Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

Базата на даночните обврзници не е комплетирана ниту во 2008 година, иако во однос на претходните години, кога не постоеја комисии за обновување на базата на податоци, во 2008 година имаше три, но тоа не беше доволно. Ова укажува на фактот дека и покрај позитивните промени (формираните комисии), Општината сè уште не е целосно подготвена квалитетно и стручно да ја преземе надлежноста во врска со администрирањето на овој данок.

## 3.5 - 3.6 Процент на наплата и процент на присилна наплата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 0 | 72 | 70 | 76.7 | 66 |
| Присилна наплата (во %) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Во текот на **2008 година процентот на наплата на данокот на имот е за 10,7% помал** во однос на 2007 година. Нонискиот процент на наплата се должи на немањето време за наплата, бидејќи голем број решенија се доставени на крајот на годината, но позитивно е тоа што **80% од решенијата за физички лица се изготвени според новата методологија.**

Трендот е негативен.

Како и во претходните, така и во 2008 година, нема присилна наплата




.

# 4. Комунална такса за истакнување на фирма

## 4.1 Број на издадени решенија

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | | 2.704 | 4.253 | 3.600 | 3.949 |




Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

**Во текот на 2008 година се издадени 3.949 решенија**. Бројот на издадените решенија се зголемил во однос на 2007 година. Трендот е позитивен.

## 4.2 Опфатеност на сите субјекти во проценти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | | | 10 | | 85 |

Анализа на показателот: показателот не функционира. За разлика од претходните години, во 2008 е ажурирана базата на податоци, па опфатеноста на сите субјекти изнесува 85%.




## 4.3 Број на извршени ажурирања

Во 2008 година се извршени 3.061 ажурирање.

## 4.4 - 4.5 Наплата (во проценти) и присилна наплата (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | | 75 | 11 | 50 | 49 |
| Присилна наплата (во %) | | 0 | 0 | 0 | 138 |




Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Показателот покажува дека во **2008 година процентот** на наплата на комуналната такса во однос на 2007 година **е намален** (од 50% на 49%). Но, во 2008 година за првпат имаме присилна наплата, така што со присилна наплата за 2006 и 2007 година процентот на наплата изнесува 138%. Иако трендот е негативен, приходот на Општина Куманово од комуналната такса во 2008 година е поголем во однос на претходните години.

# 5. Надомест за уредување на градежното земјиште

## 5.1 Број на барања за изработка на пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | 13 | 19 | 15 | 12 | 15 | 10 | 1 | 0 | 14 | 11 | 6 | 15 | 131 |
| 2006 | 4 | 5 | 15 | 3 | 6 | 11 | 14 | 12 | 6 | 10 | 21 | 15 | 122 |
| 2007 | 10 | 5 | 12 | 15 | 10 | 9 | 13 | 11 | 7 | 10 | 11 | 13 | 126 |
| 2008 | 8 | 9 | 16 | 14 | 8 | 10 | 18 | 11 | 4 | 11 | 26 | 8 | 143 |

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Бројот на барањата за издавање пресметки, бројот на издадените пресметки и бројот на склучените договори е ист, што значи дека сите издадени пресметки се ефектуирани, односно наплатени, во функција на обезбедување приходи на општината по оваа основа. Во 2008 година се склучени 143 договори. Трендот е позитивен






## 5.3 Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

Пресметките во 2008 година се издаваат во рок од два дена, што зборува за тоа дека Општината е подготвена навремено и квалитетно да ги издава истите.

# 6. Наменска дотација за образование

## 6.1 Износ на наменската дотација за училиштата

Износот на наменската дотација за образованието во 2008 година е зголемен, но сепак не е доволен за покривање на оваа дејност. Недостигот од средства општината го обезбедува од сопствени извори.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | | 15.555.322 | 38.841.038 | 57.491.612 | 559.564.400 |




## 6.2 Износ на реалните расходи на училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД) | | | 80.000.000 | 90.000.000 | 783.390.160 |



### 6.3 Проценет недостиг од средства

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Проценет недостиг од средства за покривање/изведување на надлежностите на општината (во МКД) | | | 41.158.962 | 32.508.388 | 223.795.760 |




## 7. Обврски на општините кон доставувачите

### 7.1 Износ на вкупните обврски

| | Износ на вкупните обврски |
|---|---|
| 2006 | 69.595.505 |
| 2007 | 100.053.979 |
| 2008 | 48.596.212 |

Анализа на показателот: показателот функционира успешно. За разлика од претходните години, во 2008 година податоци можеа да се добијат и месечно. Трендот е негативен, а износот на вкупните обврски во 2008 е помал во однос на 2007 и 2006 година.




### 7.2 Структура на обврските по старост

| | Структура на обврските по старост - 2008 год |
|---|---|
| До 30 дена | 22.927.919 |
| До 60 дена | 9.836.994 |
| Над 60 дена | 15.831.298 |



### 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти)

| | |
|---|---|
| 2006 | 4% |
| 2007 | 8% |
| 2008 | 5% |




Анализа на показателот: показателот успешно функционира. Процентот на учество на обврските во годишниот буџет на Општина Куманово за 2008 година изнесува 5%. Тоа покажува дека Општина Куманово и натаму има големи обврски што го отежнуваат тековното работење.

Процесот на децентрализација во областа на локалното финансирање во Општина Куманово напредува, иако сè уште се соочува со голем број проблеми, како:

- недостиг од простор за функционирање на Секторот за буџет и финансирање, администрирање на приходите и локален економски развој;
- недоволно човечки ресурси (иако состојбата е подобрена, проблемот сè уште не е надминат);
- недоволна техничка опременост, иако Секторот во текот на процесот на децентрализација е доопремен со компјутерска опрема, но неопходни се и подобри софтвери.
- сè уште е присутен проблемот со големата задолженост на Општината (особено врз основа на експропријацијата).

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2008 год.

## 1. Организациска поставеност

| 1.1. Дали во општината има сектор или одделение одговорен/одговорно за спроведување на надлежностите во образованието? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен про светен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали Одделението или Секторот за образование се опремени со компјутерска опрема и/или со софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Да |
| Не | | | | | |

Анализа на показателот: показателот успешно функционира.

Показателот покажува дека општината има ресурси да ги апсорбира новите надлежности.

## 2. Локално управување со финансиските средства во образованието

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | | 15.555.322 | 38.841.038 | 57.491.612 | 559.564.400 |

Анализа на показателот: показателот го покажува износот на финансиските средства распределени преку наменски дотации во образованието во Општина Куманово. Износот за 2008 година е 559.564.400 МКД. Податоците за 2008 година се добиени од Одделението за образование, а податоците за претходните години од Одделението за буџет и финансирање.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.2 Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | | | 80.000.000 | 90.000.000 | 783.390.160 |

Анализа на показателот: износот на финансиските средства за покривање на реалните трошоци во образованието во Општина Куманово за 2008 година е 783.390.160 МКД.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3 Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | | | | | 4.200.000 |

Анализа на показателот: во 2008 година износот на финансиските средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација е 4.200.000 МКД.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.4 Износ на финансиски средства добиени како донации, проекти и сл. (во МКД) | | | | | 5.214.625 |

Анализа на показателот: износот на финансиските средства што ги добил Секторот за образование при Општина Куманово во 2008 година како донации, проекти и сл., изнесува 5.214.625 МКД. Но, ова се средства од проекти во кои е вклучена општината. а тоа е само дел од вкупните финансиски средства добиени како донации или преку проекти, бидејќи општината нема податоци за средствата обезбедени преку донации и проекти во кои не е вклучена и самата.

## 3. Висина на цената на образовните услуги

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | | | | | 8.980 |
| Комунални услуги по ученик | | | | | 1.776 |
| Трошоци за греење по ученик | | | | | 789 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | | | | | 11.545 |




Анализа на показателот: добиени се само податоци за 2008 година, и тоа од Одделението за образование. Трошоците за превоз по ученик во 2008 изнесуваат 8.980 МКД, комуналните услуги по ученик - 1.776 МКД, а трошоците за греење по ученик - 789 МКД.

Вкупните трошоци по ученик изнесуваат 11.545 МКД, а пак трошокот за плати по вработен изнесува 31.078 МКД. Податоци за претходните години не се обезбедени.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати на наставниот кадар по ученик | | | | | 23.308 |
| Трошок за плати на ненаставниот кадар по ученик | | | | | 7.769 |
| Трошок за плати по вработен | | | | | 31.078 |




## 4. Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти

| Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | Да | Да |
| Не | | | | | |

Анализа на показателот: Општината води регистар за имотот на училиштата во 2008, како и во 2007 година.

| Референтна година | x | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | | | | | 30 |

Анализа на показателот: процентот на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината изнесува 30%, што претставува низок процент.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | | | | | 35 |

Анализа на показателот: просечната старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа е 35 години. Од овој показател произлегува дека училишните објекти во Општина Куманово се мошне стари.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Соодност на бројот на училиштата во општинската училишна мрежа (во проценти) | | | | | 58 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | | | 8 | 8 | 10 |

Анализа на показателот: фискултурните сали се достапни за користење на учениците од општинската училишна мрежа.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | | | | | 5 |
| Процент на средства за помали реконструкции, утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата, во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | | | | | 3,8 |

Анализа на показателот: во 2008 година се извршени само 5 зафати за помали реконструкции на училиштата. Процентот на средства за помали реконструкции, т.е ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование, изнесува 3,8%, што значи многу низок процент.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | | | | 7 |
| Вкупен износ на средства за поголеми инвестиции во сите училишта, обезбеден од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | | | | | 25,9 |

Анализа на показателот: во 2008 година се извршени 7 зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата.

## 5. Опфатеност на децата во основното и во средното образование

| Процент од вкупното население (%) | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | 50 |
| Албанци | | | | | 39,7 |
| Турци | | | | | 0 |
| Власи | | | | | 0,01 |
| Роми | | | | | 3,28 |
| Друга етничка припадност | | | | | 6,94 |

Анализа на показателот: показателот го покажува процентот на децата од различни етнички заедници опфатени во основното и во средното образование кои живеат во Општина Куманово.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | | | | | 1 |

# 6. Учество на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила, во согласност со локалните потреби и пазарот на трудот

| 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 6.2 Дали општината иницирала отворање нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 6.3 Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за вонннаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | X | X |
| Не | | | | | |

Анализа на показателот: показателот успешно функционира

Од податоците во табелите може да се каже дека општината има капацитет да спроведува образовна политика во согласност со локалните образовни потреби.

# Охрид

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

## Урб. 1 Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението е само за вашата општина? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | | | | |
| Не | Не | Не | Не | Не |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл. инженери архитекти или дипл. градежни инженери)? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | |

Во периодот од 2004 до 1 јули 2005 година надлежностите за урбанистичкото планирање во Општина Охрид ги извршуваше Регионалната канцеларија за урбанистичко планирање, а според Законот за децентрализацијата од 1 јули 2005 година овие надлежности се префрлени во Одделението за урбанистичко планирање во локалната самоуправа на Општина Охрид. Периодот од 1 јули 2005 година до 1 јануари 2006 година е вакуум период, што настана како резултат на префрлањето на надлежностите, па податоците за овој период се некомплетни и недостапни за овој мониторинг.

Денес во Одделението за урбанизам се вработени соодветни стручни лица (архитекти и градежни инженери), одделението функционира добро и со својата организациска поставеност, навременост и опрема претставува сервис на граѓаните на Општината. Моментално во ова одделение се извршуваат и услугите за Општина Дебарца. Потребно е дообучување на постојниот кадар во областа на информатичката технологија.

# Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план:

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план | 529 | 1.933 | 1.607 | 2.280 |




Според податоците на овој показател, бројот на поднесените барања за извод од урбанистичкиот план во 2005 година е помал, за разлика од 2006, 2007 и 2008 година, кога бележи значителен пораст. Зголемувањето на бројот на поднесените барања најмногу се должи на спроведувањето на постапката за трансформација на сопственоста на земјиштето од корисничко во сопствено право, а за таа постапка е неопходен извод од урбанистичкиот план.

## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на издадени изводи од урбанистичкиот план | 529 | 1.922 | 1.607 | 1.983 |

Од овој индикатор може да се потврди дека бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е речиси еднаков со бројот на поднесените барања на годишно ниво. Тоа значи дека на сите барања се одговара веднаш и истите се издаваат во законскиот рок од 5 дена.




## Урб. 3 Решение за локациски услови:

### 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 143 | 302 | 273 | 277 |




Овој индикатор го покажува бројот на објектите за кои е продолжена постапката сè до добивањето дозвола за изградба на објектот. Споредено со поднесените барања за извод од урбанистичкиот план, овој број е намален. Тоа потврдува дека најмногу изводи од урбанистичкиот план се бараат заради регулирање на трансформацијата на сопственоста на земјиштето, а бројот на барања за решение за локациски услови е многу помал. Малиот број барања за решенија за локациски услови е резултат на потребата од ревизија или измена на постојните урбанистички планови, бидејќи честопати се јавува потреба од промена на предвидената намена и капацитет на објектите за задоволување на потребите на граѓаните.

### 3.2 Број на позитивно решени барања – издадени решенија за локациски услови

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија за локациски услови | 114 | 283 | 269 | 95 |

Бројот на позитивно решените барања за решенија за локациски услови е речиси еднаков со бројот на поднесените барања и, споредено со годините, ја покажува вистинската слика за градењето легални градби во Општината, бидејќи со издавањето на решенијата за локациски услови се дефинирани условите за изградба на објектите.



## 3.3 Број на одбиени барања / (неиздадени) решенија за локациски услови

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на одбиени решенија за локациски услови | 29 | 19 | 4 | 182 |




Бројот на одбиените барања или неиздадени решенија за локациски услови во 2005 и 2006 година се должи на нецелосната и некомплетна документација при поднесувањето на барањата, најчесто на неизвршената трансформација на земјиштето, т.е. немањето документ за сопственост на земјиштето, а често и на потребата од нови детални урбанистички планови. Во 2007 година тоа е сведено на минимум, бидејќи во меѓувреме се изработени многу детални урбанистички планови во Општината, трансформацијата на земјиштето е речиси завршена, а доколку недостига некој документ, странката писмено и навремено се известува за тоа и постапката тече понатаму. Бројката за 2008 е мошне висока, бидејќи дел од барањата се сè уште во постапка, т.е не се издадени решенија. Но, тоа секако не значи дека барањата се одбиени.

## 3.4 Време за издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5 дена)

Во 2005 година решенијата за локациски услови се издаваа во рок од 15 дена, а во 2006, 2007 и 2008 година тој рок е намален на 5 дена. Овие решенија за локациски услови се издаваат во Одделението. за урбанистичко планирање и секогаш во законски предвидениот рок. Не се евидентирани случаи на издавање надвор од законскиот рок. Тоа се должи пред сè на комплетирањето на документацијата од страна на странките и на добрата организираност во работата на Одделението за урбанизам и планирање при Општина Охрид.

# Урб. 4 Одобрение за градење:

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени барања за одобрение за градење | 154 | 240 | 210 | 232 |




Од овој индикатор може да се види точниот број граѓани кои ја завршиле постапката до одобрение за градба. Во целиот период на набљудување нивниот број е речиси еднаков со бројот на добиените решенија за локациски услови. Тоа се должи на регулираното и навремено плаќање на комуналниот надомест и на обезбеденото финансирање и донесување на урбанистичките планови кои одговараат на бараните локации за градба. Тоа не беше случај во претходните години, кога како главен проблем беше посочувано немањето важечки урбанистички планови и избегнувањето на обврската за плаќање комунален надомест. Сево ова укажува на фактот дека во последните три години граѓаните сè повеќе се одлучуваат за легална градба, дека се подобрува покриеноста со важечки урбанистички планови, т.е. дека Општината сè повеќе изнаоѓа начини за финансиско

покривање на ревизиите и изработките на новите урбанистички планови. На тој начин се задоволуваат потребите и барањата на граѓаните за нови урбанистички локации - како индивидуални, така и стопански.

## 4.2 Број на позитивно решени барања / (издадени) одобренија за градба

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на издадени одобренија за градење | 114 | 232 | 184 | 120 |




Вкупниот број издадени одобренија за градење е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за градење. Тоа значи дека Одделението за урбанистичко планирање навремено одговара на сите барања, внимава при доставувањето на документацијата, за таа да биде комплетна, а странките писмено се известуваат за начинот на регулирање на плаќањето на комуналниот надоместок и за потребата од самофинансирање за изработка на урбанистички план, доколку има потреба од тоа. Кога сите овие фази ќе завршат позитивно, постапката продолжува понатаму, односно се започнува со изградба на објектот.

## 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градба

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на одбиени одобренија за градење | 40 | 8 | 26 | 112 |




Бројот на одбиени барања за одобренија за градба е променлив. Тоа се должи на неисплатениот комунален надомест за градба на објектите и на потребата од промена на деталниот урбанистички план, т.е. на тешкотиите при финансирањето на измената на урбанистичкиот план. Дел од предметите за 2008 се во постапка, што значи дека оваа бројка не е релевантна.

## 4.4 Време за издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

Законскиот рок за издавање одобрение за градење се намалува од 15 дена во 2005 на 7 дена во 2006, 2007 и 2008 година. Овие законски рокови во целост се почитуваат и спроведуваат во Одделението за урбанистичко планирање, каде што се издаваат овие одобренија за градба. Не се регистрирани случаи на непочитување на законски пропишаниот рок.

Во 2005 и 2006 година граѓаните најчесто се одлучуваа за нелегална градба од следниве причини: големи финансиски средства за исплата на комунален надоместок; немање доволно важечки детални урбанистички планови; неизвршена трансформација на сопственоста на земјиштето, и слично. Во 2007 и 2008 година во Општина Охрид почна

да функционира начин на самофинансирање за потребните донесувања и изменувања на урбанистичките планови. Тоа се покажа како успешен начин за надминување на проблемот со немањето финансии за нови урбанистички планови и е добро прифатен од страна на граѓаните, сѐ со цел побрзо и поуспешно урбанизирање на територијата на Општина Охрид.

## Урб. 5 Одобрение за употреба:

### 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 33 | 37 | 106 | 98 |




Овој показател покажува дека околу 50% од крајниот број издадени одобренија за градење се однесуваат на изградени објекти спремни за употреба.

### 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на издадени одобренија за употреба | 30 | 33 | 84 | 72 |




Бројот на издадените одобренија за употреба на објектот на годишно ниво во последниве три години е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за употреба. Овој број е всушност бројот на објекти кои се целосно изградени и пуштени во употреба, според важечките технички норми од Законот за градба и градежно земјиште.

### 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|
| Број на обиени барања за одобрение за употреба | 3 | 4 | 22 | 26 |



Бројот на одбиените барања за одобрение за употреба се однесува на објектите кои сè уште се градат и не се целосно завршени. Овие барања се однесуваат на објекти за индивидуално домување, на објекти наменети за колективно домување или на стопански објекти. Високиот број во 2008 година се однесува на одобренијата кои се во постапка, односно нивната бројка не е конечна.

## Урб. 6 Инспекција – Урбанистичка:

### 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

Во 2007 и 2008 година во Општина Охрид не е евидентиран случај на поништено решение за локациски услови издадено од Одделението за урбанистичко планирање и инспекциски надзор. За 13 решенија за локациски услови е изготвено известување за измена и дополнување и истите се вратени на повторно разгледување. За 6 од нив е постапено по известувањето и е составен записник, а 7 решенија се во постапка за дополнување и измена.

### 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

Во последниве 5 години во Општина Охрид се утврдени отстапувања од издадените одобренија за градба на објектите за индивидуално домување, колективно домување, како и на стопанските објекти, од причина што оние што градат на тој начин создаваат поголем корисен простор.

### 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградените објекти

Работењето на Општина Охрид на полето на урбанистичкото планирање е добро приспособено и навремено. Но, како и другите општини во Република Македонија, и Општина Охрид се соочува со проблемот на нелегална градба. Според овој индикатор, може да се утврди вкупниот број дивоградби на годишно ниво. Најчесто тоа се објекти од типот на доградби, надградби, комплетно нови објекти што никнуваат „преку ноќ“, објекти за коишто граѓаните најчесто воопшто не започнуваат постапка за легализација на градбата, од причина што не сакаат да платат комунален надоместок или се откажуваат од постапката во моментот кога ќе дознаат дека треба да ја самофинансираат измената или ревизијата на урбанистичкиот план за кој што Општината нема средства за финансирање. Тоа се најчестите причини што доведуваат до крајниот резултат – дивоградби.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

## Категорија: локално финансирање

Надлежностите во областа на данокот на имот, данокот на промет со недвижности и комуналната такса за фирма (назив), Одделението за даноци и комунални такси ги презеде од Управата за јавни приходи на 1.7.2005 година.

Податоците за 2004 и 2005 година за горенаведените даноци и за комуналната такса за фирма се земени од УЈП.

## ЛФ. Данок на промет со недвижности

Поднесените даночни пријави за данок на промет со недвижности бележат постојан пораст: од 1.244 поднесени даночни пријави за 2006 година, 1.357 поднесени даночни пријави за 2007 година, па сè до 1.638 поднесени пријави за 2008 година. Зголемувањето на бројот на поднесените даночни пријави се должи на зголемениот број купопродажби во Општина Охрид, бидејќи Охрид е општина во којашто интензивно се гради, како и на нерегулираните сопственички односи кои требаа да се завршат одамна, заради процесот на приватизација што е во тек.

Бројот на издадените решенија е приближно ист со бројот на поднесените даночни пријави по години.

Обжалени се 8 решенија во 2006 година, 9 решенија во 2007 и 10 решенија во 2008 година, што претставува релативно мал број во однос на бројот на изготвените пресметки од страна на Комисијата за проценка на пазарната вредност на недвижноста, како и на изготвените решенија по пресметките.

Одреден број жалби по решенијата во референтниот период се уважени од министерот за финансии, па предметите се вратени на повторно одлучување и при повторното одлучување се прифатени решенијата на првостепениот орган. При подготовките на овој извештај жалбите по решенијата од 2008 година беа сè уште во процедура.

Просечниот рок потребен за издавање решение е 30 дена, така што новото законско решение коешто предвидува рок од 15 дена за издавање на решенијата за нас е неприфатливо и сметаме дека е премногу кратко, со оглед на бројот на поднесените даночни пријави, обемот и сложеноста на целата постапка, како и многуте празни одови што се јавуваат кај Комисијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

## Данок на имот

Во 2006 година, поради непостоење на сопствен софтвер, решенијата за данок на имот ги изготвуваше Управата за јавни приходи за соодветен надомест. Истата година се направени и најмал број ажурирања на базата на податоци.

Бројот на издадените решенија за данок на имот е во постојан пораст во текот на референтниот период: од 18.527 решенија во 2006 година, 18.650 во 2007 година, па сè до 20.778 во 2008 година.

Во графиконите се дадени само податоци за решенијата од редовен облог, додека во извештајот таа бројка е поголема затоа што бројот на решенијата од редовен облог на крајот на годината се зголемува за бројот на изготвените решенија за препис и за отпис.

Бројот на извршените ажурирања на базата на податоци, исто така, бележи пораст, што се должи на сопствените даночни пријави од страна на даночните обврзници, како и на ажурирањата по службена должност од страна на даночните извршители по завршените предмети од данокот на промет со недвижности и данокот на наследство и подарок.

Просечниот износ на данокот на имот по глава на жител во референтниот период, исто така, бележи пораст.

Бројот на лицата кои се опфатени по години е малку помал од бројот на лицата на кои им се издадени решенија.

Процентот на наплата на данокот на имот во Општина Охрид е релативно висок, а тоа се должи пред сè на напорите на даночната администрација за наплата на истиот. Ниту еден поднесен предмет, уверение или потврда не поминува без регулирање на обврската за данок на имот од страна на даночниот обврзник.

Присилната наплата во Општина Охрид во однос на данокот на имот не е спроведена заради недоволната екипираност на даночната администрација и недореченоста на Законот во спроведување на истата. Предвидено е присилната наплата да се спроведува од 2009 година.

## Комунална такса

Бројот на издадените решенија за комунална такса (назив) бележи незначително опаѓање во 2008 година, во однос на 2007 година, што се должи на одјавувањето на неактивните правни лица од Централниот регистар.

Бројот на ажурирањата е намален и е во директна зависност од доставените тековни состојби од Централниот регистар од страна на самите обврзници на комуналната такса.

Процентот на наплата е релативно низок и стандардно се движи околу 25%, што се должи на неплаќањето на комуналната такса од страна на неактивните и неодјавени правни субјекти, кои процентуално изнесуваат околу 50 % од вкупниот број обврзници на комунална такса.

Присилна наплата во Општина Охрид досега не е спроведена, пред сè поради недоволната екипираност на даночната администрација, а планирано е да се спроведува од 2009 година.

## Локално финансирање

Во периодот до спроведувањето на процесот на децентрализација (јули 2005 година), делот од финансиското работење на локалните самоуправи беше во рацете на Министерството за финансии, кое целосно ги водеше работите околу финансирањето на ЕЛС, вклучително и сметководственото работење. Со започнувањето на процесот на финансиска децентрализација се пристапи кон изработка на нова систематизација и организациска поставеност и се формираше Одделение за финансии и буџет, кое ги презеде сите надлежности во врска со локалното финансирање.

Во согласност со позитивните законски прописи, организациската поставеност, како и техничката и кадровската опременост на ЕЛС, Општина Охрид е подготвена за сите предизвици и располага со сите потребни ресурси за апсорпција на новите надлежности.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | | 9.211.263 | 19.160.089 | 23.608.961 | 22.037.764. |



Податокот за 2005 година важи за периодот од 01.07 до 31.12.2005 година.

## Износ на вкупни обврски (во МКД)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | 123.535 | 123.804 | 123.087 | 124.041 | 123.023 | 122.837 | 118.602 | 108.082 | 99.069 | 101.932 | 93.203 | 89.806 | 1.351.021 |
| 2006 | 90.216 | 121.284 | 241.272 | 247.360 | 236.344 | 250.956 | 246.632 | 280.059 | 239.315 | 189.657 | 169.537 | 256.399 | 2.569.031 |
| 2007 | 269.697 | 271.306 | 249.664 | 256.079 | 283.048 | 279.730 | 282.625 | 274.409 | 287.839 | 325.296 | 334.287 | 329.897 | 3.443.877 |
| 2008 | | | | 290.142 | 290.700 | 269.881 | 293.521 | 305.178 | 282.634 | 324.190 | 319.195 | 343.173 | 2.718.614 |







## Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти)

| год | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | | | | | | | | | | | | |
| 2007 | 59,63 | 59,98 | 55,2 | 56,62 | 62,58 | 61,85 | 62,49 | 60,67 | 63,64 | 71,92 | 73,91 | 72,94 |
| 2008 | | | | 49 | 49 | 49 | 52,5 | 54,6 | 50,55 | 57,99 | 57,1 | 61,39 |



# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2008 ГОД.

## 1. Организациска поставеност

| 1.1. Дали во општината има сектор или одделение одговорен(о) за спроведување на надлежностите во образованието? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението за образование е опремен(о) со компјутерска опрема и/или софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | Да |
| Не | | | | | |

Со децентрализацијата од 2005 година низа надлежности од областа на образованието се префрлија од централно на локално ниво. Тоа подразбираше низа промени - како во организациска, така и во функционална смисла.

Според старата систематизација, постоеше Одделение за јавни дејности, со еден вработен како виш соработник за образование.

Со новата систематизација се формираше Сектор за јавни дејности, во чии рамки функционира Одделението за образование, култура, здравство, детска и социјална заштита.

Предвидено е и место и за овластен просветен инспектор (кое досега не е пополнето).

Одделението е опремено со компјутерска опрема за континуирано следење на состојбите во училиштата (инфраструктурни, кадровски состојби, како и сите податоци што се однесуваат на учениците).

## 2. Локално управување со финансиските средства во образованието

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | | | | | 31.269.844 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.3. Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | | | | | 31.261.727 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.4. Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | | | | | 23.980.972,60 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства добиени како донации, од проекти и сл. (во МКД) | | | | | |

Општина Охрид е сè уште во првата фаза од децентрализацијата, па финансирањето е со наменски дотации. Во општинскиот буџет за секоја календарска година се предвидуваат средства за инвестиционите приоритети во училиштата, како што е Програмата за образование и детска заштита.

## 3. Висината на цената на образовните услуги

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | | | | | 8,4 |
| Комунални услуги по ученик | | | | | 5.945 |
| Трошоци за греење по ученик | | | | | 23.962,80 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | | | | | 29.916 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | | | | | 17.616 |
| Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | | | | | 3.493,20 |
| Трошок за плати по вработен | | | | | 259.882,80 |

## 4. Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објект

| 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | x | x | x | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | | | | | 100% |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | | | | | 38 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Соодност на бројот на училиштата во општинската училишна мрежа (во проценти) | | | | | 40,9 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | | | | | 9 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | | | | | 40 |
| Процент на средствата за помали реконструкции, утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | | | | | 18,62% |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | | | | 11 |
| Вкупен износ на средствата за поголеми инвестиции во сите училишта, обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | | | | | 32.004.662 |

Училишните објекти во Општина Охрид се во сопственост на Општината. Нивниот имот се евидентира во регистар.

Просечната старост на училишните објекти е 38 години. Тие се наоѓаат во многу добра состојба, што се должи пред сè на редовните инвестирања од страна на локалната самоуправа, за решавање на инвестиционите приоритети на училиштата. Наставата се одвива во услови предвидени според пропишаните нормативи.

## 5. Опфатеност на децата во основното и средното образование

| Процент од вкупното население (%) | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | 82 |
| Албанци | | | | | 10,3 |
| Турци | | | | | 5,8 |
| Власи | | | | | |
| Роми | | | | | |
| Друга етничка припадност | | | | | 1,9 |

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | | | | | 0,02% |

Од дадените податоци може да се види дека во Општина Охрид преовладуваат ученици од македонска националност. Од вкупниот број ученици, 82% се Македонци, 10,3% се Албанци, 5,8% се Турци и 1,9% се од другите националности.

0,17% од вкупниот број ученици во Општина Охрид се деца со посебни потреби.

## 6. Учество на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила, во согласност со локалните потреби на пазарот на трудот

| 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

| 6.2 Дали општината иницирала отворање нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

| 6.3 Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за вонnаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | ДА |
| Не | | | | | |

Општината, поточно Секторот за јавни дејности, покренува иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта, како и нови насоки и профили во средните стручни училишта, со цел да се задоволат потребите на општината од нови, дефицитарни кадри.

Од учебната 2008-2009 година е отворена медицинската струка во рамките на ОСУ „Св. Климент Охридски“, како и сообраќајна и дрвопреработувачка струка во склоп на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“.

### Заклучок за децентрализацијата во сферата на образованието:

Со Законот за локалната самоуправа од 1 јули 2005 година, единиците на локалната самоуправа во Република Македонија ја презедоа одговорноста за образованието. Тие ја презедоа сопственоста врз училишните згради и грижата за нивното одржување, како и за превозот на учениците, за што добиваат наменска дотација. Тоа се ингеренциите што ги добива општината во првата фаза од децентрализацијата, а во втората фаза ги презема и надлежностите за наставниците и за техничкиот и административниот персонал, за што општините ќе примаат блок-дотации од Владата.

Општина Охрид е сè уште во првата фаза на децентрализацијата.

Општината е одговорна и за управувањето со предучилишното, основното и средното образование.

Таа треба да ги дефинира улогите и одговорностите на сите кои се инволвирани во извршувањето на задачите од сферата на образованието: директорите на училиштата, наставниците, училишните одбори, родителите, учениците, локалната деловна заедница, локалните и националните невладини организации и др.

Локалната самоуправа придонесува за развој на образованието, ги согледува краткорочните и долгорочните потреби и, според нив, ги продуцира релевантните цели коишто треба да се остварат во иднина.

Досегашната работа покажа дека Општина Охрид има капацитет успешно да се справи со сите барања на децентрализацијата.

# Осломеј

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ОСЛОМЕЈ ЗА 2008 ГОД.

За време на набљудувањето се фокусиравме на неколку клучни показатели кои нè информираа за трендот на локалното самоуправување во избраните пилот-општини.

Показателите се:

1. Изводи
2. Решение за локациски услови
3. Решение за градба
4. Одобрение за употреба
5. Инспекција - Урбанистичка

## 1.1. Изводи

1.2. Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

1.3. Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

1.4. Време за издавање извод во законскиот рок

1.5. Време за издавање извод надвор од законскиот рок

## 2.1. Решение за локациски услови

2.2. Број на поднесени барања за решение за локациски услови

2.3. Број на издадени решенија за локациски услови

2.4. Број на одбиени решенија за локациски услови

2.5. Време за издавање решение за локациски услови во законскиот рок

2.6. Време за издавање решение за локациски услови надвор од законскиот рок

## 3.1. Решение за градба

3.2. Број на поднесени барања за решение за градење

3.3. Број на издадени решенија за градење

3.4. Број на одбиени решенија за градење

3.5. Време за издавање решение за градење во законскиот рок

3.6. Време за издавање решение за градење надвор од законскиот рок.

## 4.1. Одобрение за употреба

4.2. Број на поднесени барања за решение за употреба

4.3. Број на издадени решенија за употреба

4.4. Број на одбиени решенија за употреба

## Инспекција - Урбанистичка

Број на поништени решенија за градба

Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградените објекти

АНАЛИЗА

1. Изводи
2. Решение за локациски услови
3. Решение за градба
4. Одобрение за употреба
5. Инспекција - Урбанистичка

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Изводи | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 15 |
| Решение за локациски услови | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 13 |
| Одобрение за градење | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 12 |
| Одобрение за употреба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| Инспекција - Урбанистичка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |







# Референтен период 2008

## 1. Изводи

Бројот на поднесените барања за извод од урбанистичкиот план во периодот јануари - декември 2008 година изнесува 15, што значи дека интересот на граѓаните на оваа општина е сличен како и минатата година, односно не покажува пораст споредено со 2006 и 2007 година. Граѓаните немаат намера да градат, а причините за тоа се лошата социо–економска положба и големата невработеност или избегнувањето да градат во легална постапка, поради тешкотиите на кои наидуваат при комплетирањето на документацијата, како резултат на нерешените имотни-правни односи и денационализацијата, како

и непостоењето на генерални и детални урбанистички планови на некои од селата во оваа општина и трошоците за комунални такси и други давачки при комплетирањето на документацијата за градба.

Исто како и во 2006 и 2007 година, и во текот на 2008 интересот на граѓаните за градење и почитување на легалните процедури не се зголемува.

Од 15 поднесени барања за изводи, се издадени 15 изводи, сите во законски предвидениот рок.

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Број на поднесени барања за изводи во 2008 | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 15 |
| Број на издадени изводи во 2008 | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 15 |
| Број на издадени изводи во законскиот рок во 2008 | 3 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 2 | 15 |
| Број на издадени изводи вон законскиот рок во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |






## 2. Решение за локациски услови

Бројот на поднесените барања за решение за локациски услови во 2008 година изнесува 13, а толкав е  и бројот на позитивно решените барања или издадени решенија. Сите решенија се издадени во законскиот рок. Одбиени  и неиздадени решенија нема.

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Број на поднесени барања за локациски услови во 2008 | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 13 |
| Број на издадени решенија за локациски услови во 2008 | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 13 |
| Број на одбиени решенија за локациски услови во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на издадени решенија за локациски услови во законскиот рок | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 13 |
| Број на издадени решенија за локациски услови вон законскиот рок | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |






## 3. Решение за градба

Поднесени се 12 барања за одобрение за градење, позитивно решени и издадени се 12 и едно е во постапка на завршување. Сите решенија се издадени во законскиот рок.

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Број на поднесени барања за одобрение за градење во 2008 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 12 |
| Број на издадени одобренија за градење во 2008 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 12 |
| Број на одбиени одобренија за градење во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на издадени одобренија за градење во 2008 во законскиот рок | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 1 | 0 | 1 | 1 | 12 |
| Број на издадени одобренија за градење во 2008 вон законскиот рок | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |






## 4. Одобрение за употреба

Поднесени се 2 барања за одобрение за употреба, издадени се 2 решенија, а одбиени нема.

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Број на поднесени барања за употреба во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Број на издадени одобренија за употреба во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Број на одбиени одобренија за употреба во 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |







## 5. Инспекторирање урбанистички

Нема поништени решенија за локациски услови. Не се утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење и не се донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти. Во Општина Осломеј нема инспекторат за урбанизам - градежни инспектори.

| | 2008 | | | | | | | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АНАЛИЗА | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | |
| Урбанистички инспекторат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на поништени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Вкупна анализа на показателите

| | АНАЛИЗА | 2006 | 2007 | 2008 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| I | ИЗВОДИ | 25 | 13 | 15 | 53 |
| 1 | Број на поднесени барања за извод | 25 | 13 | 15 | 53 |
| 2 | Број на издадени изводи | 24 | 13 | 15 | 52 |
| 3 | Број на издадени изводи во законскиот рок | 22 | 13 | 15 | 50 |
| 4 | Број на издадени изводи вон законскиот рок | 2 | 0 | 0 | 2 |
| II | РЕШЕНИЕ ЗА ЛОКАЦИСКИ УСЛОВИ | 24 | 12 | 13 | 49 |
| 1 | Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 24 | 12 | 13 | 49 |
| 2 | Број на издадени решенија за локациски услови | 20 | 12 | 13 | 45 |
| 3 | Број на одбиени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Број на издадени решенија за локациски услови во законскиот рок | 18 | 11 | 13 | 42 |
| 5 | Број на издадени решенија за локациски услови вон законскиот рок | 2 | 0 | 0 | 2 |
| III | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 18 | 13 | 12 | 43 |
| 1 | Број на поднесени барања за одобрение за градење | 18 | 13 | 12 | 43 |
| 2 | Број на издадени одобренија за градење | 18 | 12 | 12 | 42 |
| 3 | Број на одбиени одобренија за градење | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Број на издадени одобренија за градење во законскиот рок | 16 | 12 | 12 | 40 |
| 5 | Број на издадени одобренија за градење вон законскиот рок | 2 | 0 | 0 | 2 |
| IV | ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА | 2 | 1 | 2 | 5 |
| 1 | Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 2 | 1 | 2 | 5 |
| 2 | Број на издадени одобренија за употреба | 2 | 1 | 2 | 5 |
| 3 | Број на одбиени одобренија за употреба | 0 | 0 | 0 | 0 |
| V | УРБАНИСТИЧКИ ИНСПЕКТОРАТ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | РЕШЕНИЕ ЗА УРИВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 |

Табела I. Изводи



Табела II. Решение за локациски услови




Табела III. Одобрение за градење




Табела IV. Одобрение за употреба




**А.** Анализата базирана врз основа на показателите за 2006 година, а споредено со 2007 година, покажува намален тренд на индикаторите за урбанизам во Општина Осломеј.

Не може да се направи споредба со 2004 и 2005 година, затоа што до 01.07.2005 во Општина Осломеј немаше сектор или одделение за урбанизам, па оваа служба беше во надлежност на Министерството за транспорт и врски, во подрачната единица Кичево.

Со новите надлежности на локалната самоуправа од 01.07.2005 органите на Општина Осломеј го формираа Одделението за урбанизам, градежништво, комунални дејности и животна средина. Според податоците во текот на набљудувањето, секторот почна да функционира во почетокот на 2006 година.

**1.** Во текот на 2006 година вкупниот број поднесени барања за изводи од урбанистичкиот план изнесува 25, од кои 24 се издадени и 1 е одбиено, затоа што не било во надлежност на општината и е препратено во Министерството во Скопје.

Бројот на поднесени барања и издадени решенија за локациски услови е ист и изнесува 24. Не се регистрирани одбиени барања.

Бројот на поднесени барања за одобренија за градење и бројот на издадени одобренија е 18.

Бројот на поднесени барања за одобрение за употреба и бројот на издадени решенија е 2.

Решенија за уривање нема, а во Општина Осломеј нема Инспекторат за урбанизам, ниту пак урбанистички инспектори.

**2.** Во текот на 2007 година бројот на поднесените барања за изводи од урбанистичкиот план се намалува и изнесува 13, а толкав е и бројот на издадените изводи (сите во законскиот рок).

Бројот на поднесени барања за локациски услови е 12, како и бројот на издадените решенија за локациски услови.

Бројот на поднесени барања за одобренија за градење е 13, бројот на издадени одобренија за градење 12, а едно одобрение е одбиено поради некомплетна документација.

Поднесено е едно барање за одобрение за употреба и издадено е едно одобрение за употреба.

Не е издадено решение за уривање, а во општината нема Инспекторат за урбанизам.

**3.** Од аспект на бројот на поднесените барања за изводи од урбанистичкиот план, во текот на 2008 година имаме слична ситуација како и во претходната година: 15 поднесени барања и 15 издадени изводи (сите во законскиот рок).

Бројот на поднесените барања за локациски услови е 13 и издадени се 13 решенија за локациски услови.

Бројот на поднесените барања за одобренија за градење е 12 и издадени се толку одобренија за градење. Одбиени случаи не се регистрирани.

Бројот на поднесените барања за одобренија за употреба е 2 и издадени се 2 одобренија за употреба.

Во Општина Осломеј нема Инспекторат за урбанизам, па не се издадени решенија за уривање.

**Б.** Доколку се спореди 2006 со 2007 година забележливо е намалување на бројот на поднесените барања за изводи, решенија за локациски услови и одобренија за градење. Некои од граѓаните се определиле за нелегално градење. Поради фактот што трендот е позитивен, Одделението треба да функционира и да продолжи со својата ефикасност и со подобрување на услугите кон граѓаните, со препорака уредбите и прописите за урбанизам во локалната самоуправа да бидат на услуга на граѓаните.

# Тетово

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ТЕТОВО ЗА 2008 ГОД.

## Вовед:

Во 2008 година продолжи мониторингот на работата на Секторот на урбанизам во Општина Тетово за да се види како општината ја врши оваа надлежност што ѝ беше делегирана со Законот за локалната самоуправа и процесот на децентрализација. За да се добие што појасна слика, годишниот извештај за 2008 е спореден со годишните извештаи за 2006 и 2007 година.

## Урб. 1 Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да |
| Не | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението е само за вашата општина? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да |
| Не | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | | | |
| Не | Не | Не | Не |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл.инженери архитекти или дипл. градежни инженери) ? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да |
| Не | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да |
| Не | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да |
| Не | | | |

Секторот за урбанизам во Општина Тетово беше формиран од редовите на Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски на РМ во Тетово (која ги вршеше работите од областа на урбанистичкото планирање сè до донесувањето на Законот за децентрализацијата). Веднаш по преземањето на надлежностите делегирани со децентрализацијата, Секторот продолжи мошне успешно да ги извршува пренесените надлежности, меѓу другото затоа што поголемиот број вработени беа преземени од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски и имаа искуство во водењето на управна постапка.

Секторот уште во 2006 година работеше само за потребите на Општина Тетово, со доволен број стручни лица (архитекти и градежни инженери). Опремен е со компјутерска опрема, а и се користат и софтверски пакети за издавање одобренија за градење. Секторот функционира добро и со својата организациска поставеност, навременост и стручност претставува одличен сервис за граѓаните на Општина Тетово.

# Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план:

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| ГОДИНА | 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план |
|---|---|
| 2006 | 1.094 |
| 2007 | 1.195 |
| 2008 | 1.311 |




Анализирајќи ги податоците од овој показател, може да видиме дека бројот на барања за извод од урбанистичкиот план во последниве 3 години се зголемува и дека секоја наредна година е за 10% поголем од претходната. Зголемувањето на бројот за поднесените барања најмногу се должи на спроведувањето на постапката за трансформација на сопственоста на земјиштето од корисничко во сопствено право, а за таа постапка е неопходен извод од урбанистичкиот план, како и поголем број донесени урбанистички планови.

### 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| ГОДИНА | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план |
|---|---|
| 2006 | 1.082 |
| 2007 | 1.202 |
| 2008 | 1.310 |




Од овој индикатор може да се потврди дека бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е речиси еднаков со бројот на поднесените барања на годишно ниво. Тоа значи дека на сите барања се одговара веднаш.

### 2.3 Време за издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5дена)

| ГОДИНА | 2.3 Време за издавање извод од урбанистичкиот план во законски утврдениот рок (во денови) |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

Во општинската администрација не се води евиденција за времето за издавање извод од урбанистичкиот план, така што немаме податоци за овој показател. За плановите што се во дигитална форма, изводот се издава во законскиот рок, но за старите планови кои се на транспарент или на паус, процесот трае подолго поради технички причини.

## Урб. 3 Решение за локациски услови:

### 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| ГОДИНА | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови |
|---|---|
| 2006 | 451 |
| 2007 | 418 |
| 2008 | 337 |




Овој индикатор го покажува бројот на граѓаните кои продолжуваат со постапката сè до добивањето дозвола за градба на објектот. Споредено со поднесените барања за извод од урбанистичкиот план, овој број е намален. Тоа потврдува дека најмногу изводи од урбанистичкиот план се бараат заради регулирање на трансформацијата на сопственоста на земјиштето, а многу помал е бројот на барања за решение за локациски услови заради продолжување со градба.

Исто така, во овие три години опфатени со анализата, овој показател покажува тренд на намалување, така што секоја година бројот на поднесените решенија за локација се

намалува  во однос на претходната. Во 2007 година бројот на поднесените барања за решение за локација се намалил за 8% во однос на 2006, додека во 2008 се намалил за 19% во однос на 2007 година. На намалувањето на бројот на барања за решенија за локациски услови влијае и потребата од ревизија или измена на постојните урбанистички планови, бидејќи честопати се јавува потреба од промена на предвидената намена и капацитет на објектите заради задоволување на потребите на граѓаните.

## 3.2 Број на позитивно решени барања / издадени решенија за локациски услови

| ГОДИНА | 3.2 Број на позитивно решени барања /издадени решенија за локациски услови |
|---|---|
| 2006 | 442 |
| 2007 | 411 |
| 2008 | 333 |




Бројот на позитивно решените барања за решенија за локациски услови е речиси еднаков со бројот на поднесените барања.

## 3.3 Број на одбиени барања / неиздадени решенија за локациски услови

Податокот што го добиваме од општинската администрација се однесува на бројот на неиздадените решенија, така што не се знае дали тие не се издадени затоа што сè уште се води постапка или пак се одбиени.

| ГОДИНА | 3.3 Број на одбиени барања / неиздадени решенија за локациски услови |
|---|---|
| 2006 | 9 |
| 2007 | 6 |
| 2008 | 5 |




Бројот на одбиени барања или неиздадени решенија за локациски услови е сè помал, што се должи на информираноста на граѓаните за тоа кои документи се потребни и на завршениот процес на приватизација на земјиштето и негова трансформација.

## 3.4 Време за издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5 дена)

| ГОДИНА | 3.4 Време за издавање решение за локациски услови во законскиот рок (во денови) |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

Општинската администрација не располага со податоци за времетраењето на постапката за издавање решение за локација.

# Урб. 4 Одобрение за градење:

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

Овој индикатор го покажува точниот број граѓани кои ја завршуваат постапката до одобрение за градба. Во 2006, 2007 и 2008 година овој број е речиси еднаков со бројот на добиените решенија за локациски услови. Ако се анализира податокот по години, се гледа негов негативен тренд. Бројот на барања за одобрение во 2007 е за 6% помал во однос на 2006, додека во 2008 година, бројот на барања за одобрение е за 26% помал во однос на 2007 година. Трендот на намалување на бројот на барањата е резултат на економската криза, на недостигот од средства за плаќање комуналии или на незадоволството од тоа што граѓаните можат да го градат во согласност со важечкиот Детален урбанистички план.

| ГОДИНА | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење |
|---|---|
| 2006 | 439 |
| 2007 | 413 |
| 2008 | 305 |




## 4.2 Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градба

Вкупниот број позитивно решени барања / издадени одобренија за градење е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за градење. Тоа значи дека Секторот за урбанизам и планирање навремено одговара на сите барања, внимава при доставувањето на документацијата, за таа да биде комплетна, а странките писмено се известуваат за начинот на регулирање на плаќањето на комуналниот надоместок и за потребата од самофинансирање при изработката на урбанистичкиот план, доколку има потреба од тоа.

| ГОДИНА | 4.2 Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градење |
|---|---|
| 2006 | 411 |
| 2007 | 425 |
| 2008 | 311 |




## 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градба

Овој податок го покажува бројот на неиздадените одобренија, но немаме податок за тоа дали тие се одбиени или постапката е продолжена затоа што недостигале одредени документи.

| ГОДИНА | 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градење |
|---|---|
| 2006 | 28 |
| 2007 | 16 |
| 2008 | 10 |




## 4.4 Време за издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

| ГОДИНА | 4.4 Време за издавање одобрение за градење во законскиот рок (во денови) |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

# Урб. 5 Одобрение за употреба:

## 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| ГОДИНА | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба |
|---|---|
| 2006 | 23 |
| 2007 | 50 |
| 2008 | 62 |




Следејќи го овој показател од 2006, 2007 до 2008 година, бројот на поднесените барања за одобрение за употреба е зголемен, што претставува позитивен тренд.

Инвеститорите сѐ почесто бараат контрола и технички прием на новоизградените објекти и одобрение за употреба.

## 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| ГОДИНА | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба |
|---|---|
| 2006 | 17 |
| 2007 | 55 |
| 2008 | 60 |

Бројот на издадените одобренија за употреба на објекти на годишно ниво во последниве три години е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за употреба. Овој број е всушност број на објекти што се целосно изградени и пуштени во употреба во Општина Тетово, според важечките стандарди и нормативи од Законот за градба.




## 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба

| ГОДИНА | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба |
|---|---|
| 2006 | 6 |
| 2007 | 1 |
| 2008 | 3 |




Овој број не го покажува бројот на одбиените барања за одобрение на објектот, туку бројот на неиздадените одобренија.

# Урб.6 Инспекција – Урбанистичка :

## 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

| ГОДИНА | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

## 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| ГОДИНА | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

## 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| ГОДИНА | 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти |
|---|---|
| 2006 | Нема податок |
| 2007 | Нема податок |
| 2008 | Нема податок |

### Заклучок

Во периодот пред 2005 година во Општина Тетово функционираше Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски за регулирање на потребите од областа на урбанистичкото планирање и издавањето одобренија на граѓаните. Според Законот за децентрализација, од први јули 2005 година сите надлежности се префрлија на Секторот за урбанистичко планирање при локална самоуправа на Општина Тетово.

Вработените во овој сектор беа преземени од постојната Подрачна единица на Министерството за транспорт и врски, така што се работеше за веќе обучени и искусни општински службеници (архитекти и градежни инженери), кои и претходно ги водеа ваквите управни постапки.

Секторот е опремен со компјутери, печатачи, скенери и друга потребна опрема за побрзо издавање на потребните документи.

Компјутерите се опремени со софтверски пакети за водење на постапката. Процесот го олеснува и тоа што голем број урбанистички планови доаѓаат во електронска форма, така што директно може да се читаат координатите и да се вадат услови за локација, што прилично го забрзува процесот.

Со новиот Закон за градба, роковите за издавање на документите (решение за локација, одобрение и др.) се скратени, така што општинската администрација мора да го почитува рокот, а граѓаните се позадоволни со услугата.

Во мониторингот сè уште недостигаат податоци за рокот на издавање, како и сите податоци од урбанистичката инспекција.

Со обука на дел од вработените во Секторот, ќе бидат оспособени самите да вршат мониторинг и да изготвуваат извештаи на крајот на годината, така што раководителите на Секторот ќе имаат добар преглед за тоа како се одвиваат работите и во кој дел имаат „тесни грла", односно во кои делови граѓаните можат да бидат незадоволни од услугите.

Вака поставен, со вработени искусни архитекти и градежни инженери, Секторот е одличен сервис на граѓаните на Општина Тетово.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ТЕТОВО ЗА 2008 ГОД.

## 1. Данок на промет со недвижности

## Лф 1.1-1.5

### Организациска поставеност

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението е само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | Не | Не | Не | Не | Не |

| 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти, сметководители, ревизори)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| Не | | | | | |

Од горните табели може да се констатира дека во Општина Тетово веќе 5 години има посебен сектор/одделение за локално финансирање. Секторот е опремен со компјутерска опрема. Што се однесува на стручноста на персоналот, дел од нив се специјалисти во струката (економисти, сметководители, ревизори), иако нема потврда на ваквата информација од страна на надлежните служби.

# ЛФ 2. Данок на недвижности

## 2.1. Број на даночни пријави

Од извршеното набљудување во Секторот за финансии при Општина Тетово, на показателите кои се однесуваат на бројот на поднесените даночни пријави за данок на промет со недвижности (имот) и од бројките добиени како показател, може да се утврди дека бројот на поднесените даночни пријави за данокот на недвижности во глобала кореспондира со фактичката состојба во Општина Тетово. Ова може да се потврди и од споредбата на овие податоци со податоците за овој индикатор добиени за претходните години.

Имено, во 2008 година се поднесени вкупно 2.791 даночна пријава за данок на промет со недвижности и доколку овој податок се спореди со поднесените даночни пријави во 2004 година - 3.089, во 2005 година - 2.722, во 2006 година - 2.708 и во 2007 година, кога се поднесени вкупно 2.750 даночни пријави, може да се донесе заклучок дека граѓаните, барем во овој дел, во глобала ја почитуваат својата обврска за поднесување на овие даночни пријави.

Околу соодносот на овие бројки за 2008 со оние за претходните години, поконкретно во однос на 2005, 2006 и 2007 година, треба да се земе предвид фактот дека бројот на даночните пријави за 2008 не се разликува во голема мера од оној во претходните години, поточно таа бројка е незначително поголема. Оваа надлежност се пренесе на сите општини што произлегоа од поранешната Општина Тетово, што само по себе зборува за тоа дека општинските служби добро си ја завршиле својата работа од аспект на анимирањето на граѓаните за исполнување на оваа нивна обврска.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 3.089 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 2.722 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 2.708 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 2.750 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 2.791 |



## 2.2. Просечно времетраење на постапката за издавање решение

Доколку се анализира овој показател ќе се утврди дека општинските служби се добро обучени за навремено и брзо решавање на барањата по основа на даночните пријави за промет со недвижности. Ова се гледа од фактот што во текот на овој период, односно во текот на 2008 година, решенијата по оваа основа се издаваат во рок од пет дена, што беше тренд и во 2007 година, а е голем напредок во однос на претходните години, кога истите се издавале во рок од 15 дена (2004 и 2005), односно во рок од 10 дена (2006).

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 15 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 15 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 10 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 5 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 5 |




## 2.3-2.4 Број на издадени решенија/обжалени решенија

Од добиените податоци се гледа дека општинските служби, во однос на издадените решенија за данок на промет со недвижности, солидно си ја вршат работата, затоа што од вкупно издадените решенија во 2006 година, но и во 2007 година, бројот на обжалените решенија е минимален и изнесува 14 (2006), односно 21 (2007).

Трендот на солидно вршење на работите во врска со издавањето на решенијата за данокот на промет со недвижнини продолжува и во 2008 година, затоа што од вкупно издадените решенија се обжалени само 24.

Број на издадени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 1.884 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 1.610 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 2.587 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 2.560 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 1.250 |




Број на обжалени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 3.089 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 2.722 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 14 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 21 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 24 |




## 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија

Од поднесените 14 жалби на издадените решенија во текот на 2006 година, 12 се позитивно решени, додека во 2007 година од вкупно 21 обжалено решение, позитивно се решени 17.

Од поднесените 24 жалби на издадените решенија во тековната 2008 година, позитивно се решени 19. Искажано во проценти, во 2008 околу 80% се позитивно решени, што е задоволителен процент споредено со претходните референтни години.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 3.089 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 2.722 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 12 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 17 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 19 |




# ЛФ 3 Данок на имот

## 3.1 Број на издадени решенија

Од извршеното набљудување во 2008 година произлегува дека се издадени вкупно 25.892 решенија за данок на имот. Доколку оваа бројка се спореди со бројот на издадените решенија за данок на имот во претходните години - 29.321 (2004), 29.958 (2005), 16.678 (2006) и 24.087 (2007), може да се заклучи дека општинската администрација располага со соодветен кадар за преземање на оваа надлежност. Тоа може да се утврди доколку се спореди бројот на издадените решенија во 2008 и бројот на издадените решенија во претходните години, а особено со 2006 година. Притоа треба да се има предвид фактот дека оваа надлежност премина на сите општини што произлегоа од поранешната целокупна Општина Тетово.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 29.321 | 29.958 | 16.678 | 24.087 | 25.892 |




## 3.1 Процент на опфатеност на сите корисници

Од добиените податоци произлегува дека со овој данок се опфатени 96 проценти од сите корисници, процент што навистина задоволува и доколку истиот се спореди со процентот на опфатеност во 2006 година (70%), може да се заклучи дека на ова поле постои огромен напредок, што ни дава за право да заклучиме дека општинските служби се доволно стручни за да комплетираат квалитетна база на сите обврзници.




| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 90 | 92 | 70 | 93 | 96 |

## 3.3 Просечен износ на данокот на имот по глава на жител или по м² имот

Показателите од извршеното мониторирање за овој период, односно за 2008 година, покажаа дека просечниот износ на данокот на имот по глава на жител за оваа референтна година за Општина Тетово изнесувал 214 денари. Доколку овој податок се спореди со добиениот податок за 2006 година, кој изнесува 252,79 денари, можеме да заклучиме дека во двете референтни години истиот се движи во определени рамки. Има намалување на просечниот износ поради политиката на Владата на РМ за константно намалување на данокот на имот на ниво на целата држава во следниве години до 2010.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД ) | 25.298.687 | 26.110.585 | 19.212.000 | 18.616.079 | 19.056.009 |
| Население | 73.000 | 75.000 | 76.000 | 86.000 | 89.000 |
| Вкупно м² имот | | | | | |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | 346.5 | 348.1 | 252.7 | 216.5 | 21.1 |
| Просечен износ на данокот на имот по м² имот | | | | | |




Просечен износ на данокот на имот по глава на жител

### 3.4 Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данокот на имот | 29.321 | 29.958 | 16.678 | 24.087 | 25.892 |




Од добиените податоци од извршеното набљудување во текот на 2008 година, може да се констатира дека по оваа основа се ажурирани 25.892 решенија за данок на имот. Споредено со бројот на ажурираните решенија во претходните години - 29.321 (2004), 29.958 (2005), 16.678 (2006) и 24.087 (2007), може да се заклучи дека општинските служби се подготвени да формираат солидна база на податоци за даночните обврзници, со што ќе се постигне целосна опфатеност на обврзниците по оваа основа.

### 3.5-3.6 Процент на наплата и процент на присилна наплата

Процентот на наплата на овој данок во 2008 година изнесува 61% и доколку се спореди со процентот на наплата во 2006 година (56%) може да се констатира дека и на ова поле постои напредок, што само по себе зборува за континуиран напредок и успешно работење на општинската администрација во оној дел што е задолжен за работа на оваа проблематика.

Што се однесува до процентот на присилна наплата на овој данок, општинските служби не располагаат со такви податоци.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 26 | 27 | 56 | 65 | 61 |
| Присилна наплата (во %) | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 |




## ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма

### 4.1 Број на издадени решенија

Во тековната 2008 година се издадени вкупно 4.392 решенија, што значи дека споредено со 2006 година постои зголемување на бројот на издадените решенија по оваа основа (3.169 издадени решенија во 2006 година), додека споредено со другите години 2007 е далеку најдобра референтна година. Сепак, во просек, бројките на издадени решенија се движат во тие рамки.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 4.298 | 4.596 | 3.169 | 4.955 | 4.392 |




## 4.2 Опфатеност на сите субјекти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | 95 | 94 | 100 | 96 | 98 |




Од добиените податоци произлегува дека во текот на 2008 година со оваа такса биле опфатени 98 проценти од сите корисници, процент што задоволува и што го достигнува нивото на опфатеност од 2006 година, што дава за право да се заклучи дека општинските служби се доволно стручни за да комплетираат квалитетна база на сите обврзници, односно дека истите мошне квалитетно и комплетно ја имаат преземено оваа надлежност.

## 4.3 Број на извршени ажурирања

Во текот на 2008 година се извршени вкупно 4.392 ажурирања на решенијата. Во споредба со 2006 година, кога бројот на ажурираните решенија изнесуваше 3.169, може да се заклучи дека и овде постои напредок, што е секако заслуга на вработените во општинската администрација.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршени ажурирања | 4.298 | 4.596 | 3.169 | 4.955 | 4.392 |

Оттаму, реално е да се очекува дека општинските служби се подготвени за ажурирање на сите промени на фирмите од аспект на сопственоста, адресите и статусните промени, а сè со цел да се зголемат приходите на општината по оваа основа.




## 4.4-4.5 Наплата (во проценти) и присилна наплата (во проценти)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 22 | 24 | 43 | 54 | 63 |
| Присилна наплата (во %) | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Процентот на наплата на оваа комунална такса во 2008 година изнесува 63% и доколку истиот се спореди со процентот на наплата на оваа такса во текот на 2004 година, се

забележува ефективно зголемување на наплатата, и тоа не присилна (што е за пофалба), што значи дека свеста на граѓаните е зголемена (200% зголемување на наплатата во последните 4 години).




# 5. Надомест за уредување на градежно земјиште

## 5.1 Број на барања за изработка на пресметка

Во 2008 година се поднесени вкупно 286 барања за изработка на пресметка по оваа основа. Од добиените податоци за 2008 година и податоците за 2006 година (како референтна година), кога тој број изнесувал 295, може да се каже дека соодносот е близок, но се очекува бројот на барањата за издавање пресметки во тековната 2009 година да не го надмине бројот од референтната година, како и бројот од другите години опфатени со набљудувањето, бидејќи според првичните информации годинава граѓаните се повоздржани поради општата економска криза.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 263 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 270 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 295 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 356 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 286 |




## 5.2 Број на издадени пресметки

Во текот на 2008 година, од поднесените 286 барања за изработка на пресметка за надомест за уредување на градежното земјиште, општинските служби издале 286 пресметки, додека во 2006 година се поднесени вкупно 295 барања, а се издадени 321 пресметка, што укажува на фактот дека општинските служби се оспособени за квалитетно извршување на оваа надлежност.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 276 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 270 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 321 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 351 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 286 |




## 5.3 Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

Општинските служби ги издаваат овие пресметки во рок од еден ден, што укажува на фактот дека се оспособени за квалитетно извршување на оваа надлежност. Оваа констатација се однесуваше и на претходните години 2004, 2005, 2006 и 2007 година.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 1 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 1 |

## 5.3 Број на склучени договори

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 276 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 270 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 321 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 351 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 286 |

Во 2008 година се склучени 286 договори, што значи дека сите издадени пресметки се ефектуирани, односно наплатени. Истото важи и за 2006 година, кога се склучени вкупно 321 договор по оваа основа, додека во 2007 има најголем број склучени договори - 351.




# ЛФ 6. Наменска дотација за образование

## 6.1 Износ на наменската дотација за училиштата

Наменската дотација за училиштата за 2008 година изнесува 48.598.720 денари, за 2007 година - 68.597.682 денари, за 2006 - 34.298.841 денари, а за 2005 година 13.981.187. Наменските дотации се зголемуваат во континуитет.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | 0 | 13.981.187 | 34.298.841 | 68.597.682 | 48.598.720 |




## 6.2 Износ на реалните трошоци

Реалните трошоци на училиштата за 2008 година изнесувале 64.000.000 денари, за 2007 година 54.000.000 денари, додека пак реалните трошоци на училиштата за 2006 година изнесувале 45.000.000 денари.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД) | 0 | 42.000.000 | 45.000.000 | 54.000.000 | 64.000.000 |




## 6.3 Проценет недостиг на средства

Недостигот на средства за покривање  на работите од надлежност на Општината за 2008 година изнесува 15.401.280 денари, за 2007 година изнесува 6.201.680 денари, додека пак овој недостиг во текот на 2006 година изнесувал 10.701.159 денари. Ова покажува дека во континуитет постои недостиг од средства за покривање на оваа надлежност и дека е потребно да се преземат конкретни мерки од страна на општината за надминување на ваквата состојба.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Проценет недостиг на средства за покривање/изведување на надлежноста на општината (во МКД) | 0 | 28.018.813 | 10.701.159 | 6.201.680 | 15.401.280 |




# ЛФ 7. Обврски на општините кон доставувачите

## 7.1 Износ на вкупните обврски

Според  податоците добиени од надлежните службеници во Секторот за финансии во Општина Тетово, вкупните обврски на општината кон доставувачите во текот на 2008 година изнесуваат 85.610 денари, во 2007 година изнесувале 98.551 денари, додека пак во 2006 година истите изнесувале 72.664 денари. Тука треба да се напомене дека дел од зафатите на булеварот „Илинденска“ (Илирија) не се докрај завршени, па се нема јасна слика за реалните обврски кон доставувачите, но според неслужбени информации

се претпоставува дека доставувачите имаат побарувања од над два милиони евра. Хронолошки, овој проект е започнат во 2005, кога има поголеми издатоци кон доставувачите, но официјално проектот сѐ уште не е завршен.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 87.632 |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 13.933.399 |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 72.664 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 99.551 |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 85.610 |




## 7.2 Структура на обврските по старост

Вработените во Секторот за финансии при Општина Тетово немаат податоци за идентификација на овој показател.

## 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на Општина Тетово

Процентот на учество на обврските во годишниот буџет на Општина Тетово во 2008 година изнесува 20%, во 2007 година - 23%, додека пак во текот на 2006 година тој процент изнесувал 22,89 %. Тоа покажува дека Општината (градоначалникот) е способна/ способен за менаџирање на обврските, но секогаш базирајќи се на книговодствените податоци. Во претходниот дел се спомнати побарувања кои, според неслужбени информации, сѐ уште не се исплатени.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | 3,39% |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | 5,3% |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 22,89% |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | 23,09% |
| 2008 | | | | | | | | | | | | | 20,01% |



# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ТЕТОВО ЗА 2008 ГОД.

## Организациска поставеност

| Дали во општината има сектор или одделение одговорен(о) за спроведување на надлежностите во образованието? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | да | да | да |
| Не | не | не | | | |

| Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | не | не | не | не | |

| Дали секторот или одделението за образование е опремен(о) со компјутерска опрема и/или софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | да | да | да |
| Не | не | не | | | |

Според податоците добиени од страна на раководителот на Секторот за образование, во Општината од 2006 година работи службеник одговорен за спроведување на надлежностите во образованието, додека претходните години немало одговорен за овие надлежности во конкретниот сектор. Исто така, според новата систематизација се предвидува од 2008 година да функционира овластен просветен инспектор надлежен за Општина Тетово. Тоа одделение последниве три години е и компјутерски опремено, така што следењето на состојбите во училиштата е во голема мерка подобрено.

### Износ на финансиските средства распределени преку наменски дотации

Од табелата прикажана во долниот дел, може да се констатира дека финансиската рамка за референтната 2008 година е мошне обемна. Исто така, сугерирано е дека потребите и побарувањата од страна на општината биле поголеми, но поради објективни причини е определена прикажаната сума.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | 0 | 0 | 0 | 0 | 572.013.401 |

### Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци

Како и во претходниот показател, нема доволно податоци за претходните години. Дефинираните реални трошоци не се презентирани со конкретни факти, па останува дека референтната 2008 година ќе биде репер за реалните побарувања во 2009 година, со што ќе се има почиста слика за тоа колкави се вистинските трошоци.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | 0 | 0 | 0 | 0 | 659.712.159 |

## Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополнат наменските дотации

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.845.000 |

Во овој дел се прикажани во бројка (1.845.000 денари) потребните надополнувања на наменската дотација распределени од општинскиот буџет во износ што не соодветствува со прикажаната состојба (негативата) во наменските дотации што се распределени за референтната 2008 година. Можеби од Одделот за финансии не се презентирани потребните бројки за дополнување на финансиската дупка, но сепак тоа се бројки добиени од страна на Секторот за спроведување на надлежностите во образованието и како такви се презентирани со можност да се дообјаснат во врска со негативата што се прикажува, а не е соодветно покриена од страна на општината.

Показателот ги покажува вкупните трошоци по ученик (вкупни трошоци - без плати / број на ученици). Тие се дистрибуираат на следниов начин:

Трошоци за превоз по ученик (вкупните трошоци за превоз / бројот на ученици)

Комунални услуги по ученик (вкупните трошоци за комунални услуги/бројот на ученици)

Трошоци за греење по ученик (вкупните трошоци за греење / бројот на ученици)

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | 0 | | | | 21.26 |
| Комунални услуги по ученик | | | | | 596.33 |
| Трошоци за греење по ученик | | | | | 1.369,19 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/ број на ученици) | | | | | 1.986,78 |




Во овој графикон се внесени вкупните трошоци по ученик на ниво на Општина Тетово. Од разговорот со надлежните во Одделението за образование сугерирано е дека со новите измени во Законот за основното и средното образование овие бројки ќе се зголемат, бидејќи голем број ученици се од руралните места (села), така што патните трошоци ќе бидат многу поголеми.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | | | | | |
| Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | | | | | |
| Трошок за плати по вработен | | | | | 498.245.375 |

Показателот ги покажува вкупните трошоци за плати по вработен. Тие се распределуваат на следниов начин:

Трошок за плати за наставниот кадар по ученик (вкупните трошоци за плати за наставниот кадар / бројот на ученици)

Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик (вкупните трошоци за ненаставниот кадар / бројот на ученици).

Трошок за плати по вработен (вкупните трошоци за плати по вработен / бројот на ученици).

Овој трошок е приказ на сите трошоци за вработените во образованието на ниво на Општина Тетово.

## Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | 0 | | 32 | 30 | 27 |




Од табеларниот приказ може да се види дека просечната старост на училишните објекти е намалена (дел од нив се реновирани, а дел новоизградени) од 32 години (2006), 30 (2007), сè до 27 (2008). Во овој дел, општинските власти се потрудиле колку-толку да ја поправат бледата слика на дотраените училишни објекти.

| 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | x | x | x | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | да | да |
| | | | | | |

Во последниве две години има ажуриран регистар за имотот на училиштата, што не било својствено за претходните календарски години.

## Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината

| Референтна година | x | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | 0 | 85 | 15 | | |




Постапката за пренесување на сопственоста на училишните објекти е завршена во 2006 година (85%), а преостанатите 15% во 2007 година.

## Соодност на бројот на училишните објекти во општинската училишна мрежа и бројот на фискултурни сали во сопственост на училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Соодност на бројот на училиштата во општинската училишна мрежа (во проценти) | | 18 | 18 | 18 | 18 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | | 2 | 2 | 2 | 2 |

Од овој графикон може да се констатира дека, за жал, ништо не е променето во однос на бројот на фискултурните сали (нови), па бројката е иста во последните неколку години (само две). Се наметнува мислењето дека општинските власти треба навистина да се подзамислат за иднината на младината во Општина Тетово.

## Реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | | | | | 13 |
| Процент на средства за помали реконструкции, утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | | | | | 3.49 |

Во делот на помалите зафати, општинските власти во 2008 година биле ангажирани во поправки и реконструкции (13) на дел од застарената инфраструктура на училишните објекти. Процентуално, околу 3,49% од буџетот за образование биле наменети за оваа дејност. Препорака е овој процент да се зголеми со најмалку двоцифрени бројки од буџетот.

## Реализирани инфраструктурни зафати за поголеми реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | | | | 3 |
| Вкупен износ на средства за поголеми инвестиции во училиштата, обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | | | | | 23.033.782 |

Со реализацијата на овие инфраструктурни зафати / поголеми реконструкции, општината донекаде се има потрудено да ја поправи негативната слика за училишните објекти. Дел од нив се реновираа и се адаптираа за потребите на општината, бидејќи долго време имаа проблеми со недостигот од училници и кабинети за предавања.

## Опфатеност на деца од различна етничка припадност во основното и во средното образование

| Процент од вкупното население (%) | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | 13 |
| Албанци | | | | | 83 |
| Турци | | | | | 2 |
| Власи | | | | | 0 |
| Роми | | | | | 1 |
| Друга етничка припадност | | | | | 1 |

Графиконот ја прикажува реалната слика на застапеноста на децата од различна етничка припадност во средното и во основното образование.



## Опфатеност на децата со посебни потреби

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | 0 | | | 0.17 | 0.18 |




Процентот на децата со посебни потреби е константен во последните две години.

## Учество на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила во согласност со локалните потреби на пазарот на трудот

Според прикажаните табели за учеството на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила, во согласност со локалните потреби, неколку прашања бараат одговор.

Прво, општината сè уште нема покренато иницијатива за дополнување и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта. Тој пропуст се надополнува со отворање нови насоки и профили, а се реализираат и активности за вонннаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби, со што донекаде се поправа сликата за непреземањето иницијатива за статутарни промени кои би ги профилирале идните генерации со нови стручни и напредни програми, особено во информатичката технологија, со оглед на тоа дека учениците имаат можност да го продолжат школувањето на високообразовни институции кои работат според софистицирани програми и се опремени со најсовремена опрема.

| Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | не | не | не |

| Дали општината иницирала отворање на нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | да | да | да |

| Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за вонннаставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | да | да | да |
| Не | | | | | |

# Штип

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОД.

## Урб.1 Организациска поставеност :

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението е само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | да | да | да | да |
| Не | не | | | | * |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да* | * | | * | * |
| Не | | не | не | не | не |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл. инженери архитекти или дипл. градежни инженери)? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | Да |
| Не | | | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | да | да | да | да |
| Не | не | | | | |

Показателот покажува дека Општина Штип има Одделение за урбанизам и заштита на животната средина кое е добро организациски поставено и располага со компетентни човечки ресурси потребни за извршување на задачите пренесени со процесот на децентрализација. Пренесените надлежности службата успешно ги извршува, користејќи софтверски пакети за издавање на сите видови документи.

# Урб. 2 Извод од урбанистичкиот план:

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 39 | 14 | 22 | 9 | 6 | 10 | 12 | 20 | 17 | 6 | 167 |
| 2005 | 8 | 15 | 14 | 102 | 35 | 15 | 13 | 18 | 9 | 34 | 42 | 20 | 325 |
| 2006 | 10 | 20 | 25 | 25 | 20 | 18 | 22 | 10 | 26 | 26 | 34 | 53 | 289 |
| 2007 | 310 | 87 | 54 | 44 | 56 | 70 | 120 | 68 | 92 | 82 | 75 | 108 | 1.166 |
| 2008 | 117 | 144 | 154 | 153 | 100 | 127 | 185 | 136 | 210 | 279 | 366 | 468 | 2.439 |




Бројот на поднесените барања за извод од урбанистичкиот план во 2008 година, во споредба со 2007 и со претходните години, е сè уште висок, а тоа се должи на потребата на граѓаните да извршат трансформација на правото за користење на градежното земјиште во право на сопственост или да започнат постапка за вадење  на потребната гра дежна документација.




## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 6 | 32 | 13 | 20 | 10 | 8 | 10 | 12 | 22 | 18 | 6 | 163 |
| 2005 | 8 | 15 | 14 | 102 | 35 | 15 | 13 | 18 | 9 | 30 | 40 | 24 | 323 |
| 2006 | 10 | 20 | 25 | 20 | 18 | 18 | 18 | 9 | 26 | 26 | 34 | 53 | 277 |
| 2007 | 310 | 35 | 54 | 44 | 56 | 70 | 120 | 68 | 92 | 82 | 75 | 108 | 1.114 |
| 2008 | 117 | 144 | 154 | 153 | 100 | 127 | 185 | 136 | 210 | 279 | 366 | 468 | 2.439 |







Бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е, исто така, многу голем, што укажува на фактот дека Општина Штип е покриена со урбанистички планови, со висок процент, и дека службата покажува голема ажурност при издавањето на изводите.

## 2.3 Време за издавање извод од урбанистичкиот план - во законскиот рок (5 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Запазувањето на законскиот рок од 5 дена при издавањето извод од урбанистичкиот план се должи на комплетно доставените барања и на постоењето нови урбанистички планови, уредна планска документација и сл.

# Урб. 3 Решение за локациски услови:

## 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 4 | 15 | 10 | 11 | 9 | 11 | 7 | 6 | 11 | 14 | 9 | 9 | 116 |
| 2005 | 17 | 9 | 9 | 6 | 16 | 15 | / | 6 | 2 | 1 | 4 | 3 | 88 |
| 2006 | 7 | 7 | 9 | 14 | 11 | 8 | 10 | 8 | 8 | 8 | 10 | 16 | 116 |
| 2007 | 10 | 27 | 11 | 8 | 9 | 7 | 9 | 9 | 9 | 24 | 19 | 12 | 154 |
| 2008 | 7 | 10 | 10 | 8 | 7 | 7 | 4 | 3 | 11 | 3 | 8 | 6 | 84 |

Показателот „барање за решение за локациски услови“ го покажува бројот на граѓаните кои решиле да ја продолжат постапката за градење врз основа на добиениот извод од урбанистичкиот план. Неговите вредности се многу помали од вредностите на претходниот показател, што значи дека најмногу барања за изводи од урбанистичкиот план се заради трансформација на сопственоста на земјиштето.







## 3.2 Број на позитивно решени барања / издадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 7 | 12 | 8 | 8 | 11 | 10 | 8 | 3 | 9 | 12 | 9 | 8 | 105 |
| 2005 | 15 | 11 | 6 | 6 | 12 | 14 | / | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 74 |
| 2006 | 6 | 5 | 8 | 11 | 8 | 8 | 6 | 6 | 8 | 8 | 9 | 16 | 99 |
| 2007 | 10 | 27 | 11 | 7 | 9 | 6 | 9 | 9 | 9 | 23 | 17 | 10 | 147 |
| 2008 | 7 | 8 | 8 | 8 | 5 | 5 | 4 | 3 | 8 | 3 | 3 | 6 | 68 |






Од овој показател се гледа дека поголем број од поднесените барања се позитивно решени, а подносителите ја продолжуваат постапката понатаму.

## 3.3 Број на одбиени барања / неиздадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 9 |
| 2005 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 0 | 11 |
| 2006 | 1 | 2 | 1 | 3 | | | | | | | 1 | | 8 |
| 2007 | | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | 2 | 5 |
| 2008 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | | | 3 | | 5 | | 18 |

Одбиените барања за решенија за локациски услови се резултат на тоа што граѓаните поднеле неуредна или нецелосна документација или нивните градби отстапуваат од постојниот урбанистички план.







## 3.4 Време за издавање решение за локациски услови - во законскиот рок (5 дена)

Издавањето решение за локациски услови е во пропишаниот законски рок од 5 дена, затоа што барањето се поднесува откако ќе се приложи целосната документација.

# Урб. 4 Одобрение за градење:

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 12 | 17 | 8 | 9 | 9 | 12 | 12 | 8 | 14 | 11 | 7 | 12 | 131 |
| 2005 | 8 | 15 | 13 | 7 | 15 | 20 | / | 8 | 6 | 8 | 3 | 1 | 104 |
| 2006 | 3 | 3 | 5 | 4 | 8 | 6 | 12 | 4 | 7 | 10 | 10 | 10 | 82 |
| 2007 | 7 | 20 | 14 | 8 | 6 | 8 | 6 | 4 | 9 | 15 | 18 | 11 | 126 |
| 2008 | 5 | 7 | 9 | 8 | 8 | 6 | 4 | 4 | 9 | 6 | 6 | 7 | 79 |

Во изминатата 2008 година бројот на барањата за одобрение за градба е незначително помал во однос на претходната 2007, но е задржан месечниот просек. И натаму е најголем бројот на барања за доградби, надградби и реконструкции на постојните објекти

Показателот покажува дека сите поднесени барања за одобрение за градба не се позитивно решени, што значи дека оние кои поднеле целосна документација што се вклопува со постојниот урбанистички план можат да започнат со градба.







## 4.2 Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 6 | 16 | 11 | 10 | 7 | 13 | 11 | 5 | 10 | 11 | 7 | 11 | 118 |
| 2005 | 6 | 12 | 11 | 7 | 12 | 14 | / | 2 | 5 | 7 | 3 | 1 | 80 |
| 2006 | 3 | 2 | 4 | 3 | 7 | 5 | 6 | 3 | 7 | 7 | 9 | 10 | 66 |
| 2007 | 7 | 13 | 14 | 7 | 5 | 7 | 6 | 4 | 8 | 12 | 16 | 10 | 109 |
| 2008 | 4 | 7 | 7 | 6 | 5 | 5 | 3 | 3 | 7 | 5 | 6 | 7 | 65 |






Вкупниот број позитивно издадени одобренија за градење е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за градење, бидејќи барањата се поднесуваат откако странката ќе ја собере целокупната потребна документација.

## 4.3 Број на одбиени барања / неиздадени одобренија за градба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 1 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 15 |
| 2005 | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 0 | 6 | 1 | 1 | 0 | 0 | 18 |
| 2006 | 0 | 1 | 1 | 1 |  |  |  |  | 1 | 2 | 1 |  | 7 |
| 2007 |  | 7 |  | 1 | 1 | 1 |  |  | 1 |  | 1 |  | 12 |
| 2008 | 1 |  | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 |  |  | 14 |

Одб3иените барања за одобрение за градба се резултат на поднесената неуредна или нецелосна документација, но најчесто значат отстапување на проектот од издаденото решение за локациски услови.







## 4.4 Време за издавање одобрение за градење - во законскиот рок (7 дена)

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |

При издавањето одобренија за градба се запазува законскиот рок од 7 дена, со тоа што постапката за издавање започнува кога странката ќе ја собере целата документација со сите потребни согласности.

# Урб. 5 Одобрение за употреба:

## 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 2008 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 4 | 21 |







Во 2008 година овој показател има позитивен тренд, затоа што според новиот закон за измена на Законот за градење, одобрение за употреба треба да добијат и општествените и индивидуалните станбени објекти.

## 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 2008 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | 19 |




Бројот на издадените одобренија за употреба на објекти на годишно ниво во последните три години е речиси еднаков со бројот на поднесените барања за одобрение за употреба. Овој број е всушност број на објекти што се целосно изградени и пуштени во употреба во Општина Штип според важечките технички пропишани норми од Законот за градба и градежно земјиште.




## 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | | | | | | | 1 | | | | | 1 |







Одбиените барања за одобрение за употреба се резултат на тоа што инвеститорот не ги отстранил сите недостатоци утврдени при техничкиот прием на објектот.

# Урб. 6 Инспекција – Урбанистичка:

## 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2005 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Урбанистичкиот инспектор во Општина Штип е назначен во јули 2007. Во овој период не се утврдени недостатоци на издадените решенија за локациски услови, ниту пак е доставен урбанистички план за анализа. Во иднина треба да се очекува поголема ажурност на урбанистичкиот инспектор.

## 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| 2005 | 0 | 1 | 2 | 2 | 4 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 13 |
| 2006 | 0 | 0 | 3 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 1 | 19 |
| 2007 | 4 | 2 | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 4 | 5 | 3 | 6 | 46 |
| 2008 | 5 | 2 | 4 | 7 | 11 | 3 | 3 | 4 | 2 | 7 | 10 | 68 |







Утврдените отстапувања од издаденото одобрение за градење покажуваат непочитување и пречекорување или лошо планско решение.

## 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 3 | 8 | 8 | 10 | 11 | 16 | 9 | 7 | 4 | 4 | 2 | 0 | 67 |
| 2005 | 2 | 0 | 10 | 8 | 12 | 20 | 5 | 5 | 13 | 9 | 8 | 1 | 93 |
| 2006 | 1 | 6 | 12 | 14 | 7 | 10 | 4 | 4 | 7 | 10 | 5 | 7 | 87 |
| 2007 | 2 | 8 | 3 | 2 | 3 | 1 | 5 | 4 | 5 | 8 | 12 | 6 | 54 |
| 2008 | 3 | 3 | 1 | 4 | 2 | 4 | 5 | 4 | 5 | 6 | 7 | 6 | 50 |

Показателот покажува помал број донесени решенија во однос на претходните месеци, што значи поголема ажурност на градежниот инспектор. Но, тоа сè уште не е доволно за да се спречи бесправната градба и градба надвор од издаденото градежно одобрение.







## Заклучок

Во 2008 година беа донесени два закона во областа на урбанизмот и урбанистичкото планирање, а тоа се Законот за просторно и урбанистичко планирање и измената на Законот за градење. Тие битно влијаеја на бројот на поднесените и издадените решенија за локацисни услови и одобренија за градење. Нивниот број се намали во споредба со бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план, кој во 2008 година бележи значителен пораст. Бројот на поднесените барања за одобрение за градба е намален поради новите нормативи што ги наметнаа законите, според кои секоја странка треба да поседува имотен лист и да има добиено решение за приватизација на градежното земјиште под урбанистичка парцела. Од друга страна, се изменија и нормативите за изведувачите на градежните работи, така што покрај задолжителниот надзор, инженерите треба да поседуваат и овластување, а градежните фирми треба да имаат лиценца. Во областа на урбанистичката и градежната инспекција ситуацијата во 2008 е идентична како и во претходните години. Нивната работа е неефикасна и одложена сѐ до донесувањето на Законот за легализација на бесправно изградените објекти.

Од спроведеното набљудување во изминатите четири години од децентрализацијата, може да се заклучи дека тоа претставува позитивен процес и дека треба да продолжи, односно да се изврши целосна децентрализација за да се постигне крајната цел, а тоа значи вработените во јавниот сектор да обезбедат квалитетни услуги, а нивното испорачување да биде поконкретно и со факти.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОД.

## 1. Организациска поставеност на локалното финансирање

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | да |
| Не | | | | | |

Во Општина Штип постои посебно Одделение за финансирање и буџет, даноци и локален економски развој, кое е задолжено за извршување на сите работи во врска со локалното финансирање.

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | да |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | не | не | не | не | не |

Одделението за финансирање во 2008 година, како и во претходните години, ги извршува сите работи околу локалното финансирање за потребите на Општина Штип.

| 1.4 Дали во секторот/ одделението се вработени стручни лица (економисти, сметководители, ревизори) ? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | да | да | да | да | да |
| Не | | | | | |

Одделението располага со оспособен стручен кадар кој е задолжен за извршување на сите работи околу локалното финансирање и буџетот, даноците и локалниот економски развој. Евидентирањето се врши со помош на современа компјутерска опрема и програми, кои тековно се надградуваат и осовременуваат, со што се зајакнува техничкиот капацитет и се зголемува стручната способност на вработените.

## 2. Данок на промет со недвижности

### 2.1 Број на месечно поднесени даночни пријави за промет со недвижности

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 540 |
| 2005 | 43 | 43 | 43 | 44 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 517 |
| 2006 | 42 | 42 | 42 | 40 | 40 | 42 | 43 | 32 | 57 | 49 | 43 | 43 | 515 |
| 2007 | 42 | 20 | 50 | 39 | 40 | 49 | 49 | 53 | 48 | 41 | 58 | 48 | 537 |
| 2008 | 49 | 55 | 66 | 49 | 51 | 44 | 89 | 105 | 126 | 68 | 48 | 56 | 806 |

Овој показател функционира и Одделението за локално финансирање во текот на 2008 година редовно го евидентира бројот на даночните пријави за данок на промет со недвижности. Податоците покажуваат дека во 2008 година се поднесени 806 даночни пријави, што значи зголемување за 269 во однос на 2007 и за 291 во однос на 2006 година. Просечниот број поднесени пријави за промет со недвижности за 2008 година е околу 67 пријави месечно.







## 2.2. Просечно времетраење на постапката за издавање решение

Општината редовно ги евидентира поднесените барања за издавање решенија за промет со недвижности. Просечното времетраење на постапката за разгледување и решавање по поднесените пријави во 2008 година е 3 дена, односно решенијата се издаваат во законски предвидениот рок.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 2005 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 2006 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 2007 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 |
| 2008 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 2 | 5 |




## 2.3 Број на издадени решенија

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 45 | 540 |
| 2005 | 43 | 43 | 43 | 44 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 43 | 517 |
| 2006 | 42 | 42 | 42 | 40 | 40 | 42 | 43 | 32 | 57 | 49 | 43 | 43 | 515 |
| 2007 | 42 | 20 | 50 | 39 | 40 | 49 | 49 | 53 | 48 | 41 | 58 | 48 | 537 |
| 2008 | 49 | 55 | 66 | 49 | 51 | 44 | 89 | 105 | 126 | 68 | 48 | 56 | 806 |

Овој показател добро функционира. Податоците покажуваат дека општината навреме одлучува и ги издава решенијата. Издадени се онолку решенија колку што се поднесени даночни пријави.







## 2.4. Број на обжалени решенија

Во 2008 година се обжалени 3 решенија за данок на промет со недвижности. Споредено со 2007 година, бројот е ист. Како и во претходните години, и во 2008 година се забележува многу мал број обжалени решенија.

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 |
| 2008 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |

## 2.5 Број на позитивно обжалени решенија

Од 3 обжалени решенија во 2008 година, ниту едно не е позитивно решено од страна на Комисијата.

# 3. Данок на имот

## 3.1 Број на издадени решенија за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 13.687 | 13.708 | 12.852 | 13.007 | 13.078 |

Бројот на издадените решенија за данок на имот во 2008 година е 13.078 и тој покажува мало зголемување во однос на 2007 и 2006 година.



## 3.2 Процент на опфатеност на корисниците за данокот на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 92 | 92 | 93 | 90 | 90 |

Опфатеноста на корисниците за 2008 година изнесува околу 90%, што е висок степен на опфатеност на сите даночни обврзници за данок на имот. Процентот на опфатеност е ист како и во 2007 година, а се забележува мало намалување (за 3%) во споредба со 2006 г.




## 3.3 Просечен износ на данокот на имот по жител и по м² имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечен износ на данокот на имот (во МКД) | | | 4.805.155 | 7.511.962 | 7.020.757 |
| Население | | | 47.796 | 47.796 | 47.796 |
| Вкупно м² имот | | | 949.066 | 949.066 | 949.066 |
| Просечен износ на данокот на имот по глава на жител | | | 100,5 | 157,2 | 146,9 |
| Просечен износ на данокот на имот по м² имот | | | 5,1 | 7,9 | 7,4 |

Во 2008 година пресметаниот данок на имот изнесува околу 7,02 милиони денари и е за 491.000 денари помал во споредба со претходната година. Од податоците за 2008 година се гледа дека просечниот износ на данокот на имот по жител е 146 МКД, а просечниот износ на данокот на имот по м² е 7,4 денари по квадратен метар имот.




## 3.4 Број на извршени ажурирања на решенијата за данок на имот

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ажурирани решенија за данокот на имот | 13.867 | 13.708 | 12.852 | 13.007 | 13.000 |



Показателот функционира и во Одделението за локално финансирање се врши навремено ажурирање на издадените решенија за данок на имот. За 2008 година се ажурирани 13.000 решенија.

### 3.5 Процент на наплата и процент на присилна наплата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 40 | 52 | 67 | 80 | |
| Присилна наплата (во %) | | | | | |




Процентот на наплата и присилна наплата на данокот на имот за 2008 година не може да се утврди, односно ќе се утврди во 2009 година. Процентот на наплата за 2007 година изнесува 80% и во споредба со 2006 година се забележува зголемување за 13%. Во текот на анализираниот период не е забележана присилна наплата на овој данок, што укажува на тоа дека Општина Штип нема преземено конкретни мерки за присилна наплата на овој приход.

## 4 Комунална такса за истакнување на фирма

### 4.1 Број на издадени решенија за комунална такса за истакнување на фирма

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени решенија | 1.004 | 1.040 | 2.816 | 2.560 | 2.955 |




Индикаторот функционира добро и се забележува дека општината води редовна евиденција на издадените решенија за комунална такса за истакнување фирма. Во 2008 година се издадени 2.955 решенија, што претставува зголемување за 395 во споредба со 2007 година, односно за 139 во споредба со 2006 година.

### 4.2 Процент на опфатеност на субјектите за комунална такса за истакнување на фирма

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | | | | 90 | 90 |

За 2008 е добиен податок дека со плаќањето на комуналната такса за истакнување фирма се опфатени околу 90% од сите субјекти, што е мошне висок процент на опфатеност на корисниците.




### 4.3 Број на извршени ажурирања за комунална такса за истакнување на фирма

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на извршени ажурирања | 1.004 | 1.040 | 2.816 | 2.560 | 2.955 |




Податокот функционира и покажува дека Одделението за локално финансирање во 2008 година навремено ги ажурирало сите промени во издадените решенија.

### 4.4 и 4.5 Процент на наплата и процент на присилна наплата на комуналната такса за истакнување на фирма

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наплата (во %) | 98 | 97 | 82 | 65 | |
| Присилна наплата (во %) | | | | | |

Податокот за процентот на наплата за 2008 година ќе се добие во 2009 година, а процентот на наплата во 2007 година изнесува 65% и е за 17% помал во споредба со претходната година. Општина Штип нема преземено присилна наплата на комуналната такса.




## 5. Надомест за уредување на градежното земјиште

### 5.1 Број на барања за изработка на пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 4 | 2 | 3 | 6 | 16 | 2 | 6 | 4 | 1 | 4 | 3 | 6 | 57 |

Во 2008 година Општина Штип почна да ги евидентира приходите од овој надоместок што се прибираат преку посебно основано Јавно комунално претпријатие за уредување

на градежното земјиште. Во 2008 година се поднесени 57 барања за уредување на градежното земјиште, или просечно по 4,7 барања месечно. Бројката на поднесените барања за уредување на градежното земјиште е многу мала, пред сè поради лошата економска моќ на корисниците и високата цена по $m^2$ градежно земјиште. Токму поради тоа, износот на овој приход во општината е многу мал. Бидејќи не се располага со податок за бројот на поднесените барања во претходните години, индикаторот не може да се спореди со претходните години.







## 5.2 Број на издадени пресметки

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 4 | 2 | 3 | 6 | 16 | 2 | 6 | 4 | 1 | 4 | 3 | 6 | 57 |







Бројот на издадени пресметки е ист како и бројот на поднесените барања за изработка на пресметки. Ова укажува на фактот дека пресметките се изработуваат во најкраток временски период по поднесувањето на барањата. И кај овој показател не може да се направи споредба, бидејќи не се располага со податоци за претходните години.

## 5.3 Просечно времетраење на постапката за издавање пресметка

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 |

Просечното времетраење на постапката за издавање на пресметките за надоместокот за уредување на градежното земјиште е 3 дена. Ова укажува на навременото и редовно разгледување на барањата и нивно пресметување во законски предвидениот рок.




## 5. 4 Број на склучени договори

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2008 | 4 | 2 | 3 | 6 | 16 | 2 | 6 | 4 | 1 | 4 | 3 | 6 | 57 |

Овој показател покажува дека бројот на склучените договори за изградба на градежни објекти е ист со бројот на издадените пресметки. Ова укажува на фактот дека договорите се склучуваат веднаш по подготовката и издавањето на пресметките за надоместокот за уредување на градежното земјиште .







# 6. Наменска дотација за училиштата

## 6.1 Износ за наменската и блок-дотација за училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на наменската дотација за училиштата (во МКД) | 0 | 8.542.000 | 18.444.000 | 66.563.497 | 220.373.700 |




Блок-дотацијата за образование за 2008 година изнесува 220.373.700 денари. Овој податок не може да се спореди со претходните години, бидејќи има различни критериуми во исплатите. Така, во 2005 година е добиена наменска дотација за 6 месеци, во 2006 наменска дотација во износ од 18.444.000 денари, а за првите 6 месеци во 2007 година наменска дотација и блок-дотација во вкупен износ од 66.563.497 денари. Износот на блок-дотацијата е многу повисок, бидејќи опфаќа исплата на платите на вработените во образованието, што е многу висока ставка. Бидејќи претходните години платите н а вработените се исплаќани директно од буџетот на Министерството за образование, споредбата на износите нема да даде некоја реална слика.

## 6.2 Износ на реалните расходи на училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование (во МКД) | | 17.084.000 | 36.888.000 | 133.126.994 | 294.000.000 |

Износот на реалните расходи на училиштата, во согласност со Уредбата на Министерството за образование, изнесува 294.000.000 денари. Податокот не може да се спореди со претходните години.




## 6.3 Проценет недостиг на средства за нормално работење на училиштата

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Проценет недостиг на средства за покривање/изведување на надлежноста на општината (во МКД) | | 8.542.000 | 18.444.000 | 66.563.497 | 73.626.300 |




Проценетиот недостиг на средства за финансирање на потребите на образованието изнесува 73.626.300 денари.

## 7. Обврски на општината спрема доставувачите

Општина Штип нема неподмирени обврски спрема доверителите. Сите достасани обврски се подмируваат навреме, во законски предвидениот рок. Состојбата е иста и во претходните години.

# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2008 ГОД.

## 1.Организациска поставеност

| 1.1. Дали во општината има сектор или одделение одговорен(но) за спроведување на надлежностите во образованието? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | да | да |
| Не | | | | | |

Во Општина Штип постои посебно одделение одговорно за спроведување на надлежностите во образованието, и во 2007 и во 2008 година.

| 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | не | не |

Во согласност со предвидената систематизација на работните места, во Општина Штип не е предвидено работно место за овластен просветен инспектор.

| 1.3 Дали секторот или одделението за образование е опремен(о) со компјутерска опрема и/или со софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | да | да |
| Не | | | | | |

Надлежното одделение располага со компјутерска опрема и софтверски пакети за следење на состојбата во училиштата.

# 2. Локално управување со финансиските средства

## 2.1. Износ на финансиски средства распоредени преку наменски дотации

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | 0 | 8.542.000 | 18.444.000 | 66.563.497 | 220.373.700 |




Анализата на овој податок е дадена во делот на локалното финансирање во ставката 6.1.

## 2.2 Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоците

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | | 17.084.000 | 36.888.000 | 35.437.186 | 294.000.000 |

Анализата на овој податок е дадена во делот на локалното финансирање во ставката 6.2.




## 2.3 Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | | | | | 2.000.000 |




За потребите на училиштата во 2008 година се планирани 2.000.000 денари од основниот буџет на општината. За претходните години не се добиени податоци, така што не може да се утврди дали планираниот износ е голем или мал.

## 2.4 Износ на финансиски средства добиени како донации, од проекти и сл.

Општината не располага со точен податок за износот на сите донации на училиштата, зашто голем дел од овие донации одат директно на сметките на училиштата и не можат точно да се определат од страна на општината.

# 3. Висина на цената на образовните услуги

## 3.1 Трошоци по ученик

Трошоците за превоз по ученик во 2007 година изнесуваат 212 денари, а во 2008 година 307 денари. Вкупните трошоци за превоз за 2007 година изнесуваат 1.705.440 денари, а во 2008 година - 2.372.000 денари. Комуналните услуги по ученик за 2007 година изнесуваат 589 денари, а во 2008 година 661 денари. Вкупните трошоци за комунални услуги за 2007 година изнесуваат 4.750.000 денари, а за 2008 година 5.110.000 денари. Трошоците за греење за 2007 година изнесуваат 2.289 денари по ученик, а во 2008 - 2.434 денари по ученик. Вкупните трошоци за греење за 2007 година изнесуваат 18.450.000 денари, а за 2008 година - 18.800.000 денари. Вкупните трошоци по ученик за 2007 година изнесуваат 3.091 денари, а за 2008 година 3.402 денари. Се забележува пораст на вкупните трошоци во 2008 година во споредба со 2007. Притоа, се забележува дека бројот на учениците во 2008 година се намалува, односно во 2008 се евидентирани 7.725 ученици, наспроти 8.058 ученици во 2007. Се забележува и зголемување на сите одделни трошоци по ученик, како и зголемување на вкупните трошоци во 2008 во споредба со 2007 година. Зголемувањето се должи пред сè на повисоките цени на трошоците и на услугите.

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за превоз по ученик | | | | 212 | 307 |
| Комунални услуги по ученик | | | | 589 | 661 |
| Трошоци за греење по ученик | | | | 2.289 | 2.434 |
| Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/број на ученици) | | | | 3.091 | 3.402 |




## 3.2 Трошоци за плати по ученик

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | | | | | |
| Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | | | | | |
| Трошок за плати по вработен | | | | | |

Ваквиот податок не можеше да се добие, бидејќи не се води посебна евиденција за исплатата на платите на наставниот и на ненаставниот кадар. За да се добие податокот потребно е поголемо ангажирање и добивање податоци од сите училишта посебно.

# 4. Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти

## 4.1 Општински регистар за имотот на училиштата

| 4.1 Дали општината води општински регистар за имотот на училиштата? | x | x | x | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | да | да |
| Не | | | | | |

Со преземањето на надлежностите во образованието, Општина Штип во 2007 и 2008 година води посебен општински регистар за имотот на училиштата.

## 4.2 Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината

| Референтна година | x | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | | | | | 20 |

Добиен е податок дека само 20% од училишните објекти се во правосилна сопственост и надлежност на Општина Штип. Бидејќи не се располага со податок за претходните години, не може да се направи анализа за трендот на пренесување на надлежноста.




## 4.3 Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | | | | | 45 |

Просечната старост на училишните објекти е 45 години, што укажува на тоа дека во последните години не се изградени нови училишни објекти.



## 4.4 Соодност на бројот на училишта со фискултурни сали

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на училишта во општинската училишна мрежа | | | | | 8 |
| Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | | | | | 8 |




Тука е добиен податокот дека во општината има 4 основни и 4 средни училишта или 8 училишта кои се под надлежност на општината. Две средни училишта се сè уште под надлежност на државата. Добиен е податок дека има 8 фискултурни сали, што значи дека секое училиште има своја сала. Со ова се покажува дека соодносот е 100%. Сепак, овој податокот не е реален и би требало да се има предвид дека некои основни училишта имаат свои подрачни училишта во руралните средини, кои не располагаат со фискултурни сали. Од добиениот податок не може да се добие реална слика за соодносот на училиштата со фискултурните сали.

## 4.5 Реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | | | | | |
| Процент на средства за помали реконструкции, утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование (во проценти) | | | | | |

Не се располага со ваков податок.

## 4.6 Реализирани инфраструктурни зафати за поголеми реконструкции

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | | | | | 3 |
| Вкупен износ на средствата за поголеми инвестиции во сите училишта, обезбеден од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. (во милиони денари) | | | | | 18 |




Во 2008 година се спроведени 3 инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата, а вкупниот износ е 18.000.000 денари.

# 5. Опфатеност на децата во основното и во средното образование

## 5.1 Процент на етничка застапеност на учениците

| Процент од вкупните ученици (%) | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | 86,2 |
| Албанци | | | | | 0 |
| Турци | | | | | 3,06 |
| Власи | | | | | 4,03 |
| Роми | | | | | 6,55 |
| Друга етничка припадност | | | | | 0,16 |




Во 2008 година во училиштата во Штип учеле: Македонци - 86,19%; Турци - 3,06%; Роми - 6,55%; Власи - 4,03%; Срби - 0,16%. Бидејќи не се располага со податоци за претходните години, не може да се направи споредба.

## 5.2 Процент на деца со посебни потреби

| Референтна година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца со посебни потреби (%) | | | | | 0,4 |

Процентот на деца со посебни потреби во 2008 изнесува 0,4%, или само околу 30 деца. За претходните години е добиен податок дека бројот се движел од 27 до 31 дете.




# 6. Учество на образовниот сектор во креирањето на квалификувана работна сила, во согласност со потребите на локалниот пазар

## 6.1 Иницијативи за дополнување, измена и воведување нови стручни програми во постојните училишта

| 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | да |

Добиена е информација дека Општина Штип покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување нови стручни програми во постојните средни училишта. Но, не се располага со податок за какви иницијативи станува збор.

## 6.2. Иницијативи за отворање нови насоки или профили во постојаните средни училишта

Во Општина Штип се покренати иницијативи за отварање нови насоки во средните училишта во текот на 2008 година. За претходните години не се добиени податоци.

| 6.2 Дали општината иницирала отворање нови насоки или профили во постојните средни стручни училишта? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | | | | | |

## 6.3 Реализирање на воннаставните програми, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби

| 6.3 Дали во основните и во средните училишта во општината се реализираат активности за вон-наставна програма, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | не |

Во основните и во средните училишта се реализираат воннаставни програми, во согласност со локалните воспитно-образовни потреби.

## Заклучок

Од добиените информации и податоци од Одделението за локално финансирање на Општина Штип се гледа дека општината успешно ги презела обврските што произлегуваат од процесот на децентрализација. Општината ги зајакнува своите технички, организациски и стручни капацитети, преку опремување и употреба на современи техники и технологии во работата. Општината ги прибира сите приходи што ѝ припаѓаат според Законот за финансирање на општините. Ова се гледа во настојувањето навремено да се пресметаат сите даноци, надоместоци и такси. Воедно, се зголемува и ефикасноста во работењето на комисиите и другите органи кои се во состав на Одделението за локално финансирање. Од 2008 година општината ги има преземено и надлежностите за прибирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште и истиот се евидентира како посебна ставка во буџетот на општината. Локалното комунално претпријатие и натаму ги извршува сите активности околу прибирањето и донесувањето на решенијата, но приходот се евидентира на Општина Штип.

Но, покрај овие добри страни, неопходно е да се работи на зголемување на напорите за присилна наплата на некои даноци, такси и надоместоци. Од половината на 2007 година, Општината целосно ги има преземено надлежностите во образованието. Оваа надлежност успешно се извршува, иако и натаму се забележува константен недостиг од средства за покривање на трошоците.

Во делот на образованието треба да се зголеми евиденцијата на сите приходи и трошоци, како и евиденција на бројот на учениците, наставниот и ненаставниот кадар. Поради тоа, не беше можно да се добијат определени податоци за трошоците по ученик. Имајќи предвид дека во одделот за образование работи само едно лице, потребно е зголемување на бројот на вработените, како и обука на лицата за прибирање статистички податоци.

# Шуто Оризари

ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ПОКАЗАТЕЛИТЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ ЗА 2008 ГОД.

## Урб.1 Организациска поставеност:

| 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | | | | | |

| 1.2 Дали секторот или одделението се само за вашата општина? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | | | | | |

| 1.3 Дали секторот или одделението е заеднички(о) за две или повеќе општини? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | не |

| 1.4 Дали во секторот или одделението се вработени стручни лица (дипл. инженери архитекти или дипл. градежни инженери? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | | | | | |

| 1.5 Дали секторот или одделението е опремен(о) со компјутерска опрема? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | да |
| Не | | | | | |

| 1.6 Дали во секторот или одделението се користат софтверски пакети за издавање одобренија за градење? | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | | | |
| Не | | | | | не |

Одделението за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи почна да работи во септември 2005 година. Дотогаш граѓаните од Општина Шуто Оризари за потребите во врска со урбанистичкото планирање ги опслужуваше Општина Чаир.

Секторот за урбанизам располага со 4 компјутери, додека Одделението има само еден компјутер.

Софтверскиот пакет е добиен во декември 2006 година, но сè уште не е инсталиран. Истиот не ќе може да се користи сè додека постојните планови не се скенираат и не се сразмерат за да можат да бидат употребливи. Таквата активност не е започната. Во меѓувреме, вработените посетуваат обука за користење на пакетот.

Иако е нова, Службата за урбанизам во Општина Шуто Оризари е формирана и функционира во согласност со новите надлежности. Посебна тешкотија во работењето се јавува поради структурата на населението во Општината, кое е со низок степен на образование и нема многу познавања во областа на урбанизмот. Голем дел од работењето на службата се сведува на запознавање на странките со задолжителните процедури за добивање на потребната документација.

За да се согледа работата на Секторот за урбанизам, започнавме со проучување на урбанистичката документација, одобренијата за градба и другите документи за чие издавање е надлежен Секторот.

Според член 28 став 1 алинеја3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл. весник на РМ* бр. 51 од 30.6.2005), планирањето на просторот се врши за период од најмалку пет години (за детален урбанистички план).

Измените и дополнувањата на плановите и на делови од плановите се врши според истата постапка пропишана за нивното донесување.

Од анализата на листата на деталните урбанистички планови по кои се издаваат локациски услови може да се заклучи дека единствените валидни плански документи се делот од ДУП за МЗ Шуто Оризари и ДУП за делови од централното подрачје - Б1, Б2, Б3, Б4, Б5, Б6 и Б7 . Другите ДУП се со невалиден рок на планирање и се изработени по старите закони, со што жителите од општината се доведени во нерамноправна положба при третирањето на нивниот имот и на јавните површини.

Општите акти веќе не постојат и за нив општините мора да изработат урбанистички план за село.

Се доведува во прашање валидноста на издадените градежни дозволи врз основа на детални урбанистички планови кои според законската регулатива се невалидни.

Откако ја следиме децентрализацијата се слуша за потребата од нови ДУП-ови, а Општината е должна да обезбеди ажурирани геодетски подлоги за нивно изготвување. Но, Општината не е финансиски способна да го направи тоа и не успева да ги реализира ниту плановите финансирани од Владата на РМ.

# Урб. 2 Извод од урбанистички план :

## 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 14 | 25 | 16 | 27 | 22 | 15 | 17 | 12 | 34 | 17 | 16 | 32 | 247 |
| 2007 | 18 | 30 | 18 | 18 | 13 | 21 | 11 | 22 | 13 | 23 | 29 | 10 | 220 |
| 2008 | 60 | 111 | 39 | 57 | 29 | 29 | 23 | 20 | 40 | 68 | 64 | 42 | 582 |







Во 2006 се поднесени 247, во 2007 - 220, додека во 2008 - 582 барања за извод од урбанистичкиот план.

Од добиените податоците и од разговорот со надлежните во Општината може да се заклучи дека зголемениот број изводи се должи на заинтересираноста на населението за откуп на земјиштето.

## 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план

Бројот на издадените изводи од урбанистичкиот план е еднаков на бројот на поднесените барања.

## 2.3 Период за издавање извод од план

Сите изводи од урбанистичкиот план се издадени во предвидениот рок од 5 дена.

# Урб. 3 Решение за локациски услови:

## 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 7 | 2 | 1 | 7 | 1 | 2 | 1 | 31 |
| 2007 | 0 | 0 | 5 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 0 | 5 | 3 | 0 | 22 |
| 2008 | 0 | 2 | 0 | 2 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 15 |




Во 2006 се поднесени 31 барање за решение за локациски услови, во 2007 – 22, а во 2008 – 15 барања, што покажува дека само 12% од поднесувачите на барања за извод од урбанистичкиот план ја продолжиле процедурата во 2006. Во 2007 тој процент изнесува 10%, додека во 2008 само 3%. Од показателите може да се заклучи дека процентот на жителите што го откупиле земјиштето е многу мал, а од ова произлегува и малиот процент заинтересирани за продолжување на процедурата до добивање одобрение за градба.




## 3.2 Број на позитивно решени барања /издадени решенија за локациски услови

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 0 | 2 | 2 | 3 | 2 | 7 | 2 | 1 | 7 | 1 | 1 | 1 | 29 |
| 2007 | 0 | 0 | 5 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 | 5 | 3 | 0 | 20 |
| 2008 | 0 | 2 | 0 | 2 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 15 |







Во 2006 се издадени 29, во 2007 - 20, а во 2008 – 15 решенија за локациски услови, што покажува дека во 2006 година 93% од лицата кои поднеле барања ја продолжиле процедурата, во 2007 - 90%, а во 2008 година - 100%.

## 3.3 Број на одбиени барања /неиздадени решенија за локациски услови/

Не се регистрирани одбиени барања (неиздадени решенија) за локациски услови.

## 3.4 Време за издавање решение за локациски услови

Сите решенија за локациски услови се издадени во рок од 5 дена (законски рок), откако е доставена потребната документација од страна на сопственикот.

# Урб. 4 Одобрение за градење:

## 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 3 | 3 | 1 | 4 | 4 | 1 | 2 | 22 |
| 2007 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 | 0 | 1 | 5 | 0 | 18 |
| 2008 | 1 | 4 | 1 | 3 | 8 | 5 | 4 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 30 |




Во 2006 се поднесени 22 барања за одобрение за градење, во 2007 - 18, а во 2008 - 30, што покажува дека во 2006 година 76% од позитивно решените барања (издадени решенија) за локациски услови ја продолжиле процедурата, во 2007 - 90%, а во 2008 дури 200% (овде се вклучени и предметите кои ја комплетирање документацијата од претходната година и ја продолжиле процедурата).




## 4.2 Број на позитивно решени барања /издадени одобренија за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 0 | 13 |
| 2007 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 16 |
| 2008 | 1 | 4 | 1 | 3 | 8 | 5 | 4 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 30 |






Во 2006 се издадени 13 решенија за одобрение за градење, во 2007 - 16, а во 2008 – 30, што покажува дека во 2006 75% од лицата кои поднеле барање за одобрение за градење ја продолжиле процедурата. Тој процент во 2007 изнесува 88%, а во 2008 - 100%.

## 4.3 Број на одбиени барања /неиздадени одобренија за градење

Нема одбиени барања или неиздадени одобренија за градење.

## 4.4 Време за издавање одобрение за градење

Одобрението се издава во предвидениот рок (7 дена), откако ќе се комплетира целата потребна документација.

# Урб. 5 Одобрение за употреба:

## 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| 2007 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 6 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 17 |
| 2008 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 9 |







Во 2006 се поднесени 2 барања за одобрение за употреба, во 2007 - 17, а во 2008 - 9.

## 5.2 Број на издадени одобренија за употреба

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| 2007 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 2008 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 9 |







Во 2006 се издадени 2, во 2007 – 5, додека во 2008 – 9 одобренија за употреба.

## 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба:

Нема одбиени барања за одобрение за употреба.

# Урб. 6 Инспекција – урбанистичка:

## 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови

Општината доби своја инспекциска служба во 2008 година. Дотогаш ги користеше услугите на Државниот инспекторат, од каде што во периодот додека ја следиме децентрализацијата не е поништено ниту едно решение за локациски услови.

## 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | | | | | | | | | | | | | 3 |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | |
| 2008 | | | | | | | | | | 40 | 20 | 10 | 70 |






Во 2006 се утврдени 3 отстапувања од издадените одобренија за градење, а во 2008 - 70 отстапувања од издаденото одобрение за градење.

## 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградени објекти

| год. | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | | | | | | | | | | | | | |
| 2005 | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | | | | 0 | | | | | | | | | |
| 2007 | | | | | | | | | | | | | |
| 2008 | | | | | | | | | | 40 | 20 | 10 | 70 |

Во 2008 се донесени 70 решенија за уривање на бесправно изградени објекти. Ниту еден не е урнат бидејќи Општината нема средства за да го реализира уривањето на сопствен трошок, а потоа да ги наплати средствата од инвеститорите.






## Заклучоци за процесот на децентрализација

Од досегашното набљудување се наметнува заклучокот дека жителите на Општина Шуто Оризари се заинтересирани за откуп на земјиштето, но многу мал процент го откупиле истото и ја продолжиле процедурата до добивањето одобрение за градење.

| Фазни процедури до одобрение за градење | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| 2.1 Број на поднесени барања за извод од урбанистичкиот план | 247 | 220 | 582 |
| 2.2 Број на издадени изводи од урбанистичкиот план | 247 | 220 | 582 |
| 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 31 | 22 | 15 |
| 3.2 Број на позитивно решени барања / издадени решенија за локациски услови/ | 29 | 20 | 15 |
| 3.3 Број на одбиени барања /неиздадени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 |
| 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | 22 | 18 | 30 |
| 4.2 Број на позитивно решени барања / издадени одобренија за градење | 13 | 16 | 30 |
| 4.3 Број на одбиени барања /неиздадени одобренија за градење | 0 | 0 | 0 |
| 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 2 | 17 | 9 |
| 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | 2 | 5 | 9 |
| 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | | | 70 |
| 6.3 Број на донесени решенија за уривање на бесправно изградените објекти | | | 70 |

Од горенаведената табела може да се заклучи дека само 5% (2006), 7% (2007) и 2% (2008) од лицата кои поднеле барање за извод од урбанистичкиот план ја продолжиле процедурата и добиле позитивно решение (одобрение за градење).

Се дојде до заклучокот дека причини за ваквата состојба се:

- високата цената за откуп на земјиштето;
- несоодветниот ДУП, кој не ги задоволува современите потреби на населението, па тоа - не можејќи да чека негова измена - не го почитува и своеволно почнува да гради онака како што му одговара (откако се оформи градежната инспекциска служба се регистрираа 70 бесправно изградени објекти);
- превисоките цени за комуналии, и
- долгата административна процедура што е зацртана во Законот за градба.

## Препораки

1. Да се изготви документациона основа во границите на важечките ДУП, со што ќе се дојде до сознание колку е реализирано од важечкиот ДУП.
2. Преку Секторот за урбанизам да се утврди легалноста на реализираните градби.
3. Да се разговара со сопствениците на бесправно изградените објекти и да се утврдат причините за инвестирање во објекти што можат во секој момент да бидат урнати од страна на градежната инспекција.
4. Откога ќе се утврдат причините, треба да се преземат активности за нивно решавање од страна на Општината. Уплатата од комуналиите е главен извор за финансирање на инфраструктурата, јавните површини и јавните објекти во Општината, па оттаму не може да се дозволи стихиско градење и приклучување на нелегалните градби на инфраструктурата, со што се оптоварува инфраструктурниот систем и се нарушува стандардот на живеење на жителите кои регуларно ги платиле своите комуналии.
5. Општината е должна да обезбеди подеднакви услови за живот на сите граѓани и да ги заштити од самоволна градежна активност.
6. Да се добие финансиска помош од Владата на РМ за изготвување нови ДУП, бидејќи Општината не е во состојба сама да ги финансира. На тој начин ќе се помогне во реализацијата на ДУП, со што ќе се обезбеди приход од комуналии, а на тој начин и финансирање на инфраструктурата.

# Компаративна презентација на податоците за општините

Следните табели даваат резиме на вредностите на показателите во полето на урбанистичко планирање, локални финансии и образование за сите 12 општини за 2008 година, со што се овозможува споредба и презентација на агрегираната слика за работењето на општините во соодветните области. Овие податоци може да бидат корисни на многу начини за државата (релевантните министерства) и за локалната самоуправа, и може да функционираат како алатка за поддршка на политиките за унапредување на процесот на децентрализација, со подобрување на квалитетот на обезбедувањето на услугите за граѓаните.

| УРБ - Спроведување на урбанистички планови (издавање на одобренија за градење) 2008 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател на работењето** | **Битола** | **Гевгелија** | **Дебар** | **Кавадарци** | **Куманово** | **Шуто Оризари** | **Осломеј** | **Охрид** | **Тетово** | **Боговиње** | **Штип** | **Карбинци** |
| УРБ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор/одделение за урбанистичко планирање, заштита на животната средина и комунални работи? | да | да | да | да | да | да | да | да | да | да | да | не |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина. | да | да | да | не | да | да | да | не | да | да | да | не |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќе општини. | не | не | не | да | не | не | не | да | не | не | не | да |
| | 1.4 Дали има стручни лица (архитекти или градежни инженери) вработени во секторот/одделението? | да | да | да | да | да | да | не | да | да | да | да | да |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | да | да | да | да | да | да | да | да | да | да | да | да |
| | 1.6 Дали во секторот/одделението се користат софтверски пакети за издавање на одобрение за градење? | да | не | да | да | не | не | не | да | да | да | да | да |
| УРБ 2. Извадок од урбанистички план | 2.1 Број на поднесени барања за извадок од урбанистички план | 2301 | 1071 | 275 | 678 | 2604 | 582 | 15 | 2280 | 1311 | 173 | 2439 | 118 |
| | 2.2 Број на издадени изводи од урбанистички план | 2270 | 1026 | 275 | 679 | 2496 | 582 | 15 | 1983 | 1310 | 173 | 2439 | 118 |
| | 2.3. Период на издавање на извод од урбанистички план 2.3.1 во законски рок (5 дена) | 3-5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 2-4 дена | 5 дена | не постои евиденција | 3 дена | 5 дена | 1-2 дена |
| | 2.3.2 вон законски рок | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | / | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 3. Решение за локациски услови | 3.1 Број на поднесени барања за решение за локациски услови | 269 | 97 | 37 | 39 | 167 | 15 | 13 | 277 | 337 | 106 | 84 | 10 |
| | 3.2 Број на позитивно решени барања/издадени решенија за локациски услови | 258 | 86 | 37 | 37 | 171 | 15 | 13 | 95 | 333 | 106 | 68 | 10 |
| | 3.3 Број на одбиени барања/неиздадени решенија за локациски услови | 3 | 11 | 0 | 0 | не постои евиденција | 0 | 0 | 182 | 5 | 0 | 18 | 0 |
| | 3.4 Време на издавање на решение за локациски услови во законски рок | 5 дена | 7 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | 5 дена | не постои евиденција | 3 дена | 5 дена | 5 дена |
| УРБ4. Одобрение за градење | 4.1 Број на поднесени барања за одобрение за градење | 222 | 115 | 28 | 46 | 174 | 30 | 12 | 232 | 305 | 129 | 79 | 6 |
| | 4.2 Број на позитивно решени барања/издадени одобренија за градење | 221 | 77 | 28 | 45 | 186 | 30 | 12 | 120 | 311 | 122 | 65 | 9 |
| | 4.3 Број на одбиени барања/неиздадени одобренија за градење | 7 | 16 | 0 | 0 | не постои евиденција | 0 | 0 | 112 | 10 | 9 | 14 | 0 |
| | 4.4 Време на издавање на одобрение за градење 4.4.1 во законски рок (7 дена ) | 5 дена | 7 дена | 5 дена | 7 дена | 7 дена | 7 дена | 5 дена | 7 дена | не постои евиденција | 3 дена | 7 дена | 3 дена |
| | 4.4.2 вон законски рок | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | / | 0 | 0 | 0 |
| УРБ 5. Одобрение за употреба | 5.1 Број на поднесени барања за одобрение за употреба | 84 | 36 | 30 | 15 | 28 | 9 | 2 | 98 | 62 | 5 | 21 | 0 |
| | 5.2 Број на издадени одобренија за употреба | 81 | 34 | 30 | 14 | 29 | 9 | 2 | 72 | 60 | 5 | 19 | 0 |
| | 5.3 Број на одбиени барања за одобрение за употреба | 3 | 2 | 0 | 0 | не постои евиденција | 0 | 0 | 26 | 3 | 0 | 2 | 0 |
| УРБ 6. Инспекција / урбанистичка и градежна/ | 6.1 Број на поништени решенија за локациски услови | 0 | 0 | 0 | 0 | не постои евиденција | 0 | 0 | 0 | не постои евиденција | 0 | 0 | 0 |
| | 6.2 Број на утврдени отстапувања од издаденото одобрение за градење | 7 | 21 | 1 | 0 | не постои евиденција | 70 | 0 | не постои евиденција | не постои евиденција | не постои евиденција | 68 | 0 |
| | 6.3 Број на донесени одлуки за уривање на бесправно изградени објекти | 61 | 13 | 26 | 48 | овој податок е недостапен | 70 | 0 | не постои евиденција | не постои евиденција | 64 | 50 | 0 |

Локално финансирање 2008 година

| Шифра | Показател на работењето | Битола | Гевгелија | Дебар | Кавадарци | Куманово | Шуто Оризари | Осломеј | Охрид | Тетово | Боговиње | Штип | Карбинци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЛФ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има сектор или одделение за локално финансирање? | да | да | да | да | да | | | да | да | да | да | не |
| | 1.2 Дали секторот/одделението е само за вашата општина. | да | да | да | да | да | | | да | да | да | да | не |
| | 1.3 Дали секторот/одделението е заедничко за 2 или повеќе општини. | да | не | не | не | не | | | не | не | не | не | не |
| | 1.4 Дали во секторот/одделението се вработени стручни лица (економисти/сметководители/ревизори)? | да | да | да | да | да | | | да | да | да | да | не |
| | 1.5 Дали секторот/одделението е опремено со компјутерска опрема? | да | да | да | да | да | | | да | да | да | да | не |
| ЛФ 2. Данок на промет на недвижнини | 2.1 Број на даночни пријави | 1398 | 351 | 151 | 686 | 1329 | | | 1638 | 1305 | 211 | 806 | 193 |
| | 2.2 Просечно време за потребно за издавање на решение (во законски рок од 30 дена) | 7-10 дена | 6-10 дена | 15 дена | 15 дена | 15 дена | | | 30 дена | 5 дена | 8 | 3-5 дена | 1 ден |
| | 2.3 Број на издадени решенија | 1377 | 351 | 166 | 686 | 1399 | | | 1340 | 1250 | 211 | 806 | 193 |
| | 2.4 Број на обжалени решенија | 31 | 7 | 0 | 25 | 33 | | | 10 | 11 | 0 | 3 | 0 |
| | 2.5 Број на позитивно решени обжалени решенија | 19 | нема податок | 0 | 25 | 3 | | | жалбите се во процедура | 10 | / | 0 | 0 |
| ЛФ 3. Данок на имот | 3.1 Број на издадени решенија | 34168 | 5794 | 3169 | 9776 | 23955 | | | 20778 | 24600 | 3118 | 13078 | 1736 |
| | 3.2 Опфатеност на сите корисници (во проценти) | 95% | 90% | 18% | 90% | 85% | | | 20% | 94% | 70% | 90% | 100% |
| | 3.3 Просечен износ на данок на имот по глава на жител или по m2 имот | 598.452 | 4 | 86 | 800 | 696.5 | | | нема податок | 214.1 | 88,41 или 7,31 по м2 | 146.9 | 80.5 |
| | 3.4 Број на ажурирани решенија за данок на имот | 80 | 500 | 3169 | 9116 | 23955 | | | 849 | 25100 | нема податок | 13000 | 23 |
| | 3.5 Наплата (во проценти) | 86% | 75% | 80% | 29% | 66% | | | нема податок | 50% | нема податок | ќе се утврди на почетокот од 2009 | 20% |
| | 3.6 Присилна наплата (во проценти) | не постои евиденција | не постои евиденција | не постои евиденција | 0 | 0 | | | 0 | 0 | 0 | | не постои евиденција |
| ЛФ 4. Комунална такса за истакнување на фирма | 4.1 Број на издадени решенија | 5227 | 1636 | 410 | 2419 | 3949 | | | 3871 | 4150 | 536 | 2955 | 81 |
| | 4.2 Опфатеност на сите субјекти (во проценти) | 90% | 100% | 80% | 90% | 85% | | | 83.50% | 93% | 100% | 90% | 100% |
| | 4.3 Број на ажурирани решенија | 5205 | 87 | 410 | 2419 | 3061 | | | 89 | 4150 | / | 2955 | 3 |
| | 4.4 Наплата (во проценти) | 72% | 51% | 70% | 70% | 49% | | | 25.50% | 55% | 38% | исто 2009 | 40% |
| | 4.5 Присилна наплата (во проценти) | 54% | нема податок | 15% | 0 | 138% | | | 0 | 0 | 0 | | 0 |
| ЛФ 5. Надомест за уредување на градежно земјиште | 5.1 Број на поднесени барања за пресметка | 219 | 271 | 41 | 43 | 143 | | | 218 | 245 | 110 | 57 | 4 |
| | 5.2 Број на издадени пресметки | 219 | 260 | 41 | 43 | 142? | | | 218 | 245 | 110 | 57 | 4 |
| | 5.3 Просечно време за издавање на пресметка | 2-3 дена | 3-5 дена | 5 дена | 3-5 дена | 2 дена | | | 10 дена | 1 ден | 10 | 2-3 дена | 15 дена |
| | 5.4 Број на склучени договори | 221 | 245 | 46 | 37 | 112? | | | 218 | 245 | 110 | 57 | 4 |

| Локално финансирање 2008 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател на работењето** | **Битола** | **Гевгелија** | **Дебар** | **Кавадарци** | **Куманово** | **Шуто Оризари** | **Осломеј** | **Охрид** | **Тетово** | **Боговиње** | **Штип** | **Карбинци** |
| ЛФ 6. Наменска дотација за образование | 6.1 Износ на наменска дотација за училишта | 427,016,200 | нема податок | 119.726.609 | 22,914,374 | 559,564,400 | | | 22,037,764 | 48.598.720 | 108,467,200 | 220.373.700 | 27,149,600 |
| | 6.2 Износ на реалните расходи на училиштата во согласност со Уредбата на Министерството за образование (кои трошоци се опфатени со наменската дотација) | 450,942,411 | нема податок | 3,000,000 | 23,450,080 | 783,390,160 | | | 20,676,896 | 64.000.000 | 109,967,200 | 294.000.000 | 27,849,600 |
| | 6.3 Проценет недостиг на средства за покривање/изведување на општинската надлежност | 23 926 211 | нема податок | 400,000 | 535,706 | 223,795,760 | | | | 15.401.280 | 1,500,000 | 73.626.300 | 700,000 |
| ЛФ 7. Обврски на општината кон добавувачи | 7.1 Износ на вкупните обврски | 15 806 000 | нема податок | 19800? | 6,995,480 | нема податок | | | 343173000 | 85,610 | нема податок | нема податок | нема податок |
| | 7.2 старосна структура на обврските | сите се од тековната 2008 | нема податок | 197000 за 2008 | нема податок | нема податок | | | | нема податок | нема податок | нема податок | нема податок |
| | 7.3 Процент на учество на обврските во годишниот буџет на општината (во проценти) | 5.73% | нема податок | 80% | 4.10% | нема податок | | | 61.39% | 20% | нема податок | нема податок | нема податок |

| ЕДУ - Образование 2008 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател на работењето** | **Битола** | **Гевгелија** | **Дебар** | **Кавадарци** | **Куманово** | **Шуто Оризари** | **Осломеј** | **Охрид** | **Тетово** | **Боговиње** | **Штип** | **Карбинци** |
| ЕДУ 1. Организациска поставеност | 1.1 Дали во општината има одделение или сектор одговорен за спроведување на надлежностите во образованието? | да | да | да | да | да | | | да | да | не | да | не |
| | 1.2 Дали систематизацијата на работните места предвидува место за овластен просветен инспектор? | да | да | не | да | да | | | да | да | да | не | не |
| | 1.3 Дали одделението или секторот за образование се опремени со компјутерска опрема и/или софтверски пакети за следење на состојбите во училиштата: инфраструктурни, кадровски, успехот на учениците и сл.? | не | да | не | да | да | | | да | да | да | да | не |
| ЕДУ 2. Локално управување со финансиските средства во образованието | 2.1 Износ на финансиски средства распределени преку наменски дотации (во МКД) | 427.016.200 | 96,703,800 | 119.226.600 | 28,000,000 | 559,564,400 | | | 31,269,844 | 572,013,401 | 108,904,449 | 220,373,700 | 27,149,600 |
| | 2.2 Износ на финансиски средства за покривање на реалните трошоци (во МКД) | 455.000.000 | 100.000.000 | 220.000.000 | 170,000,000 | 783,390,160 | | | 31,261,727 | 659,712,159 | 49,356,320 | 294,000,000 | 27,849,600 |
| | 2.3 Износ на финансиски средства распределени од општинскиот буџет за да се надополни наменската дотација (во МКД) | нема податок | 0 | 0 | нема податок | 4,200,000 | | | 23,980,972 | 1,845,000 | нема податок | 2,000,000 | 0 |
| | 2.4. Износ на финансиски средства добиени како донации, проекти и сл. (во МКД) | нема податок | 0 | нема податок | 28,000,000 | 5,214,625 | | | 0 | 0 | 0 | нема податок | нема податок |
| ЕДУ 3. Висината на цената на образовните услуги | 3.1.Вкупни трошоци по ученик<br>3.1.1 Трошоци за превоз по ученик | 1035 | 10.5 | 300 | нема податок | 8980 | | | 8.4 | 21.26 | нема податок | 307 | нема податок |
| | 3.1.2 Комунални услуги по ученик | 1635 | 3087 | 180 | нема податок | 1776 | | | 5,945 | 596.33 | 182.102 | 607 | нема податок |
| | 3.1.3 Трошоци за греење по ученик | нема податок | 2192 | 2200 | нема податок | 789 | | | 23,962.80 | 1369.19 | 2,261,960 | 2434 | |
| | 3.1.4 Вкупни трошоци по ученик (вкупно трошоци/број на ученици) | 2670 | 5546 | 14400 | нема податок | 11545 | | | 29,916 | 1986.78 | 3676 | 3402 | 3512 |
| | 3.2 Плати по вработено лице во училиштата<br>3.2.1. Трошок за плати за наставниот кадар по ученик | нема податок | нема податок | 71300 | нема податок | 23308 | | | 17,616 | нема податок | 53,270,852 | нема податок | 20024 |
| | 3.2.2. Трошок за плати за ненаставниот кадар по ученик | нема податок | нема податок | 10800 | нема податок | 7769 | | | 3,493 | нема податок | нема податок | нема податок | 5195 |
| | 3.2.3 Трошок за плати по вработен | нема податок | 22.725 | 313000 | нема податок | 31078 | | | 21,109 | 498245375 | нема податок | нема податок | 25219 |

| ЕДУ - Образование 2008 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Шифра** | **Показател на работењето** | **Битола** | **Гевгелија** | **Дебар** | **Кавадарци** | **Куманово** | **Шуто Оризари** | **Осломеј** | **Охрид** | **Тетово** | **Боговиње** | **Штип** | **Карбинци** |
| ЕДУ 4. Имотно-правен статус и физичка состојба на училишните објекти | 4.1 Дали општината води општински регистер за имотот на училиштата? | да | не | да | не | да | | | да | да | да | да | не |
| | 4.2 Процент на пренесена правосилна сопственост на училишните објекти во надлежност на општината (во проценти) | 0.9 | 1 | 100 | нема податок | 30% | | | 100% | нема податок | нема податок | 20% | 100% |
| | 4.3 Просечна старост на училишните објекти од општинската училишна мрежа | 30 | 30 | 40 | 25 | 35 | | | 38 | 27 | нема податок | 45 | 40 |
| | 4.4.1. Соодноос на бројот на училишта во општинската училишна мрежа во проценти (%) | нема податок | 0.8% | 100 | 18 | 58% | | | 40.90% | 0.18 | нема податок | 8% | 22% |
| | 4.4.2. Број на фискултурни сали во сопственост на училиштата | 10 | 4 | 4 | 6 | 10 | | | 9 | 2 | нема податок | 8 | 2 |
| | 4.5.1. Број на реализирани инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата | нема податок | 12 | 5 | 5 | 5 | | | 40 | 13 | нема податок | нема податок | 1 |
| | 4.5.2 Процент на средствата за помали реконструкции утврден во финансиските планови под ставката за одржување на училиштата во однос на вкупниот буџет за образование во проценти (%) | нема податок | нема податок | 8% | нема податок | 3.80% | | | 18.62% | 3.49% | нема податок | нема податок | нема податок |
| | 4.6.1 Број на спроведени инфраструктурни зафати за поголеми градежни инвестиции во училиштата | нема податок | нема податок | 0 | 3 | 7 | | | 11 | 3 | нема податок | 3 | 3 |
| | 4.6.2 Вкупен износ на средствата за поголеми инвестиции во сите училишта обезбедени од општинскиот буџет, централниот буџет, донации, проекти и сл. | нема податок | нема податок | 0 | нема податок | 25,9? | | | 32,004,662 | 23,033,782 | нема податок | 18,000,000 | 4,960,000 |
| ЕДУ 5. Учество на образовниот сектор во креирањето на квалификувана работна сила во склад со локалните потреби на пазарот на трудот | 6.1. Дали општината покренала иницијативи за дополнување, измени и воведување на нови стручни програми во постојните средни училишта? | да | не | да | да | да | | | да | не | нема податок | да | нема податок |
| | 6.2 Дали општината инцирала отворање на нова насока или профил во постојните средни стручни училишта? | да | не | да | да | да | | | да | да | нема податок | да | нема податок |
| | 6.3 Дали во основните и средните училишта во општината се реализираат активности за вон-наставна програма во склад со локалните воспитно-образовни потреби? | да | не | да | да | да | | | да | да | да | не | да |

# Заклучни согледувања од мониторингот на спроведувањето на процесот на децентрализација во областа на локалното финансирање

**1.** Утврдените индикатори преку кои се мереше напредокот на општините во спроведувањето на надлежностите во областа на локалното финансирање и ефектите од него во функционирањето на локалната самоуправа, се соодветни на поставената цел во рамките на проектот.

Анализата на резултатите од остварениот мониторинг во општините зборува во целина за евидентниот напредок во фискалната децентрализација, иако паралелното следење на индикаторите во другите области од локална надлежност и нивната меѓусебна поврзаност укажува на определени проблеми.

Индикаторите кои беа набљудувани заради проценка на капацитетите на општините во областа на финансиите, паралелно со сознанијата за состојбите во другите области (образование, урбанизам), укажуваат на фактот дека сѐ уште е присутна несразмерност во финансиските средства со коишто располагаат општините и во надлежностите што им се пренесени во процесот на децентрализација.

Може да се оцени дека општините сѐ уште немаат доволно средства во сите сегменти од работењето, ниту пак можат да ја финансираат примената на современите методи во работењето или соодветно кадровски да ја екипираат целокупната администрација, во насока на остварување на правата и интересите на граѓаните и на другите субјекти.

**2.** Направената анализа од мониторингот го потврди организациското подобрување на општините во сферата на прибирањето на даноците, придонесите и комуналните такси, надлежности што им беа пренесени од централната власт, како и значителното подобрување на опфатот на обврзниците по сите основи.

Подобрувањето во оваа област, како што може да се заклучи, не може само по себе да придонесе (по автоматизам) за поефикасно извршување на надлежностите на општините во целина, особено затоа што не ја обезбедува соодветната финансиска поддршка во таа насока.

Мониторингот го потврди фактот дека во дел од општините сè уште е карактеристично непостоењето на соодветни евиденции за обврзниците (даноци на имот, комунални такси и обврски по други основи) за да се обезбеди поголемо процентуално зафаќање на приходите. Исто така, не се разработени ниту се применуваат механизмите за присилна наплата од обврзниците кои не ги исполнуваат своите законски обврски, ниту пак целосно се евидентирани граѓаните и правните лица.

Преку конкретните индикатори се потврди дека дел од обврзниците не се евидентирани, дека нема реална проценка на пазарната вредност на недвижностите, дека не е воспоставен механизам за автоматско трансферирање на податоците во востановените бази на општинската администрација при пренос на сопственоста на недвижностите и за утврдената вредност на имотот.

Можна е резерва кај заклучоците единствено доколку се тргне од претпоставката дека следењето на индикаторите во одделни случаи е во судир со одделни интереси на раководството во општината или администрацијата или пак ако е резултат на нарушена транспарентност во работењето.

**3.** Применетите индикатори, без резерва, овозможуваат извлечените заклучоци да се исползуваат во насока на покренување на некои законодавни иницијативи со цел да се поедностават процедурите во вршењето на надлежностите.

Во оваа насока, потребна е измена во Законот за даноците на имот, со која би се овозможило да се надмине непотребното администрирање во општините, со тоа што решенијата за данокот на имот не би се донесувале и доставувале до обврзниците секоја година, туку само доколку настанале промени во сопственоста и во вредноста на недвижноста.

Исто така, финансиската немоќ присутна и евидентирана во сите општини, укажува на фактот дека нивните изворни приходи не се доволни за да го обезбедат навременото и ефикасно извршување на надлежностите. Оттаму, треба да се покренат иницијативи за редефинирање на системот на финансирање на општините, со цел да се воведат и други извори на приходи или пак да се обезбеди зафаќање од приходите на централниот буџет. Во спротивно, финансирањето на другите надлежности (кои беа следени во рамките на проектот или се надвор од него) не обезбедува унапредување во вршењето на работите, ниту пак ја остварува основната цел на децентрализацијата - поефикасно вршење на надлежностите во интерес на граѓаните и правните лица.

**4.** Поаѓајќи од резимираните оценки за мониторингот на општините и нивните надлежности во областа на локалното финансирање, како и од согледувањата за нивното влијание во вршењето на другите функции на општината, може да се истакне оценката дека проектот ги остварува поставените цели и обезбедува во општините каде што се спроведува мониторингот:

- да се направи пресек на функционирањето во определена област во нивна надлежност (надлежност, организација на работата, резултати);
- да се даде оценка за успешноста во спроведувањето на децентрализираната надлежност;
- да се даде пример за себеоценување на општините во наредниот период;
- да се извлечат заклучоци за подрачјата и правците во кои треба да се унапредува нивното работење;
- да се лоцираат проблемите во легислативата и во практикувањето на надлежностите, и
- да се иницираат соодветни промени на различни нивоа на власта, заради подобрување на работењето.

# Заклучоци и препораки од извршениот мониторинг на процесот на децентрализација во областа на урбаното планирање

Согласно Законот за локалната самоуправа, надлежноста за урбаното и руралното планирање е пренесена на локално ниво.

Донесувањето на урбанистичките планови беше во надлежност на општините и пред започнувањето на процесот на децентрализација, но издавањето на решенијата за локациски услови, одобренијата за градење и одобренијата за употреба е нова надлежност на општините.

Исто така, нова надлежност на општините е и инспекцискиот надзор над спроведувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање и над Законот за градење.

За да можат општините да одговорат на новодобиените надлежности потребно беше да се организираат соодветни служби (сектори или одделенија), екипирани со соодветни стручни лица и опрема.

Во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање, надлежност на општините се урбанистичките планови (Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село и Урбанистички план надвор од населено место), додека Просторниот план е во надлежност на државата.

Согласно Законот за градење, градбите/објектите се поделени во пет категории, од кои првата и втората категорија се надлежност на државата, а третата, четвртата и петтата категорија се надлежност на општините.

ЗЕЛС и ФИООМ организираа мониторинг на процесот на децентрализација, со цел да се види како општините се справуваат со реализацијата на новата надлежност во областа на урбанистичкото планирање и да им се помогне на општините да ги согледаат слабите точки, за да ги поправат во иднина, да се поттикнат сами да вршат мониторинг на своето работење и со добиените сознанија да можат да извршат влијание врз законската регулатива, односно да се заложат за нејзино подобрување, а сè за да обезбедат ефикасна и брза услуга за граѓаните.

За да може да се изврши мониторингот, работната група при организаторот изготви прашалник и ги обучи лицата-набљудувачи за предметната материја.

Во 2008 година мониторингот опфати 12 општини (и големите и малите-рурални) општини.

Спроведен е мониторинг на процесот на издавање:

- извод од урбанистичкиот план;
- решение за локациски услови;
- одобрение за градење;
- одобрение за употреба, и
- инспекторирање на тие процеси.

Прашалникот од областа на урбанистичко планирање опфаќа 6 групи прашања со кои се опфатени:

- Организациската поставеност во општината;
- Издавањето извод од урбанистичкиот план;
- Издавањето решение за локациски услови;
- Издавањето одобрение за градење;
- Издавањето одобрение за употреба, и
- Инспекциски надзор од страна на градежната инспекција и урбанистичката инспекција во општините.

Од анализата на податоците, констатациите и заклучоците презентирани во извештајот, како и од усната презентација, се евидентираат одредени состојби во општините во областа на урбаното и руралното планирање, односно во процесот на издавање одобренија за градење:

- Генерално согледување од извештајот на мониторите е дека се одговорени сите поставени групи прашања со табеларен и со графички приказ, како и со кратки описи на состојбата, дека општините соработувале коректно и дека сите набљудувани општини доста добро ја извршуваат новата надлежност.
- Во сите општини се организирани сектори или одделенија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина. Во големите општини секторите и одделенијата се главно опремени со компјутерска опрема и со соодветен стручен кадар. Ситуацијата во малите општини е поделикатна од причина што малите општини не се доволно финансиски моќни, немаат стручен кадар кој живее во општината, а немаат ниту доволен обем на работа за да можат сами да ги организираат одделенијата. Од тие причини, во овие општини неретко едно стручно лице извршува работи од повеќе области, а во последно време се јавува тенденција на здружување во заеднички служби.
- Во однос на организацијата на инспекцискиот надзор ситуацијата е различна. Во големите општини се организирани сите инспекции (градежна и урбанистичка), додека во добар дел од малите општини воопшто нема инспектори, особено урбанистички инспектори. Причина е немањето стручен кадар, недоволниот или малиот обем на работа и немањето доволно финансиски средства. Таквата ситуација негативно се одразува на граѓаните, а и на работата на општините.
- По однос на надлежностите за издавање извод од урбанистичкиот план, решение за локациски услови и одобрение за градење, како и одобрение за употреба, општините си ги извршуваат надлежностите, во добар дел во роковите предвидени со законите. Мора да се напомене дека роковите течат од моментот на комплетирањето на целокупната документација. Има појава на задоцнување, која се должи на малиот број вработени, и масовна појава на прием на странки од страна на државните службеници во секое време од денот во нивните работни простории.

Од анализата на извештаите се констатирани и работи кои недостигаат или претставуваат ограничување во општините, а тоа се:

- Електронска архива на предметите, која во секој момент може да даде комплетни податоци;
- Предна и задна канцеларија со приемна просторија за странки, со што би се постигнала поголема ефикасност во работењето и подобра услуга на странките;
- Компјутерска опрема и програмски пакети, кои ќе овозможат квалитетни и ефикасни услуги;
- Немањето урбанистички планови или урбанистички планови кои се донесени многу одамна и не се со развојна компонента, не се усогласени со важечките закони и правилници;
- Едукација на општинската администрација за работа со компјутери и програмски пакети;
- Бесправно изградени објекти и цели станбени населби, за кои не се води евиденција, односно не се мапирани;
- Немање податоци за објектите (ГИС), и
- Недостаток на финансиски средства за изработка на урбанистички планови, нивно спроведување и реализација.

Препораки:

- Подобрување на организациската поставеност на секторите и одделенијата и воведување на современи техники на работење;
- Подобрување на кадровската и техничката опременост на општините;
- Подобрување на финансиската состојба;
- Проширување на знаењата на општинската администрација;
- Воведување на ГИС во сите општини и нивно поврзување во систем;
- Подобрување на законската и на подзаконската регулатива со усогласување со ЕУ регулативата, и
- Користење на искуствата од другите земји.
- Законска регулатива којашто директно се применува во процесот на урбанистичкото планирање:
- Закон за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02)
- Закон за градење (Службен весник на РМ бр.51/05, 82/08)
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05,137/07)
- Закон за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 38/05,111/08)
- Закон за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр. 82/08)

# Заклучоци и препораки од извршениот мониторинг на процесот на децентрализација во областа на образованието

Мониторингот на процесот на децентрализација во областа на образованието е спроведен врз основа на мерења во шест значајни подрачја од оваа дејност, и тоа:

1. организациската поставеност;
2. локалното управување со финансиските средства во образованието;
3. висината на цената на образовните услуги;
4. имотно-правниот статус на училиштата и грижата за училишните објекти;
5. опфатеноста на децата во основното и во средното образование,и
6. учеството на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила, во согласност со локалните потреби.

За секое подрачје се развиени соодветни индикативни показатели. Мерењето на показателите е насочено кон прибирање квалитативни и квантитативни податоци за капацитетите на општините за спроведување на новите надлежности. Истовремено, добиените податоци треба да дадат информации за сообразноста на обемот и содржината на пренесените надлежности со финансиските можности на општините.

Со мониторингот беа опфатени дванаесет општини, во временска рамка од четири сукцесивни години, при што секоја година е мониторирана одделно.

## Анализа на податоците

Првичните увиди од анализата на податоците упатуваат на два генерални заклучока:

- Квалитативните показатели во најголем број општини се успешно измерени за последните две години (2007 и 2008).
- Квантитативните податоци се добиени за помал број општини, главно за 2008 година, додека податоците за другите години се делумни и во неунифициран облик.

Несистематизираноста, делумноста, неунифицираноста и непрецизноста на добиените

податоци најверојатно се должат на:

- неможноста на мониторите да стигнат до вистинските извори на податоци;
- непостоењето евиденција или соодветна организираност на податоците од страна на одговорните органи и институции на локалната заедница;
- отсуството на соодветна обука или презентација на инструментот (индикаторите) за мониторите од страна на експертот задолжен за развивање на мерниот инструмент, и
- непрецизноста на индикаторите.

Квалитативните податоци добиени по пат на мерењата на селектираните показатели главно прикажуваат позитивни состојби, и тоа во делот на: организациската поставеност, кадровската екипираност и информатичко-техничката опременост на општините. За 70-80% од општините се дадени позитивни одговори на прашањата дали постојат лица или организациска единица одговорни за образовната дејност во општината, дали се предвидени работни места за локални просветни инспектори и дали располагаат со соодветна техничка опрема при извршувањето на своите обврски. Исто така, со приближно ист процент позитивно е одговорено во однос на обврската на општините за евиденција на училиштата и нивниот имот, преку водењето општински регистар на имотот. И на последната група прашања кои се однесуваат на учеството на образовниот сектор во креирањето квалификувана работна сила, во согласност со локалните потреби на пазарот на трудот, се добиени потврдни одговори за 70% од општините.

Податоците добиени преку овие прашања со категоријални да/не одговори претставуваат пред сè индикација за тоа дека постојат одредени активности и ресурси преку кои се имплементираат надлежностите, но не даваат информација и за обемот, квалитетот и ефективноста во извршувањето на преземените обврски на општините во областа на образованието.

За преостанатите четири подрачја на работа на локалниот образовен систем, коишто беа предмет на мониторирање, се добиени квантитативни податоци. Како што е претходно нотирано, овие податоци се прикажани на несистематски начин и во неунифициран облик, со што е оневозможена директна заедничка квантификација и компарирање. Анализирајќи ги одделно, по општини, сепак може да се дадат неколку генерални забелешки:

- почетната несразмерност на пренесените обврски и средствата добиени од страна на централната власт и определени преку висината на наменските и блок-дотации постепено се намалува, т.е. од година во година се зголемува висината на средствата добиени по пат на трансфери од централниот буџет;
- во првата година од процесот на децентрализација општините беа принудени да партиципираат со средства од општинските буџети за обезбедување на тековното одржување на училиштата;
- само мал процент средства, определени со финансиските планови на училиштата, биле насочени кон изведување на инфраструктурни зафати за помали реконструкции на училиштата;
- сосема е мал бројот на средствата што се издвојуваат за поголеми градежни инвестициски зафати во училиштата;
- цената на чинење на образовните услуги, изразена по ученик, драстично варира од една општина до друга;
- најголем дел од средствата добиени по пат на дотации се користат за подмирување на основните комунални трошоци;
- најголем број централни училишта располагаат со сопствена фискултурна сала, додека подрачните училишта во најголем број случаи немаат фискултурни сали;
- просечната старост на училишните објекти е околу 35 години;
- за најголем број општини не е добиен податок за вкупниот прилив на средства наменети за реализација на образовната дејност во училиштата;
- во општините не се води систематска евиденција за опфатот на учениците со посебни потреби, ниту пак евиденција за процентот на деца во рамките на една етничка заедница опфатени со локалниот образовен систем.

## Препораки:

Неопходно е општините да се стимулираат да развијат системи за прибирање, следење и ажурирање на податоците за одделни аспекти на функционирање на образовниот сектор. Индикаторите на кои се базира овој мониторинг можат да послужат како елементарен образец во стратегиите за организирање и ажурирање на податоците. Истовремено, треба да се укаже на потребата од воспоставување и надградување на процедурите за ефикасно буџетско работење, како главни инструменти преку кои општината ги остварува своите надлежности, политики и приоритети на полето на образованието. Имено, структурирањето на буџетскиот процес подразбира планирање, евиденција и следење преку континуирани споредби на финансиските и организациските податоци, како што се: наменска/блок-дотација по ученик, комунални услуги по ученик или по квадратен метар, трошоци за плати по вработен и сл.

Општините треба да се охрабрат во насока на преземање иницијативи за придобивање на бизнис-секторот кој ќе инвестира во образовниот сектор и за зголемување на можностите за поголеми градежни капитални инвестиции.

Со оглед на фактот дека оптималното кадровско и стручно екипирање, прикажано во резултатите, не е гаранција за успешно и компетентно извршување на новите надлежности, треба да се истакне потребата од високо специјализирани кадри способни да одговорат на сè поголемите барања и специфични одговорности во локалното управување со образовниот сектор.

И, на крај, особено е важно да се поттикне создавањето нови (институционализирани) форми на непосредна и ефективна соработка со државните органи и институции, во прв ред со Министерството за образование и наука, кои ќе овозможат прашањата од интерес за општините да се решаваат по пат на консензуален и продуктивен дијалог. Особено значајни подрачја за разграничување и прецизирање на надлежностите меѓу локалната и централната власт се: креирањето на уписните политики во средните училишта, реорганизацијата и оптимизацијата на училишните мрежи, креирањето на кадровската политика во училиштата и креирањето квалификувана работна сила, пред сè во согласност со локалните образовни потреби и барањата на пазарот на трудот.